**ФИНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

**за**

**ДРЖАВНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА РУДАРСКИ КОМПЛЕКС ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА КАТОДЕН БАКАР - "КАЗАНДОЛ" - ОПШТИНА ВАЛАНДОВО**

Овој извештај за стратегиска оцена на животната средина е изработен за потребите на операторот САРДИЧ МЦ, Скопје од страна на консултантската фирма ЕМПИРИА ЕМС, Скопје.

Април, 2015 година

**Содржина**

**ПОДАТОЦИ ЗА ПЛАНОТ И ЗА СТАТУСОТ НА ДОКУМЕНТОТ ..... 4**

**ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНО ЛИЦЕ И ТИМ НА ЕКСПЕРТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ..... 5**

**1. ВОВЕД ..... 6**

**2. КРАТОК ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА, ГЛАВНИТЕ ЦЕЛИ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ И ВРСКАТА СО ДРУГИ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ ..... 11**

2.1 Преглед на содржината на планскиот документ ..... 11
2.2 Опис на планскиот документ ..... 12
2.3 Главни цели на планскиот документ ..... 23
2.4 Врска со други плански документи ..... 24

**3. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖИВОТНА СРЕДИНА ..... 33**

3.1 Географска положба ..... 33
3.2 Климатско-метеоролошки карактеристики на подрачјето ..... 34
3.3 Геолошки карактеристики, сеизмика, релјеф ..... 35
3.4 Хидролошки карактеристики ..... 36
3.5 Почви ..... 38
3.6 Квалитет на амбиентен воздух ..... 38
3.7 Управување со отпад ..... 40
3.8 Бучава и вибрации во животната средина во подрачјето ..... 40
3.9 Пределска и биолошка разновидност ..... 42
3.10 Археолошки локалитети ..... 44
3.11 Инфраструктура ..... 45
3.12 Социо-економски карактеристики ..... 47

**4. СОСТОЈБА БЕЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ ..... 50**

**5. АНАЛИЗА НА АЛТЕРНАТИВИ ..... 51**

**6. ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ..... 52**

6.1 Цели на национално или меѓународно ниво релевантни за планскиот документ ..... 53
6.2 Цели релевантни за планскиот документ на локално ниво ..... 54

**7. ВЕРОЈАТНИ ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ..... 60**

7.1 Влијание врз население и човеково здравје ..... 60
7.2 Влијанија врз социо - економска состојба ..... 61
7.3 Влијанија врз квалитет на амбиентниот воздух ..... 61
7.4 Влијание врз квалитет на површински и подземни води ..... 62
7.5 Влијание врз почва ..... 63
7.6 Влијание поврзани со управување со отпад ..... 63
7.7 Влијание од бучава ..... 64
7.8 Влијание врз флора и фауна и врз предел ..... 64
7.9 Влијание врз културно и историско наследство ..... 64
7.10 Влијание од несреќи и хаварии ..... 65
7.11 Прекугранично влијание ..... 65

**8. ПРЕДВИДЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА, НАМАЛУВАЊЕ И НЕУТРАЛИЗИРАЊЕ НА НЕГАТИВНИТЕ ВЛИЈАНИЈА ..... 66**

8.1 Мерки за намалување на влијанието врз население и човеково здравје ..... 66
8.2 Мерки за намалување на влијанието врз социо-економска состојба ..... 66
8.3 Мерки за намалување на влијанието врз квалитет на амбиентен воздух ..... 66
8.4 Мерки за намалување на влијанието врз квалитет на површински и подземни води ..... 67
8.5 Мерки за намалување на влијанието врз почва ..... 68
8.6 Мерки за намалување на влијанието поврзани со управување со отпад ..... 69
8.7 Мерки за намалување на влијанието од бучава ..... 69
8.8 Мерки за намалување на влијанието врз флора и фауна и предел ..... 70
8.9 Мерки за намалување на влијанието врз културно и историско наследство ..... 70
8.10 Мерки за намалување на влијанија од несреќи и хаварии ..... 70
8.11 Мерки за намалување на прекугранични влијанија ..... 73

**9. ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ..... 74**

**10. УЧЕСТВО НА ЈАВНОСТА ВО ПОСТАПКАТА ..... 77**

**11. НЕ-ТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ ..... 80**

**12. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ..... 84**

**13. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ..... 85**

**14. ПРИЛОЗИ ..... 86**

Комуникација со органи вклучени во постапката за урбанизација ..... 86
Прилог 1 Документ за регистрирана дејност за изготвувачот ..... 87
Прилог 2 Потврда за положен стручен испит за СОЖС ..... 88
Прилог 3 Топографска карта на локацијата со граници на планскиот опфат ..... 89
Прилог 4 Комуникација со органи вклучени во постапката за урбанизација ..... 90
Прилог 5 План за површини за градење ..... 107
Прилог 6 Синтезен план ..... 108
Прилог 7 Ажурирана подлога ..... 109
Прилог 8 Одлука за спроведување на стратегиска оцена на животната средина ..... 110
Прилог 9 Јавно известување ..... 111
Прилог 10 Пристигнати коментари ..... 112
Прилог 11 Одговор на коментарите ..... 115
Прилог 12 Записник од јавната расправа ..... 120
Прилог 13 Листа на учесници на јавната расправа ..... 124

Кога се користи како референца, овој документ треба да се цитира како што следи:
"ЕМПИРИА ЕМС, Скопје (2015); Финален извештај за стратегиска оцена на животна средина за ДУПД за Рударски комплекс за производство на катоден бакар - "Казандол" - општина Валандово; за САРДИЧ МЦ

# Податоци за планот и за статусот на документот

Доставување на ФИНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА изготвен согласно Законот за животната средина на Република Македонија:

Подносител на барање:

| | |
|---|---|
| Име на подносителот на барањето: | САРДИЧ МЦ ДООЕЛ експорт импорт - Скопје |
| Адреса на подносителот на барањето: | ул. „Тодор Александров" бр. 11А<br>1000 Скопје, Македонија<br>тел.: + 389 (2) 2066 002 |
| во врска со: | Државна урбанистичка планска документација за Рударски комплекс за производство на катоден бакар - "Казандол" - општина Валандово |

Статус на документот:

| | |
|---|---|
| Статус на документот: | Финален извештај за стратегиска оцена на животна средина, за објавување и прегледување од надлежен орган |
| Одобрен од: | Билјана Сидеровска<br>Управител, ЕМПИРИА ЕМС ДООЕЛ Скопје |
| Датум: | 16 април 2014 година |
| Потпис: | |

# Податоци за одговорно лице и тим на експерти за изработка на стратегиска оцена на животната средина

Одговорно лице за изработка на извештајот:

| | |
|---|---|
| Име и презиме: | М-р Марјан Михајлов |
| Позиција: | Експерт за стратегиска оцена на животната средина |
| | e-mail: m.mihajlov@maneko.com.mk<br>тел. +389 76 298 297 |
| Овластување: | Сертификат за положен испит за стекнување на статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина бр. 07-1835/12, издадено од Министерството за животна средина и просторно планирање на 20.04.2010 |
| Датум: | 31 декември 2014 година |
| Потпис: |  |

Тим на експерти за изработка на СОЖС извештај:

М-р Константи Сидеровски, експерт за животна средина

Билјана Сидеровска, експерт за животна средина

Надежда Попова, дипломиран еколог

# 1. ВОВЕД

## Стратегиска оцена на животната средина

Стратегиската оценка на животната средина (СОЖС) претставува систематски процес за оценување на еколошките последици од предложената постапка, план или програма, со цел да се осигура дека тие целосно се вклучени и конкретно се однесуваат на најраните фази на донесување на одлуки на ниво со економски и социјални фактори[1]. Всушност, стратегиската оценка на животната средина е процес кој има за цел да ги интегрира еколошките и одржливите размислувања при донесување на стратегиски одлуки.

Целта на постапката за стратегиска оцена на животната средина е идентификација и анализа на влијанијата врз животната средина, животот и здравјето на луѓето кои би произлегле со имплементација на планскиот документ. Постапката се спроведува уште во фазата на планирање со цел уште во најраната фаза на подготовката на документот да се идентификуваат сите влијанија, односно да се предвидат соодветни мерки за елиминирање или контрола на влијанијата.

Постапката за стратегиска оцена на животната средина треба да обезбеди високо ниво на заштита на животната средина, спроведување на насоките од релевантни стратешки и плански документи и интегрирање на целите на животната средина во подготовката и усвојувањето на стратегии, планови и програми (плански документи), а во насока на промовирање на одрживиот развој.

СОЖС треба да:

- претставува средство за подобрување на активноста;
- го промовира учеството на јавноста во процесот на донесување одлуки;
- се фокусира на клучните еколошки/одржливи ограничувања;
- помогне при идентификувањето на најдобрата опција;
- го минимизира негативното влијание и оптимизира позитивното и да компензира за загубата на вредни карактеристики и придобивки;
- осигура дека активноста не ги надминува границите кои може да доведат до појава на иреверзибилна штета.

СОЖС претставува важен инструмент за помош за постигнување на одржлив развој во јавното планирање и креирање на политики. Придобивките од СОЖС вклучуваат:

- подршка на одржливиот развој;
- подобрување на базата на податоци за донесување на стратегиски оценки;
- договарање на консултации помеѓу засегнатите страни;
- насочување кон други процеси, како што е оценката на влијанието врз животната средина врз поединечни развојни проекти.

[1] Sadler and Verheem, 1996




**Слика** СОЖС е процес на донесување одлука што го зема во предвид широкиот спектар на перспективи, активности и ограничувања

Стратегиската оцена претставува формална и систематска оцена на значајните влијанија врз животната средина кои би произлегле со имплементацијата на предвидениот планскиот документ врз животната средина, но пред носење на одлуката за негово усвојување. Процесот на стратегиска оцена опфаќа:

- Определување на потреба од спроведување на СОЖС и донесување на Одлука за спроведување односно неспроведување на СОЖС
- Подготовка на Извештај за стратегиска оцена каде што значајните влијанија од планскиот документ се идентификувани и оценети;
- Консултации со засегната јавност, органот надлежен за работи од областа на животната средина и останатите органи засегнати со имплементацијата на планскиот документ;
- Интегрирање на социјалните, економските и аспектите на животната средина;
- Земање предвид на заклучоците од Извештајот и консултациите при финализирање на нацрт планскиот документ;
- Објавување на одлуката за усвојување на планскиот документ и како стратегиската оцена влијаела врз усвојувањето на документот.

Процесот на стратегиска оцена претставен по фази е даден на следниот дијаграм.




**Слика** Процедура на постапката на стратегиска оцена на животната средина

Спроведувањето на постапката следува по утврдување на потребата за спроведување СОЖС по пат на скрининг процедура каде врз основа на пропишани критериуми и документи се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врзживотната средина и врз здравјето на луѓето. Врз основа на тоа, органот што го подготвува планскиот документ е должен да донесе одлука за спроведување или не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите утврдени во прописот.

**Поставување на контекстот за СОЖС**

Контекстот на планскиот документ го определува обемот на СОЖС: кои прашања се важни, кои цели се реалистични, кои можни решенија може да ги обезбеди планот и кои информации се потребни за да се направат неопходните избори.

**Идентификување на рамката на СОЖС**

Во оваа фаза:

- се идентификуваат сите политики, закони и други планови и програми кои може да го засегаат планот за управувањето со дадената област.
- се анализираат последиците од истите по планот за управување. Други политики можеби диктираат одредени цели или ги ограничуваат можните решенија.

Рамката на СОЖС и врската на планскиот документ со други релевантни документи е дадено во поглавје 2.3 од овој извештај.

**Информации за појдовната состојба**

За да се идентификуваат прашањата и трендовите за животната средина кои се однесуваат на подрачјето засегнато со планскиот документ, потребно е да се соберат доволни информации. Појдовната состојба и показателот на тековните трендови ќе ги дадат информациите кои се потребни за:

- идентификување на проблемите (кои се меродавни за планот) и веројатното идно развивање на тие проблеми
- утврдување на референтната ситуација која ќе се искористи за споредување на алтернативите на ниво на остварување на целите и влијанието врз животната средина

Во оваа фаза потребно е:

- да се анализираат проблемите кои се меродавни за планот за управувањето и да се одреди нивната итност
- да се идентификуваат изворите и механизмте кои ги предизвикуваат овие проблеми и да се опишат несигурностите
- да се дискутираат проблемите, изворите и несигурностите со засегнатите страни и заедно да се определи контекстот на планот ( и на СОЖС). Ова е појдовната точка за фокусирање на работата во фазата на утврдување на обемот: дефинирање на целите и определување на алтернативите.

Појдовната состојба релевантна за предметниот плански документ е дадена во поглавје 4 од овој извештај.

**Придобивки**

СОЖС има за цел да обезбеди рамка за дејствување врз процесот на одлучување уште во најрана фаза кога планските документи (кои пак најчесто предвидуваат индвидуални проекти) се подготвуваат.

Подобрување на квалитетот на процесот на подготовка на плански документи:

- Олеснување на идентификацијата и оценката на алтернативи;
- Подигнување на јавната свест за влијанијата врз животната средина од планските документи, бидејќи секогаш не е возможно да се елиминираат негативните влијанија од одреден проект, оваа постапка помага во обезбедување на мерки за намалување на негативните влијанија што не може да се елиминираат;
- Поддршка при вклучувањето на мерливи таргети и индикатори, што ќе овозможи ефективен мониторинг на имплементацијата на планскиот документ.

Стратегиската оцена има за цел да обрне внимание и предупреди за големи и кумулативни ефекти од имплементацијата на планскиот документ, вклучувајќи го и влијанието од помалите индивидуални проекти вклучени со планот, а кои според својот праг не се опфатени со СОЖС постапката.

**Табела** Преглед на активностите по процедура (подготовка на плански документ / спроведување на стратегиска оцена)

| Фаза | ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТ | СОЖС |
|---|---|---|
| Првичен преглед | Подготовка на работни документи за клучните прашања | Определување на потреба од спроведување на СОЖС;<br>Донесување на Одлука за спроведување на СОЖС |
| Првични консултации со јавноста | Објавување на одлука за намера за подготовка на плански документ | Определување на обем и деталност на Извештајот |
| Подготовка на документација | Подготовка на нацрт плански документ | Подготовка на Извештај за стратегиска оцена |
| Консултации со јавноста | Јавен увид во планскиот документ | Јавен увид во Извештајот |
| | Јавна расправа | Јавна расправа |
| | Разгледување на забелешките | Идентификација на значајни забелешки |
| | Подготовка на извештај за јавната расправа и објава | Подготовка на извештај за јавната расправа и објава |
| Консултации со надлежен орган | Земање предвид на сите релевантни забелешки | Оценка на соодветноста на Извештајот |
| Комплетирање на процесот | Усвојување на планскиот документ и објава на одлука | Објава |
| Пост-фаза | Имплементација | Мониторинг на имплементацијата на планскиот документ |

# 2. КРАТОК ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА, ГЛАВНИТЕ ЦЕЛИ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ И ВРСКАТА СО ДРУГИ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ

## 2.1 Преглед на содржината на планскиот документ

Со Просторниот план на Р. Македонија се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат условите за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи. Со донесување на Планот донесен е и Закон за спроведување на Просторниот план на РМ, со што се уредуваат условите, начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот. Просторниот план се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови за региони, за подрачја од посебен интерес, како и со урбанистички планови за села и друга документација за планирање и уредување на просторот, предвидена со закон.

Согласно со Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.91/09), со државната урбанистичка планска документација може да се врши уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела во и вон планскиот опфат, како и уредување и користење на просторот во рамките на формирана градежна парцела, за градби утврдени со закон како градби од прва и втора категорија, а заради реализација на инвестициски проекти од значење за државата

Изготвувањето на планската докуменатција е извршено согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13,163/13 и 42/14) и во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12,126/12,19/13, 95/13, 167/13, 37/14 и 125/14) и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. Весник на РМ бр. 78/06 и 37/14) како и во согласност со чл.57 Законот за градење (Сл. Весник на РМ бр. 130/09,124/10,18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12,25/13, 79/13,137/13,163/13,27/14,28/14, 42/14, 115/14 и 149/140.

На барање на инвеститорот САРДИЧ МЦ ДООЕЛ експорт импорт - Скопје, ДПГИ Вектор 90 Томе ДООЕЛ Струмица изработи државна урбанистичка планска документација за Рударски комплекс за производство на катоден бакар - "Казандол" - општина Валандово. Основа за изработка на државна урбанистичка планска документација е стратегијата за развој и наменската употреба на земјиштето утврдена со усвоениот Просторен план на РМ 2004 -2020 год.

Државна урбанистичка планска документација за Рударски комплекс за производство на катоден бакар - "Казандол" - општина Валандово се изработува за локација дефинирана со линија и прекршни точки, во рамки на земјиште кое е сопственост на државата, но е дадено под концесија на самиот инвеститор, САРДИЧ МЦ ДООЕЛ експорт импорт - Скопје.

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, државната урбанистичка планска документација, како плански документ се изработува во две фази односно како Нацрт план и Предлог план. Урбанистички план согласно Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Службен весник на РМ бр. 78/06) се состои од:

I. Документациона основа, и
II. Планска документација

**Документационата основа содржи:**

- Географско и геодетско определување на подрачјето на планскиот опфат;
- Историјат на планирање и уредување на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина;

- Податоци за природни чинители;
- Податоци за создадени вредности;
- Инвентаризација на изграден градежен фонд и вкупна физичка супраструктура
- Инвентаризација на и снимање на постојни споменични целини, градби од културно-историско значење и културни предели (заштитно конзерваторски основи)
- Инвентаризација на изградена комунална инфраструктура
- Инвентаризација на бесправно изградени градби
- Анализа на степен на реализација на важечки урбанистички план
- Анализа на можностите за просторен развој
- Извод од план од повисоко ниво
- Графичка документација

**Планската документација содржи:**

- Вид на план, назив на подрачје на плански период и плански период
- Географска и геодетска местоположба на планскиот опфат
- Текстуални одредби од изводот од план од повисоко ниво
- Планска програма
- Опис и образложение на планираниот технолошки процес и планскиот концепт
- Опис и образложение на планските решенија за изградба
- Економско образложение на планираното решение
- Мерки за заштита на животната средина и природата, мерки за заштита и спасување
- Услови за градење

Основа за изработка на Државната урбанистичка планска документација за Рударски комплекс за производство на катоден бакар - "Казандол" - општина Валандово се:

- ажурирани геодетски подлоги;
- детални геолошки истражувања на минерални суровини, преку геолошки и хидрогеолошки испитувања
- податоци добиени од комунални служби;
- податоци добиени од други стручни служби;
- Просторен план на Р.М.

Планскиот опфат кој е предмет на изготвување на Државна урбанистичка планска документација за Рударски комплекс за производство на катоден бакар - "Казандол" - општина Валандово е во рамките на Просторниот план на Република Македонија, донесен во 2004 год. Опфатот не подлежи на предходна урбанистичка планска документација.

Извештајот за стратегиска оцена се изработува согласно обврските дадени во Законот за животна средина, а по мислење на доносителот на планскиот документ, одобрено од Министерство за животна средина и просторно планирање. Постапката за стратегиска оцена на животната средина се спроведува согласно одлуката за спроведување на СОЖС процедура (арх бр.24-4280) донесена од страна на доносителот на планскиот документ, Министерството за транспорт и врски.

## 2.2 Опис на планскиот документ

### 2.2.1 Постоечка состојба во планскиот опфат

ДУПД за Рударски комплекс за производство на катоден бакар - "Казандол " - општина Валандово, е изработена врз основа на просторните можности на локацијата, постојната состојба, Ажурираната геодетска подлога, Планската програма и одредбите кои произлегуваат од Просторниот план на Р. Македонија.

Планската документација е изготвена согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14 и 125/14) и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Службен весник на РМ бр. 78/06 и 37/14).

Целта на планската документација е дефинирање на градежна парцела за изградба на објектите во рамките на комплексот на планираниот рудник, како и утврдување на општите и посебните Услови за градење во границите на новоформираната парцела.

**Географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат**

Просторот дефиниран за изработка на Државната урбанистичка планска документација за Рударски комплекс за производство на катоден бакар-"Казандол", општина Валандово, се наоѓа јужно од градот Валандово, на оддалеченост од околу 3,5 километри и на растојание од околу 1,0 км од с. Казандол,надвор од планскиот опфат на селото, како и на други урбанистички плански документации.

Површината на планскиот опфат изнесува 283,461 ха. Теренот е во благ пад кој се движи од 108-122м. надморска височина. Пристапот до парцелата е обезбеден од постоечки земјан пат кој се надоврзува на општинскиот пат за с. Казандол.

Планскиот опфат ги зафаќа катастарските парцели со KP br. 3579 , 3532, 3580, 3538, 3533, 3527, 3584, 3583, ,3586, 3585, 3581 како и делови од парцелите со КП бр. 3529, 3528, 3531, 3605, 3604, 3526, 3509, 3508/1, 3582, КО Валандово вон град како и КП 632, 633, 631, 600, 295, 634, 589, 592/5, 592/3,592/4, 626/2, 626/3, 626/4, 1025, 1026, 591, ,590 како и делови од парцелите со КП бр.686/1,627, 601, 594, 593, 687, 592/1, 626/1, 579, 586, 689, 1024, 602, 588, 628 во КО Казандол, општина Валандово.

Планскиот офат од сите страни граничи со површини опфатени со Договорот за Концесијата за експлоатација на руда.

Границата на планскиот опфат е претставена описно со координатите по X и Y на секоја прекршна точка од реден број Т1 до Т11.

Координати на планскиот опфат:

| | | |
|---|---|---|
| Т1 | 629941.894 | 573200.000 |
| Т2 | 630497.285 | 573200.000 |
| Т3 | 630510.404 | 573107.319 |
| Т3а | 630491.522 | 573107.319 |
| Т3б | 630494.074 | 572957.538 |
| Т4 | 630530.790 | 572910.095 |
| Т5 | 631882.114 | 571908.983 |
| Т6 | 631740.664 | 571094.899 |
| Т7 | 631341.343 | 571014.443 |
| Т8 | 631030.951 | 571065.446 |
| Т9 | 630819.994 | 571058.194 |
| Т10 | 630439.701 | 570982.422 |
| Т11 | 629963.668 | 571704.364 |

**Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат**

Планскиот опфат за Рударски комплекс за производство на катоден бакар - "Казандол", општина Валандово досега не бил предмет на урбанизација. На предметната локација нема постојни градби.

Според усвоената Планската програма, поведени се активности за урбанизирање на конкретниот простор и дефинирање на градежна парцела за потребите на комплексот на Рудникот.

**Податоци за создадените вредности и чинители**

Планскиот опфат се наоѓа надвор од градежниот опфат на с. Казандол како и надвор од простори урбанизирани со други плански документации. Катастарските парцели во рамките на планскиот опфат во целост се во државна сопственост.

Пристапот до парцелата е обезбеден од постоечки земјан пат кој се надоврзува на општинскиот пат за с. Казандол. Од инфраструктурната мрежа, постојат високонапонски електрични водови.

Теренот е ритчест категоризиран како шумско земјиште.

**Инвентаризација и снимање на изградениот  градежен фонд и вкупната физичка супраструктура**

На предметната локација нема постојни градби.




**Слика** Инвентаризација на градежен фонд

**Инвентаризација и снимање на постојни споменички целини и градби од културно-историско значење и културни предели**

На локацијата не постојат градби или споменички целини од културно-историско значење, ниту културни предели значајни од заштитно - конзерваторски аспект.

**Инвентаризација и снимање на изградена комунална инфраструктура**

Од инфраструктурната мрежа, постојат високонапонски електрични водови чии траси се прикажани во графичките прилози. Пристапот до парцелата е обезбеден од постоечки земјан пат кој се надоврзува на општинскиот пат за с. Казандол.

**Инвентаризација и снимка на бесправно изградени градби**

Во подрачјето на опфатот не постојат бесправно изградени градби.

**Анализа на степенот на реализација на важечката урбанистички документација**

Планскиот опфат не бил предмет на урбанизација и не постојат споредбени параметри.

**Анализа на можностите за просторен развој**

Изградбата на планираниот Рударски комплекс за производство на катоден бакар ќе предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфаструктурна опременост и уредување на просторот како и на економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување. Со самата реализација на објектот се придонесува за развој на подрачјето како и привлекување на нови инвестиции. Со тоа директно се поттикнува економскиот развој на Општината.

Ова се подразбира доколку се базира на принципите на одржлив развој и со максимално почитување и вградување на нормативите и стандардите за заштита на животната средина.

### 2.2.2 Плански концепт во планскиот опфат

Државната урбанистичка планска документација со основна класа на намена Г1-тешка индустрија за изградба на Рударски комплекс "Казандол" за производство на катоден бакар, КО Казандол и КО Валандово во општина Валандово се изработува врз основа на просторните можности на локацијата, постојната состојба, Ажурираната геодетска подлога, Планската програма и одредбите кои произлегуваат од Просторниот план на РМакедонија.

Изготвувањето на планската докуменатција се врши согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13,163/13 и 42/14) и во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12,126/12,19/13, 95/13, 167/13, 37/14 и 125/14) и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. Весник на РМ бр. 78/06 и 37/14) како и во согласност со чл.57 Законот за градење (Сл. Весник на РМ бр. 130/09,124/10,18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12,25/13, 79/13,137/13,163/13,27/14,28/14, 42/14, 115/14 и 149/140.

Цел на Државната урбанистичка планска документација е да дефинира градежна парцела за изградба на објектите во рамките на комплексот на планираниот Рудник, како и да ги утврди општите и посебните Услови за градење во границите на новоформираната парцела. Предмет на работа е наведената градежна парцела.

Сите поединечни елементи на планот да содржат текстуален дел со нумерички показатели за постојната и планираната состојба како и потребен број графички прилози.
Условите за градење да се дефинираат во склад со важечките Закони и Правилници како и Просторниот план на Република Македонија, и детално да се дефинираат сите комунални параметри за идни градежни активности во границите на планскиот опфат.

### Географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат

Просторот дефиниран за изработка на Државната урбанистичка планска документација за Рударски комплекс за производство на катоден бакар-"Казандол", општина Валандово, се наоѓа јужно од градот Валандово, на оддалеченост од околу 3,5 километри и на растојание од околу 1,0 км од с. Казандол,надвор од планскиот опфат на селото, како и на други урбанистички плански документации.

Површината на планскиот опфат изнесува 283,461 ха. Теренот е во благ пад кој се движи од 108-122м. надморска височина. Пристапот до парцелата е обезбеден од постоечки земјан пат кој се надоврзува на општинскиот пат за с. Казандол.

Планскиот опфат ги зафаќа катастарските парцели со КР br. 3579 , 3532, 3580, 3538, 3533, 3527, 3584, 3583, ,3586, 3585, 3581 како и делови од парцелите со КП бр. 3529, 3528, 3531, 3605, 3604, 3526, 3509, 3508/1, 3582, КО Валандово вон град како и КП 632, 633, 631, 600, 295, 634, 589, 592/5, 592/3,592/4, 626/2, 626/3, 626/4, 1025, 1026, 591, ,590 како и делови од парцелите со КП бр.686/1,627, 601, 594, 593, 687, 592/1, 626/1, 579, 586, 689, 1024, 602, 588, 628 во КО Казандол. општина Валандово.

Планскиот офат од сите страни граничи со површини опфатени со Договорот за Концесијата за експлоатација на руда.
Во графичките прилози границата на планскиот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки означени со редни броеви. Границата на планскиот опфатот е претставена описно со координатите по X и Y на секоја прекршна точка од реден број Т1 до Т11.

Координати на планскиот опфат:

| | | |
|---|---|---|
| Т1 | 629941.894 | 573200.000 |
| Т2 | 630497.285 | 573200.000 |
| Т3 | 630510.404 | 573107.319 |
| Т3а | 630491.522 | 573107.319 |
| Т3б | 630494.074 | 572957.538 |
| Т4 | 630530.790 | 572910.095 |
| Т5 | 631882.114 | 571908.983 |
| Т6 | 631740.664 | 571094.899 |
| Т7 | 631341.343 | 571014.443 |
| Т8 | 631030.951 | 571065.446 |
| Т9 | 630819.994 | 571058.194 |
| Т10 | 630439.701 | 570982.422 |
| Т11 | 629963.668 | 571704.364 |

### Опис и образложение на планираниот технолошки процес и планскиот концепт

Со планската документација се утврдува намената на земјиштето како основна класа на намена Г – Производство, дистрибуција и сервиси, односно посебна класна на намена Г1 – Тешка и загадувачка индустрија. Се урбанизира земјиштето, со дефинирање на градежна парцела на земјиште на кое Инвеститорот склучува Договор за Концесија за експлоатација на руда.

Во рамките на планскиот опфат се планира изградба на Рударски комплекс за производство на катоден бакар.

Според изготвениот рударски проект и планираниот технолошки процес, во рамките на Комплексот се планирани следните содржини:

- Површински коп за ископ на руда со организиран руднички круг,
- Одлагалиште за лужење на руда,

- Хидротехнички објекти - Акумулации за вода и технолошки раствори за потребите на технолошкиот процес на обработка на рудата,
- Погон за производство на катоден бакар

Технолошкиот процес на експлоатација ќе се одвива преку спроведување на следните работни операции:

- Дупчечко – минерски работи,
- Товарање и транспорт на руда и јаловина,
- Одлагање на јаловината.

За одложување на јаловина ќе биде дефинирана посебна локација во рамките на опафот на која ќе се формира надворешно одлагалиште.

Комплексот ќе произведува до 4.000 тони бакар на годишно ниво.

Целокупниот технолошкиот процес за производство на катоден бакар вклучува два посебни функционални сегменти:

(i) геотехнолошки комплекс и
(ii) преработувачки комплекс.

Со планската документација се дефинираат сите урбанистички, архитектонски и комунални параметри за изградба на објекти во рамките на Комплексот според дефинираната намена.

Имајќи во предвид дека се работи за комплекс на градби и инфраструктурни инсталации, во оваа фаза на планирање целиот плански опфат се дефинира како една градежна парцела, со дефинирана максимална површина за градење во рамките на која се планираат градби. Деталната разработка на планската диокументација во фазата Архитектонско-урбанистички проект ќе ја третира комплетната внатрешна организација на Комплексот со диспозиција на сите планирани градби и површини со поединечни намени.

Пристапот до парцелата е обезбеден од постоечки земјан пат кој се надоврзува на општинскиот пат за с. Казандол. Дозволената максимална висина на градбите се дефинира на 20 m. Катноста на планираните градби не се дефинира. Таа е условена од потребите на технолошкиот процес.

Имајќи во предвид дека се планира изградба на повеќе градби во рамките на Комплексот, во понатамошната разработка на планската документација со Архитектонско-урбанистички проект, детално ќе бидат дефинирани висините на сите планирани градби.

**Опис и образложение на планските решенија за изградба**

Планскиот концепт е изработен во склад со зададената Планска програма, како и сознанијата од Документационата основа. Со изработката на Државната урбанистичка планска документација се урбанизира земјиштето со дефинирање на градежна парцела на земјиште на кое Инвеститорот склучува Договор за Концесија за експлоатација на руда.

Со Државната урбанистичка планска документација се утврдува намената на земјиштето како основна класа на намена Г – Производство, дистрибуција и сервиси, односно посебна класна на намена Г1 – Тешка и загадувачка индустрија.

Со планската документација се дефинираат сите урбанистички, архитектонски и комунални параметри за изградба на објекти во рамките на Комплексот според дефинираната намена.

Имајќи во предвид дека се работи за комплекс на градби и инфраструктурни инсталации, во оваа фаза на планирање целиот плански опфат се дефинира како една градежна парцела, со

дефинирана максимална површина за градење во рамките на која се планираат градби. Деталната разработка на планската диокументација во фазата Архитектонско-урбанистички проект ќе ја третира комплетната внатрешна организација на Комплексот со диспозиција на сите планирани градби и површини со поединечни намени.

Пристапот до парцелата е обезбеден од постоечки земјан пат кој се надоврзува на општинскиот пат за с. Казандол. За потребите од пристап во рамките на Комплексот, изработен е посебен проект за Инфраструктура, и Извод од него е составен дел на предметната Документација.

Имајќи во предвид дека со планираниот Комплекс се прекинуваат одредени постоечки пристапи до поединечни приватни парцели, (во северниот дел од планскиот опфат) при дефинирањето на границите на градежната парцела како и на планскиот опфат, водено е сметка границите на Комплексот да бидат повлечени за минимум 3,5м од најблиските граници на приватните парцели, како би се создале реални услови несметан пристап до парцелите и нивно понатамошно користење.

Дозволената максимална висина на градбите се дефинира на 20 метри. Катноста на планираните градби не се дефинира. Таа е условена од потребите на технолошкиот процес. Имајќи во предвид дека се планира изградба на повеќе градби во рамките на Комплексот, во понатамошната разработка на планската документација со Архитектонско-урбанистички проект, детално ќе бидат дефинирани висините на сите планирани градби.

Со општите и посебни услови за градење дефинирани се условите за градење во предвидената градежна парцела.

### *Плански опфат*

Државната урбанистичка планска документација за Рудник за бакар во Ко Валандово вон град и КО Казандол, општина Валандово, е изработена за плански опфат дефиниран со линија и прекршни точки дефинирани со координати, во рамки на земјиште кое е во државна сопственост. Планскиот опфат зафаќа вкупна површина од 287,5967 ха.

### *Регулациона линија*

Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба. Во графичките прилози означена е регулационата линија со детално котирање на растојанија до градежните линии. Во конкретниот случај Регулационата линија се поклопува со границата на градежната парцела.

### *Градежна парцела*

Планскиот опфат е составен од 1 градежна парцела со површина од 287,5967 ha.

### *Наменска употреба на земјиште*

Со Државната урбанистичка планска документација се дефинира наменската употреба на земјиштето. Дефинирањето е според Член 25-34 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање- (Сл. Весник на РМ бр. 63/12,126/12,19/13, 95/13, 167/13, 37/14 и 125/14)

Планираните градби во рамките на планскиот опфат се со основна класа на намени Г – Производство, дистрибуција и сервиси, односно посебна класна на намена Г1 – Тешка и загадувачка индустрија.

Поединечната намена на сите површини и градби во рамките на Комплексот подетално ќе се дефинира со Архитектонско-урбанистички проект.




**Слика** Регулационен план




**Слика** Инфраструктурен план

### *Градежна линија*

Површината за градење на новопредвидените градби е дефинирана со градежни линии на начин прикажан во графичките прилози. Во графичките прилози означени се градежните линии, со детално котирање на растојанијата помеѓу нив и регулационите линии односно кон границите на градежната парцела. При дефинирањето на градежните линии посебно е водено сметка за почитување на заштитниот појас на постоечките високонапонски далноводи.

### *Површина за градење*

Со предвидената површината за градење се дефинирани максималните граници во кои може да се движат габаритите на планираните градби. Во конкретниот случај, дефинираната површина за градење ги опфаќа сите наведени содржини во Комплексот. Со Архитектонско-урбанистичкиот проект ќе се дефинираат сите поединечни површини по намена.

### *Максимална височина*

Дозволената максимална висина на градбите се дефинира на 20 m. Катноста на планираните градби не се дефинира. Таа е условена од потребите на технолошкиот процес.

### *Процент на изграденост*

Процентот на изграденост на земјиштето (П) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба. Истиот се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градба и вкупната површина на градежното земјиште изразен во процент.

### *Коефициент на искористеност*

Коефициентот на искористеност на земјиштето (К) е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште и се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени спратови под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во проценти.

### *Сообраќај*

Сообраќајното решение е усогласено со условите на локацијата, како и со потребите за несметан пристап и маневрирање на товарни возила и автомобили. Пристапот до парцелата е обезбеден од постоечки земјан пат кој се надоврзува на општинскиот пат за с. Казандол.

Општинскиот пат за с. Казандол е изграден како асфалтен пат со ширина на коловоз од 3,0м. Имајќи го во предвид фактот дека со функционирањето на Рудникот се зголемува фрекфенцијата на возила, како и тоа дека возилата ќе бидат главно товарни, пред изработката на предметната ДУПД, Инвеститорот има изготвено Проект за Инфраструктура за проширување и реконструкција на општинскиот пат на потегот од приклучокот со патот Марвинци-врска Р-1105 до планираниот влез во рудникот. Составен дел на Проектот за Инфраструктура е и делот од патот -од приклучокот на општинскиот пат за с. Казандол- до влезот во градежната парцела на Рудникот со придружен паркинг надвор од границите на градежната парцела. За наведените сообраќајници изработени се е и Основни проекти.

Паркирањето ќе се решава делумно на планираниот паркинг надвор од градежната парцела, и делумно во рамките на градежната парцела. Потребниот број на паркинг места во рамките на градежната парцела ќе се дефинира со Проектната Програма во фазата Архитектонско-урбанистички проект.

Прилог на планската документација е Извод од одобрениот Проект за Инфраструктура. И општинскиот пат и приклучокот за влез во градежната парцела на Рудникот се планирани со

ширина на коловоз од 5,5 м и двострани банкини по 0,5 м. димензионирани според Правилникот за техничките елементи за изградба и реконструкција на јавните патишта и објектите на патот. Сообраќајот во рамките на комплексот ќе биде предмет на работа на понатамошните фази на изработка на проекти за добивање одобрение за градење.




**Слика** Сообраќаен план

### *Нивелмански план*

Нивелетата на патот и паркингот на влезот во планскиот опфат, се дефинирани со Проектот за Инфраструктура-усвоен во посебна постапка. Нивелетата на индустрискиот двор ќе се усогласи со дефинираната нивелетата во наведениот Проект.

### **Комунална инфраструктура**

### *Водовод*

Снабдувањето со вода се планира од артерски бунари во рамките на локацијата. Бројот на бунарите и нивната издашност ќе бидат утврдени врз основа на потребите на комплексот и резултатите од хидро-геолошки истражни работи кои се преземени на конкретниот локалитет.

### *Канализација*

Во рамки на Комплексот ќе се јават технолошки, атмосферски и фекални отпадни води. Во рамките на комплексот се планира изградба на три акумулациони езера- за чиста вода, за вода за преработка на руда и езеро за спречување хаварии.

Не се предвидува испуштање на загадени отпадни води од ниеден вид надвор од Комплексот ниту во површински води или во почва во неговите граници. За таа цел, ќе биде воспоставен хидротехнички систем за управување и третман на атмосферски води во целиот опфат на комплексот, како и систем за управување со комунални отпадни води преку станица за пречистување на отпадни води. Технолошките отпадни води и искористените раствори за

лужење од производствениот комплекс за катоден бакар ќе бидат континуирано реупотребувани во процесот на подготовка на раствор за лужење и, според тоа,нема да се испуштаат во природен реципиент. Дополнително, ќе бидат спроведени мерки за контрола на ова влијание - изградба на базени за акумулирање на раствори за лужење. За заштита на подземните води, во состав на овие базени ќе бидат изведени заштитни подлоги.

Деталната разработка на внатрешната инфрструктурна мрежа ќе биде предмет на работа на Архитектонско-урбанистичкиот и Основните проекти.

***Електрична мрежа и телефонска мрежа***

Од комунална инфраструктура во рамките на планскиот опфат, постојат високонапонски електрични далноводи чии траси се прикажани во графичките прилози. При дефинирањето на површината за градење, водено е сметка за наведените далноводи и предвиден е заштитен појас за градење од 15 m мерен од осовината на далноводот.

Приклучоците на електричната мрежа ќе се изведат во склад со условите кои ќе бидат зададени од надлежното електростопанско претпријатие, а се во склад со техничките прописи за ваков вид на инсталација.

Телефонска мрежа во рамките на планскиот опфат не постои. Приклучоците на телефонска мрежа ќе се изведат во склад со условите дадени од надлежна институција и во склад со техничките прописи за ваков вид на инсталација, со претходна изработка на Проекти за инфраструктура.

***Хортикултура и партер***

Со функционирањето на Рудникот може да се очекува уништување на вегетацијата на просторот на рударскиот комплекс кој ќе биде зафатен со индустриски активности, во тек на изградбата, но и во тек на оперативната фаза. Затоа, неопходно е влијанијата да се ограничат само на површините неопходни за спроведување на активностите во опфатот на комплексот и да се води сметка да не настанат дополнителни непотребни нарушувања.

Во прилог на уреденост на пределот и неговите визуелни аспекти, како и спречување на влијанија од комплексот кон околинтата, се предвидува изведба на појас од заштитно зеленило на северната и источната граница на градежната парцела со ширина од 20 m.

Внатрешните сообраќајни површини и паркинзи се предвидува завршно да се обработат со асфалт, одделени од околните површини со бетонски ивични ленти. Вегетацијата на сите слободни неизградени делови од градежната парцела кои се надвор од просторот неопходен за функционирање на Комплексот и се надвор од појасот на експлоатација и преработка на рудата ќе се задржи и дополнително да се посади со ниско и високо зеленило.

**Посебни услови за изградба**

***Градежната парцела со бр. 1***

**Група на Класи на намени:** Г - Производство, дистрибуција и сервиси
**Основна Класа на намени:** Г1 - Тешка индустрија
**Површина на градежна парцела:** 287,5967 ha
**Површина за градба:** 60 000 m²
**Вкупна изградена површина** 60 000 m²
**Коефициент на искористеност (К):** 0,02
**Процент на изграденост (%):** 2%
**Максимална висина до завршен венец:** 20.0 m
**Максимален број на катови:** ќе се дефинира со Основниот проект.

**Градежни линии:** Минималното растојание помеѓу градежната линија и страната на градежната парцела изнесува 4,0 m.
**Потребен број на паркинг места:** Ќе се дефинира на ниво на Архитектонско-урбанистички проект, во согласност со потребите на Инвеститорот и чл. 55-61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14 и 125/14)

Ажурираната подлога дадена е во прилог 6. Синтезниот план даден е во прилог 7.

**Нумерички дел**

**Нумерички показатели**

Површината на планскиот опфат е 287,5967 ha.

| Број на Градежна Парцела (Г.П.) | Група на класа на намена | Основна класа на намена | Поединечна намена | Површина на парцела ($m^2$) | Максимална површина за изградба во утврдениот простор за градба ($м^2$) | Вкупна изградена површина по катови ($m^2$) | Максимална висина на хоризонтален венец на кров | Катност | Процент на изграденост (%) | Коефициент на искористенотс (к) | Потребен број на паркинг места |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Г | Г1 | Рударски Комплекс за производство на катоден бакар | 2.875 967 $m^2$ | 60000$m^2$ | 60000$m^2$ | 20m | Ќе се дефинира со Основен проект | 2% | 0.02 | ЌЕ СЕ ДЕФИНИРА СО АУП (според ч.53-59 од Правилникот за Стандарди и Нормативи за Урбанистичко Планирање (Службен весник на РМ бр. 63/12,126/12,19/13, 95/13, 167/13, 37/14 и 125/14) |

## 2.3 Главни цели на планскиот документ

Државната урбанистичка планска документација, која е основен развоен документ, има крајна цел да ја дефинира градежната парцела за изградба на објектите во рамките на комплексот на планираниот Рудник, како и да ги утврди општите и посебните Услови за градење во границите на новоформираната парцела преку достигнување на следните цели:

- рационално користење на земјиштето;
- естетско-композициско уредување на просторот;
- максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот;
- почитување и надградување на пејсажните вредности;
- почитување и валоризација на културното и градителско наследство;
- вградување заштитни мерки;
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето;

Крајна цел на една државната урбанистичка планска документација е да се врши уредување на просторот со определување на градежна парцела како и уредување и користење на просторот во парцелата.

Изградбата на планираниот Рударски комплекс за производство на катоден бакар ќе предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфаструктурна опременост и уредување на просторот како и на економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување. Со самата реализација на објектот се придонесува за развој на подрачјето како и привлекување на нови инвестиции. Со тоа директно се поттикнува економскиот развој на општина Валандово.

## 2.4 Врска со други плански документи

Просторното и урбанистичкото планирање е континуиран процес, кој се обезбедува со изработување, донесување и спроведување на просторни и урбанистички планови, со цел да се обезбеди уредување и хуманизација на просторот и заштита и унапредување на животната средина и природата.

Планскиот опфат третиран со оваа државна урбанистичка планска документација не е претходно третиран со никаква претходна урбанистичка планска документација.

Основа за изработка на Државна урбанистичка планска документација е стратегијата за развој и наменската употреба на земјиштето утврдена со усвоениот Просторен план на РМ 2004-2020 од. Изводот од ПП на РМ е составен дел на оваа Државна урбанистичка планска документација.

Во насока на анализа на врската на имплементацијата на планскиот документ со други повисоки и поврзани стратешки документи, анализирани се повеќе релевантни планови и програми на локално, регионално и национално ниво. Во прилог се дадени детали за нивната врска со реализацијата на планскиот документ.

Според податоците од SWOT анализата направена во стратешката програма за развој на југоисточниот регион 2009 – 2013 (актуелна програма), главни идентификувани проблеми за регионот се:

- Недостаток на финансиски средства за развој на земјоделството,
- Слабо управување со водните ресурси – големи загуби во водоводните мрежи,
- Непостоење регионална стратегија за управување со цврст отпад,
- Државна стратегија за економски развој,
- Застарена земјоделска механизација и технологија во преработувачката индустрија,
- Несоодветна едукација – според потребите на пазарот

Како заклучоци на оваа програма, релеватни за проектниот документ, потенцирано е следното:

- Зајакнување на регионалните човечки ресурси и институции за искористување на ИПА фондовите,
- Да се искористи регионалната и прекуграничната соработка за развој на туризмот, земјоделството, соработката на МСП,
- Воведување ЕУ стандарди за квалитет кај сите производители,
- Да се формираат регионални здруженија, асоцијации, тренинг центри,
- Да се формира/зајакне регионалната агенција за економски развој – и да се подобри соработката меѓу централната и регионалната/локалната власт,
- Да се зголеми примарното земјоделско производството,
- Да се здружат примарните земјоделци и да се регистрираат примарните земјоделци - преодна форма,
- Целосно искористување на ИПАРД фондовите од ЕУ,
- Потреба од поинтензивно изучување странски јазици,
- Изучување на информатичка технологија,

- **Промовирање на регионот и привлекување странски инвеститори (во земјоделството и во туризмот),**
- Повеќе работилници за невработените - Да се преквалификуваат невработените според потребите на пазарот,
- Подобрување на соработката меѓу Агенцијата за вработување и ЛЕР центрите/ регионалните центри,
- Заштита на речните текови (од Струмички Слив),
- Изградба на регионална депонија и управување со цврст отпад,
- Да се подобри патната инфраструктура,
- **Да се подобри регионалната бизнис клима,**
- Да се формираат Агроберза и дистрибутивни центри (ЈПП),
- Да се искористат и поддржат програмите и проектите за алтернативните извори на енергија,
- **Да се развијат регионалните и локални индустриски зони,**
- Да се искористат и поддржат програмите и проектите за развој на селскиот, културно историскиот и бањскиот туризам

Според оваа Програма, една од најважните регионални гранки на развој е земјоделството. Во SWOT анализа, потенцирани се следните закани:

- Недеклариран семенски и саден материјал,
- **Загадени водни изворишта,**
- Неконтролирана употреба на пестициди и минерални ѓубрива,
- Глобализација на пазарите – нелојална конкуренција,
- Увоз на евтини земјоделски производи од Турција,
- Високи цени за сточна храна,
- Нелојална конкуренција,
- Нерегистрирани фармери,
- Високи стандарди на ЕУ HACCP,
- **Пренамена на пасиштата во обработлива или градежна површина,**
- Скапа опрема и нејзино одржување,
- Зголемување на цената на електрична енергија о Високи кредитни камати

Во однос на стопанството, Програмата како слаби страни и закани ги идентифувала следните работи:

- Непланско производство,
- **Бавен технолошки развој,**
- Непостоење инвестиции,
- Недостаток на финансии,
- Слаб бонитет,
- Несоодветна професионална ориентираност,
- Недоволен број стручен профил на кадри,
- **Непостоење центри за кариера,**
- Слаба мобилност на трудов инспекторат,
- **Голем број невработени без стручна квалификација**
- Работа на црно,
- Сива економија,
- Непостоење анализа на пазар на труд,
- Слаба координација меѓу работодавци и работници

**Закани**

- Сива економија,
- Високи банкарски камати,
- **Стареење на населението,**
- **Одлив на млади кадри – brain drain,**
- **Мал број инвестиции и странски вложувања**

Во однос на животната средина, Програмата ги идентификувала следните слаби страни/закани:

- **Неадекватни депонии,**

- **Непостоење регионална депонија,**
- **Непостоење фабрика за рециклирање и искористување на отпадот,**
- Непостоење места за депонирање на мрши и конфискати од стока,
- Застарена механизација за собирање отпад,
- Слаби капацитети (човечки, технички, материјални),
- Недостаток на конкурентно Јавно Приватно партнерство,
- Недоволно промовирање на обновливи извори на енергија,
- Поместување на речното корито на реките,
- **Опаѓање на подземните води,**
- **Загрозување на инфраструктурните објекти и земјоделското земјиште,**
- **Нарушување на биодиверзитетот во регионот.**

Во рамките на програмата за локален економски развој на општината, направена е SWOT анализа, во која се идентификувани слабите страни и заканите.

Слаби страни:

- Застарени ДУП и ГУП,
- **Недоволен број на инвестиции,**
- **Ниско ниво на животен стандард,**
- Локална инфраструктура,
- Неорганизиран цивилен сектор,
- Отсуство на истражувачки (советодавни) институти,
- Ниска еколошка свест,
- Недостаток на маркетиншки материјал за компаративните предности на општината,
- Стагнирање на спортот,
- Немање на квалификуван кадар по англиски јазик во училиштата.

Закани:

- **Намален наталитет и иселување од економски причини,**
- Неадекватна база на статистички податоци,
- Климатски промени,
- Геополитички промени,
- **Глобални енергетски промени,**
- **Миграциони движења,**
- **Технолошки промени,**
- Неадекватна буџетска политика,
- Голема конкурентност при развојни апликации,
- Недоизграденост на институциите на власта.

Во рамките на Локалниот еколошки акционен план, во рамките на SWOT анализирани се неколку аспекти при што истакнати се следните слаби и силни страни, односно можности и закани:

| | **Јаки страни** | **Слаби страни** | **Можности** | **Закани** |
|---|---|---|---|---|
| **Демографија** | Работоспособно население | Опаѓање на наталитет,<br>Висок процент на невработеност | Високо образован и научен кадар надвор од општината,<br>Работоспособно население надвор од општината во поголемите центри и во странство | Низок наталитет,<br>Миграција,<br>Мал број на бракови. |
| **Социјална благосостојба** | | Намалување на бројот на учениците,<br>Низок животен стандард на населението | Поволна географска место положба | Лоша економска состојба<br>Намалување на животниот стандард на населението |

| | Јаки страни | Слаби страни | Можности | Закани |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Вода за пиење<br>Недостаток на вода за пиење |
| **Инфраструктура** | Географска положба,<br>Патна мрежа,<br>Чиста животна средина,<br>Инфраструктура,<br>Производствени капацитети кои не загадуваат | Локална водоводна, канализационо-атмосферска мрежа,<br>Ниска еколошка свест,<br>Немање на квалификуван кадар за заштита на животна средина,<br>Отсуство на истражувачки (советодавни) институти | Наоѓалишта на рудни богатства | Неадекватна база на статистички податоци<br>за заштита на животната средина<br>Климатски промени |
| **Локална економија** | Квалитетно земјоделско земјиште,<br>Производствени капацитети кои не загадуваат,<br>Производство на специфични земјоделски култури,<br>Наоѓалишта на рудни богатства | Недоволен број на инвестиции,<br>Локална водоводна, канализационо-атмосферска мрежа | Наоѓалишта на рудни богатства | Економска (криза) рецесија,<br>Лошата финансиска состојба,<br>Миграција на млад кадар со цел обезбедување на средства за егзистенција |
| **Локална власт** | Традиција и стручност,<br>Активни месни заедници,<br>Активни НВО,<br>Соработка,<br>Стратешки документи<br>- Стратегија за локален одржлив развој<br>- Потстратегија за рурален развој | Недостиг од млад стручен кадар,<br>Одлив на младите во други општини и во странство) | Користење на Претпристапните фондови,<br>Рурален развој,<br>Меѓугранична соработка | Глобалната економска криза |

Во прилог е дадана анализа на постоечките релеватни стратешки документи на локално, регионално и национално од аспект на поврзаност со проектниот документ.

**Табела Врска на планскиот документ со други релевантни плански документи**

| ЗАКОНСКИ АКТ | ЦЕЛИ |
|---|---|
| **Национален акционен план за животна средина (НЕАП)** | • Одржливо просторно планирање и управување со градежното земјиште<br>• Воспоставување на интегрален систем за заштита на природата и зачувување на биодиверзитетот согласно ЕУ стандардите и меѓународните договори<br>• Воспоставување на интегрирано управување со отпад и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад<br>• Подобрување на состојбата со почвата во насока на нејзино одржливо користење преку намалување на ерозијата, контаминацијата и другите видови на деградација на почвите |

| ЗАКОНСКИ АКТ | ЦЕЛИ |
|---|---|
| | • Интегрирано управување со водите засновано на принципите на одржлив развој, преку воведување на практика на управување со речен слив<br>• Контрола на процесите на закиселување и еутрофикација, како и на состојбата со трапосферскиот озон<br>• Подобрување на квалитетот на воздухот преку намалување на емисиите на основните загадувачки супстанции од релевантните сектори<br>• Воведување на барањата на животната средина во политиката за развој на земјоделството<br>• Интеграција на принципите на одржливиот развој и аспектите на животната средина во секторот туризам<br>• Воспоставување на одржлив урбан развој<br>• Да се намалат влијанијата врз здравјето на луѓето и врз животната средина од транспортниот сектор<br>• Подобрување на енергетската ефикасност и намалување на емисиите<br>• Да се обезбеди соодведен административен капацитет на локално и на централно ниво за подготвување и имплементација на Стратегија за приоритетни комунални инфраструктурни проекти, како и за проектен циклус со инвестициони проекти засновани на барањата на ЕУ. |
| **Просторен план на РМ** | • остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата,<br>• обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји<br>• усмерување на развојот на одделни области и краеви според реалните можности, особености и потенцијали,<br>• порамномерна и порационална разместеност на индустријата,<br>• индустрискиот развој да се темели на оптимално користење на компаративни предности на одделни подрачја на земјата и соодветна дисперзија на индустриските капацитети,<br>• рамномерна разместеност на индустриските капацитети во просторот усогласена со основните фактори на развој,<br>• поттикнување на селективниот развој на индустријата во малите центри, посебно на недоволно развиените подрачја,<br>• вклучување на еколошките преференци во развојот на индустријата и нејзина алокација и разместување,<br>• развој на индустријата во насока на поефикасно управување и технолошка модернизација,<br>• рационална комбинација и алокација на расположивите ресурси преку ефектуирање на постојните и изградба на нови преработувачки производствени капацитети |
| **Индустриска политика на Република Македонија 2009 - 2020** | • зголемување на меѓународната соработка и поттикнување на странски директни инвестиции<br>• поддршка на фирмите во зголемување на извозот<br>• обезбедување обуки и едукација на менаџерите за приоритетните области,<br>• подобрување на информираноста на фирмите,<br>• подобрување на финансиската поддршка во поттикнување на извозот<br>• меѓународната размена на знаење може да и овозможи на македонската индустрија пристап до вредни информации и знаење<br>• Подобрување на можностите за финансирање на фирмите извозници преку МБРП<br>• Создавање на институционална поддршка и нтегрирана програма за поддршка на интернационализација на фирмите<br>• Понатамошно поттикнување и привлекување СДИ преку координирана политика и механизам на консултации со институциите инволвирани во привлекувањето на СДИ и |

| ЗАКОНСКИ АКТ | ЦЕЛИ |
|---|---|
| | политиките за зголемување на конкурентност на економијата. |
| **Стратегија за регионален развој на Р.Македонија 2009 - 2019** | • Рамномерен и одржлив развој на целата територија на Република Македонија, заснован врз моделот на полицентричен развој;<br>• Намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и подигнување на квалитетот на животот на сите граѓани;<br>• Зголемување на конкурентноста на планските региони преку јакнење на нивниот<br>• Иновациски капацитет, оптимално користење и валоризирање на природното богатство, човечкиот капитал и економските особености на планските региони;<br>• Зачувување и развивање на посебниот идентитет на планските региони, како и нивна афирмација и развој;<br>• Ревитализација на селата и развој на подрачјата со специфични развојни потреби. |
| **Оперативна програма за регионален развој 2007 - 2009** | • Стратешка цел на програмата е обезбедување поддршка за постигнување одржлив развој преку подобрување на инфраструктурата во транспортот и животната средина.<br>• Подобрување на пристапот и безбедноста во поврзаноста со соседните земји преку надградба и модернизација на транспортната инфраструктура во рамките на Транс националните оски (Коридор VIII и X)<br>• Поддршка на регионалниот развој, преку обезбедување услови во животната средина неопходни за подобрување на квалитетот на животот и економски развој, преку усогласување со соодветното законодавство и инвестиции во инфраструктурата. |
| **Програма за развој на Југоисточен плански регион 2009-2013** | • Стратегиска цел 1: Југоисточниот регион да произведува квалитетни, брендирани градинарски, лозови и овошни производи и преработки барани на регионалните и глобални пазари<br>• Стратегиска цел 2: Да се зголеми вработеноста преку зголемување на бројот на МСП, развој на конкурентноста и активни мерки за развој на човечки ресурси<br>• Стратегиска цел 3: Да развие нова и да ја подобри постојната физичка инфраструктура, особено онаа поврзана за транспортот, енергијата, ИТ, со цел да го поддржи економски раст и да ја подобри целокупната конкурентност на регионот<br>• Стратегиска цел 4: Да се развие бањскиот, културно – историскиот, селскиот и алтернативниот туризам преку соработка со соседните региони и држави<br>• Стратегиска цел 5: Да се заштити и подобри животната средина преку искористување на обновливи извори на енергија и одржлив развој<br>• Стратегиска цел 6: Да се промовира регионот и да се привлечат директни инвестиции за одржлив развој |
| **Национална стратегија за управување со отпад (2008-2020)** | • Усогласување на политиката и законодавството во доменот на управувањето со отпадот во врска со политичката согласност во општеството и барањата на економската средина за соработка;<br>• Воспоставување на ефективна институционална и организациска поставеност во сите фази на реализацијата на новиот интегриран систем за управување со отпадот: планирањето, издавањетодозволи, финансирањето, работењето и примената;<br>• Зајакнувањето на човечките ресурси и капацитети во јавниот и во приватниот сектор вклучува ангажирање во текот на воспоставувањето на системот за управување со отпад, како и поттикнување и ангажирање на знаењето, техничката експертиза и економскиот потенцијал што постојат во земјата; |

| ЗАКОНСКИ АКТ | ЦЕЛИ |
|---|---|
| | • Воведување на стабилни финансиски ресурси и соодветни економски механизми за обезбедување на целосно покривање на трошоците за одржување на интегрираниот систем за управување со отпад во согласност со принципот „загадувачот плаќа" и со максималните ефекти во врска со инвестициите и со активностите на работењето;<br>• Подигањето на свеста на јавноста и свеста на сите инволвирани субјекти во општеството од аспект на разбирањето на нивните улоги, одговорности и обврски во процесот на управување со отпадот и во заштитата на животната средина со цел истите да прифатат значителни промени во практиката на управување со отпадот, од собирањето до депонирање.<br>• Воспоставување на систем за собирање податоци/информации за изворите, природата, количествата и судбината на тековите на отпадот, како и за капацитетите за обнова на материјали/енергија и за депонирање на отпадот и обезбедување на потребниот пристап на јавноста до истиот;<br>• Воспоставување на технички современ систем за управување со отпад кој зема предвид различни технички решенија во поглед на избегнувањето на отпадот, намалување на неговиот потенцијал на опасност и негово намалување на изворот, искористување на материјал/енергија и преработка на отпадот и безбедно депонирање на стабилизираните остатоци во согласност со „најдобрата остварлива опција од аспект на заштита на животната средина" со цел да се зачуваат необновливите природни ресурси и да се сведат на минимум емисиите и негативните ефекти од процесите на третман/депонирање на отпадот врз животната и природната средина, како и врз здравјето на населението;<br>• Примена на ефикасни и исплатливи техники за управување со сепарираните текови на отпадот преку учество на приватниот сектор со цел да се постигне стапка од 100% на собирање на отпадот и оптимално ниво на искористување на материјалите/енергијата од отпадот;<br>• Воведување на депонии за опасен и за неопасен отпад и други капацитети за депонирање на отпадот во согласност со современите стандарди со цел да се спречи појава на нови оптоварувања на животната средина;<br>• Постапно затворање и/или санирање на постојните комунални одлагалишта за отпад и/или индустриски еколошки жаришта според инвентар на оптоварувања на животната средина и соодветни критериуми коишто особено ги земаат предвид негативните ефекти и ризици за животната средина, идното искористување на физичкиот простор, трошоците за санација и прифатливоста за населението. |
| **Национална стратегија за инвестиции во животната средина** | • Стратегијата се стреми кон остварување на одржлив економски и социјален развој, преку зголемување на конкурентноста и интегриран пристап за решавање на проблемите од животната средина.<br>• Ги посочува областите каде е неопходно да се превземат инвестиции во животната средина<br>• Утврдени сектори во кои се неопходни значајни инвестиции за усогласување со европското законодвство се управување со отпад, управување со води (водоснабдување, одведување и третман на отпадни води), како и контрола на индустриско загадување.<br>• Со Стратегијата се утврдуваат мерки за санирање на индустриските жаришта, управување со квалитет на воздухот, |

| ЗАКОНСКИ АКТ | ЦЕЛИ |
|---|---|
| | како и заштита на климата и природата. |
| **Национален план за управување со отпад (2009-2015) на Република Македонија** | • Регионално управување со отпад преку сегрегација на опасните и неопасните фракции на отпад на изворот и нивно рециклирање, третман и финално отстранување на безбеден начин.<br>• решавање на проблемите со отпадот на изворот, според принципот нна „одговорност на имателот за создадениот отпад"<br>• воспоставување на систем за сепаратно собирање и преработка на корисните состојки во селектираниот отпад и искористените производи според принципот „одговорност на производителот";<br>• искористување на полезните состојки на отпадот како замена за необновливите природни ресурси и намалување на емисиите на стакленички гасови;<br>• приоритетно започнување и спроведување на проектите поврзани со управувањето на високо ризичниот медицински отпад и животинските нус-производи и индустрискиот опасен отпад;<br>• депонирање на стабилизираните, нереактивни остатоци од процесите на третман на отпад на депониите како крајна цел;<br>• затворање/санација на постојните нестандардни комунални депонии и санација на контаминираните локалитети и други оптоварувања на животната средина;<br>• рационално и еколошки безбедно користење на земјиштето и заштита на природното и културното наследство. |
| **Локален еколошки акционен план на општина Валандово** | Резиме на состојбите и проблемите – тематска област ПРИРОДА<br>• Уништување на шумските површини од пожари и неконтролирана сеча на дрва<br>• Несоодветно обновување на површините со новосоздадени шуми.<br>• Подигање на свеста кај луѓето за значењето на шумите<br>• Недостиг на податоци за видот и бројноста на животинскиот и растителен свет<br>• Несоодветна заштита на ретките видови на растенија - ендемити<br><br>Резиме на состојбите во тематската област ВОДА<br>• Недоволно количество на вода за водоснабдување и наводнување во Општина Валандово.<br>• Хемиски и биолошки неисправна вода за пиење (појава на арсен во водата за пиење).<br>• Директно излевање на комуналните отпадни води во нивите и во речните корита (неизградени канализации во 12 населени места и пречистителни станици).<br>• Подигање на свеста кај жителите за рационално користење на водата.<br><br>Резиме на состојбите во тематската област ОТПАД<br>• Недоволна покриеност на населбите со организирано собирање и транспорт на цврст отпад.<br>• Несоодветна и недоволна опременост на ЈКП „Комунален сервис" Валандово, како техничка (возила, канти, контејнери) така и стручна.<br>• Неадекватно и неконтролирано исфрлање на отпад од 15 населени места – појава на дивии депонии.<br>• Не постои централна санитарна општинска депонија која ги задоволува законските стандарди.<br>• Не е воведен организиран систем за селектирање, рециклирање и преработка на собраниот отпад.<br>• Несоодветно спроведување на Законот за отпад и контрола од |

| ЗАКОНСКИ АКТ | ЦЕЛИ |
|---|---|
| | страна на Општината.<br><br>Резиме на состојбите во тематската област ВОЗДУХ<br>• Недостаток на податоци за емисиите на загадувачки супстанци на локално ниво (стационарни и мобилни извори);<br>• Употреба на дрва и цврсти горива со чие согорување се емитираат загадувачки супстанци во воздухот, особено кај домашните ложишта;<br>• Недостаток на планови и програми за намалување на загадувањето на воздухот и унапредување на квалитетот на амбиентниот воздух на локално ниво. |
| **Програма за локален економски развој на општина Валандово** | Стратегиска област 1: Развој на земјоделство и поддршка на развој на МСП и преработувачка индустрија<br>Стратегиска цел 1.1: Развој на земјоделското производство и производството на храна преку мерки за негова поддршка<br>Стратегиска цел : Модернизација на постоечки и развој на нови преработувачки и производствени капацитети<br><br>Стратегиска област 3: Заштита на животната средина<br>3.1 Стратегиска цел: Подобра грижа за животната средина преку систематски мерки за нејзина заштита<br>3.1.1 Конкретна цел: Намалување на негативното влијание на човековата околина со воведување на интегрално управување со отпад<br>3.1.2 Конкретна цел: Подигање на јавната еколошка свест со промоција и ЕКО брендирање на општина Валандово<br>3.1.3 Конкретна цел: Целосно прифаќање и обработка на отпадните води преку изградба на канализации и пречистителни<br><br>3.2. Стратегиска цел: Зачувување на животната средина преку одржливо управување со природните ресурси<br>3.2.1 Конкретна цел: Намалување на локалната зависност од фосилните горива низ искористување на обновливите извори на енергија<br>3.2.2 Конкретна цел: Избалансиран економски развој преку одржливо управување со природните ресурси<br>3.3. Стратегиска цел: Зголемување на достапноста на исправна вода до корисниците преку внимателно искористување на хидропотенцијалот<br>3.3.1 Конкретна цел: Зголемување на корисните количини на вода со нејзина акумулација и заштеда<br>3.3.2. Конкретна цел: Обезбедување на здравствено исправна вода за пиење со обезбедување на нови извори односно надградба на постоечките<br>3.3.3. Конкретна цел: Зголемување на наводнуваните површини преку ревитализација на мелиорацијата |

# 3. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

## 3.1 Географска положба

Општина Валандово е распростанета на површина од 331 km$^2$, со надморска височина од 226 m и спаѓа во најниските општини во Република Македонија. Просечната стапка на височина на Валандовското поле изнесува 82 m.

Според просторно географската положба се наоѓа на југ од Демиркаписката клисура, источно од реката Вардар и западно и северно од планинските ограноци на планините Плавуш и Беласица. Територијално на север се граничи со Општина Конче, на исток со Општина Струмица , на југ со општините Богданци и Дојран, а на запад со Општина Гевгелија.

Поширокото подрачје на градот Валандово се наоѓа на 41°19’0” северно од Екваторот и 22°33’39” источно од почетниот меридијан. Со својот јужен дел се граничи со Република Грција, на исток со Република Бугарија, а на север и запад со Источниот и Пелагонискиот регион. Општина Валандово е раскрсница на многу значајни патишта кои водат кон општините Скопје, Гевгелија, Дојран и Струмица. Низ Валандовската општина минува автопатот Е-75 Скопје – Гевгелија.

Во близина на Општина Валандово има три гранични премини. Граничниот премин кон Република Грција – Дојран е оддалечен 26 km, Богородица 30 km, а граничниот премин Ново Село кон Република Бугарија е оддалечен 48 km.




**Слика 4** Местоположба на општина Валандово и локација на опфат

По осамостојувањето на Република Македонија и со носење на законот за територијална поделба на Република Македонија во 1996 година е формирана Општина Валандово (Службен весник на РМ бр.49/96) во границите во кои таа и денес постои.

Согласно податоците од спроведениот попис на населението во Република Македонија од 2002 годона, Општина Валандово брои 11.890 жители, во 29 населени места: Ајранли, Аразли, Бајрамбос, Балинци, Баракли, Башали Башибос, Брајковци, Булунтули, Вејсели, Градец,

Грчиште, Дедели, Ѓулели, Јосифово, Казандол, Кочули Удово, Пирава, Чалакли, Прстен, Раброво, Собри, Татарли, Терзели, Марвинци, Плавуш и Чештово.

Планскиот опфат ги зафаќа катастарските парцели со број 3533; 3532; 3526; 3538; 3517; 3513; 3514/1; 3512; 3511; 3514; 3514/3; 3515; 3516; 3520; 3510; 3517; 3519; 3521; 3522; 3523; 3580; 3579; 590; 589; 3581; 3583; 3586; 631; 632; 634; 595; 626/3; 626/4; 626/2; 592/5; 592/4; 592/3; 592/2 и делови од катастарските парцели со бр. 3531; 3529; 3528; 586; 579; 583; 591; 3605; 3509; 588; 3582; 585; 3585; 1025; 686/1; 687; 689; 601; 600; 592/1; 594; 593; 3508/1; 1024; 627; 630; 626/1 и 627, КО Валандово вон град и КО Казандол, општина Валандово.

Површината на планскиот опфат изнесува 287,5967 ha.




**Слика 5** Местоположба на планскиот опфат во однос на најблиските населени места

## 3.2 Климатско-метеоролошки карактеристики на подрачјето

Климата е важна и специфична физичко-географска карактеристика на одредено подрачје. Климата, поточно климатско-метеоролошките елементи (температура, врнежи, ветрови, влажност, инсолација, облачност и појава на магла) влијаат на процесите на создавање на почви, полноводноста на реките, биодиверзитетот. Овие елементи, исто така влијаат и на дистибуцијата на загадувачките материи во животната средина, процес кој доведува до

промени во температурата на воздухот, облачноста, воздушните струења, влажноста на воздухот итн.

Специфичната географска и топографска положба на Валандовскиот регион ја карактеризираат средноземноморска клима чија испреплетеност на регионот му дава посебен белег – долги топли лета со високи среднодневни температури и намалено годишно количество на врнежи, намалени зимски температури и појава на ветрови од сите правци.

Карактеристични за регионот се северозападниот, југозападниот, а поретко северецот и јужниот топол ветер.

Во однос на светлината, Валандовскиот регион се одликува со долг период на сончеви денови и со висок светлосен интензитет што позитивно влијае на фруктификацијата. Врз основа на спроведените истражувања, утврдено е дека подрачјето се карактеризира со околу 270 – 300 сончеви денови. Сончевиот сјај трае 2377 часа годишно. Магла во просек има најмногу 20 дена. Поради субмедитеранските влијанија од Егејското Море и влијанието на континенталната клима, климатските услови во Валандовскиот регион се карактеризираат со намалено годишно количество врнежи (400 – 600 $l/m^2$), засилена аридорност, и менлив плувометарски режим со намалена зимска температура. Најтопли месеци се јули и август со просечна температура од 23°C, а најстуден месец е јануари со просечна температура од 1,2 °C.

## 3.3 Геолошки карактеристики, сеизмика, релјеф

Валандово и околината се протегаат врз седименти од геолошки и органски (растителни) талози. Котлината е еден моќен расед со длабочина меѓу 300 и 500 метри што го потврдува и палентолошкиот наод на клови – заби од лофодон (мамути) во месноста на селото Прстен, факт што зборува дека во раните геолошки периоди имало многу бујна растителна вегетација. Раседот на кој се простира Валандовската котлина го потврдуваат и тектонските активности (земјотреси) кој го погодуваат оваа трусно подрачје – силниот земјотрес во 1931 година.

Во геолошката градба на подрачјето на проектот влегуваат метаморфни карпи од прекамбриска старост, метаморфни карпи од стар Палеозоик и Мезозојски „Фурка‟ гранити, кварцни и безкварцни порфири. Издвоен е и Кенозоикот, со Терциерни и Квартарни наслаги. Прекамбриумот (A) е изграден од издвоени карпи, кои припаѓаат на две засебни геотектонски единици: Вардарска Зона и Српско-Македонски Масив. Во Вардарската Зона се издвоени порфиробластични гнајсеви, со максимална широчина од 1,5 киломтери, како и ситнозрнести биотитски гнајсеви, кои се јавуваат во две одделни зони, западно и источно од "Фурка" гранитите. Во Српско-Македонскиот Масив, издвоени се повеќе вариетети на гнајсеви, како: порфиробластични, мусковитско-биотитски и тракасти мусковитски гнајсеви. Регионално дебелината на овие гнајсеви достигнува 1.200 метри и сите се со протегање север-северозапад – југ-југоисток (ССЗ-ЈЈИ).

Во составот на метаморфните карпи од Стар Палеозоик, како последица на „регионален‟ метаморфизам се издвоени различни „зелени‟ шкрилци, и тоа: амфиболитско-пироксенски шкрилци, епидотско-хлоритско-актинолитски шкрилци, кварцни шкрилци и серицитско-хлоритски шкрилци, а се среќаваат и песочници. Мезозоикот е претставен исклучиво со карпи од Јурска старост, претежно магматски карпи, незначително седиментни карпи, а забележано е и присуство на ултрабазични карпи. Издвоени се: серпентинити, дијабаз-рожначка формација, дијабази, габрови, повеќе вариетети на гранити, како и порфироидни гранитоиди. Кенозоикот е претставен со Терциерни и Квартерни наслаги. Од Терциерните, регистриран е Еоценскиот флиш и Плиоценските слабо врзани чакалесто-песокливо-гликовити езерски наслаги. Квартерните наслаги се претставени со делувијални, пролувијални и алувијални наслаги.
Подрачјето на опфатот припаѓа на многу нестабилна гео-тектонска единица во Република Македонија, позната како Вардарска зона. Реката Вардар тече низ голема долина западно од предложената локација на опфатот, создавајки ја првата голема геоморфолошка единица, широка речна рамнина која се поврзува со нејзините приточни долини од Валандово. Втората геоморфолошка единица во областа се брановидни ридови во правец кон југ - Погана. Оваа

област се карактеризира со ниски врвови, со градиент на падини од 20-30° кои бргу паѓаат надолу со нежен наклон кон валандовската долина. Спилитите кои се формираат на овие ридови се деградирани на површината и избраздени до длабочина од 2-3 метри и се подложни на ерозија. Третата геоморфолошка единица е Валандовското Поле, кое се протега на исток од селата Давидово и Миравци. Има карактеристичен речен релјеф со големи алувијални лепези.

**Сеизмика на теренот**

Подрачјето на Валандово се наоѓа во Вардарската сеизмогена зона. Од досега случените земјотреси максимална јачина изнесува 8о по МЦС скалата. Рамничарскиот дел е сеизмички доста осетлива средина и поседува сеизмички неповолни инженерско-геолошки услови на тлото.

Поширокото подрачје на локацијата на проектот припаѓа на источната страна (суб-зона) од Вардарската тектонска зона, во близина на границата со Српско-Македонскиот масив. Вардарска тектонска зона претставува значајна тектонска единица со широчина од 60 до 80 километри во правец исток - запад. Нејзиниот внатрешен состав вклучува различни формации на магма, метаморфни и седимененти комплекси, а морфологијата на раседите во Вардарската зона многу јасно се разликува од другите зони во Македонија. Српско - Македонскиот масив е внатрешен сегмент на Алпскиот појас на Балканот и се протега од Дунав на север до Егејското Море на југ.

Во поширокиот регион издвоени се три сеизмички зони: Струмска зона, Вардарска зона и Дримска зона. Поширoката област на проектот припаѓа на Валандовското епицентрално подрачје, во источниот дел на Вардарската сеизмогена зона, во близина на нејзините граници со Струмската сеизмогена зона. Ова епицентрално подрачје е еден од најмногу сеизмички активните региони во Македонија (61 земјотрес со магнитуда ≥ 4.0 од 1901 година) и во него се регистрирани најсилните земјотреси во поширокиот регион.

**Релјеф**

Целокупниот Валандовски регион е поделен на ридско – планински во кој се застапени скалести и рамничарски почви, како и алувијалните, сломниците, гајњачите и карбонатните видови на почви. Помалиот дел односно 37% од обработливите површини припаѓаат на рамничарскиот релјефен дел кои се наоѓаат на надморска височина од 250 – 300 м и се од мошне големо значење за развојот на земјоделството во регионот. Овие површини се простираат покрај речното корито на Анска Река, по целото нејзино течение се до влевањето во реката Вардар.

Останатите 63% од површините припаѓаат на ридско – падинскиот дел. Ваквата бонитетна и почвена карактеристика на Валандовскиот регион го определува и начинот на користење на земјиштето од страна на земјоделските субјекти.

## 3.4 Хидролошки карактеристики

Сливното подрачје на Општина Валандово се протега во југоисточниот дел и ги опфаќа сливните подрачја на реката Анска Река, која е продолжение на Башибоска Река, а од нејзината јужна и северна страна по котлината егзистираат водотеци (Студена вода и Мичковица), кои ги прифаќаат подземните води од северниот и јужниот масив. Реката Студена вода се влева во Анска Река кај месноста Страиште, додека пак реката Мичковица покрај селото Марвинци се влева во реката Вардар.

На северо-западниот дел од котлината, во реонот на Градечка Планина, егзистираат две водотеченија означени како Аразлика во близината на селото Удово, Градечка Река во селото Градец и на крајниот северен дел кон Демир Капија егзистира водотекот наречен Маркова Река кој нема економско значење.

Целата Валандовска котлина е под влијание на повеќе од 15 суводолици од ерозивен карактер кои се потенцијална закана за плодните делови од котлината со крупни буички механички елементи од ерозивното сливно подрачје, за што во иднина сериозно треба да се размисли за регулација на овие суводолици или ерозивни теченија.

Природни вештачки акумулации не постојат, а водотеците се со мал агол на брзина и проток и поради тоа не се погодни за зафати од енергетски карактер, но се погодни за наводнување.

Поради големиот број на сушни периоди, Валандовското сливно подрачје е сиромашно со водни ресурси. Недостатокот на вода ги погодува сите сегменти на активностите на луѓето: водоснабдувањето на населението (особено во руралните области), индустријата и наводнувањето. Оваа појава во голема мера ја влошува состојбата со квалитетот на водата за пиење и наводнување. Протекот на водата е често под биолошкиот минимум во периодите кога реките пресушуваат. Хидролошки се мошне издашни терени со извори за вода бидејќи топографските и геолошките услови во котлината формираат артерски издан.

Со Уредбата за класификација на водите, а според намената и степенот на чистотата, површинските води (водотеците, езерата и акумулациите) и подземните води се распоредуваат во класи, и тоа:

| Класа | Употреба / користење на водата |
|---|---|
| I | Класа многу чиста, олиготрофична вода, која во природна состојба со евентуална дезинфекција може да се употребува за пиење и за производство и преработка на прехранбени производи и претставува подлога за мрестење и одгледување на благородни видови на риби - салмониди. Пуферниот капацитетот на водата е многу добар. Постојано е заситена со кислород, со ниска содржина на нутриенти и бактерии, содржи многу мало, случајно антропогено загадување со органски материи (но не и неоргански материи). |
| II | Класа малку загадена, мезотрофична вода, која во природна состојба може да се употребува за капење и рекреација, за спортови на вода, за одгледување на други видови риби (циприниди), или која со вообичаени методи на обработка-кондиционирање (коагулација, филтрација, дезинфекција и слично), може да се употребува за пиење и за производство и преработка на прехранбени производи. Пуферниот капацитет и заситеноста на водата со кислород, низ целата година, се добри. Присутното оптоварување може да доведе до незначително зголемување на примарната продуктивност. |
| III | Класа умерено еутрофична вода, која во природна состојба може да се употребува за наводнување, а по вообичаените методи на обработка (кондиционирање) и во индустријата на која не и е потребна вода со квалитет за пиење. Пуферниот капацитет е слаб, но ја задржува киселоста на водата на нивоа кои сеуште се погодни за повеќето риби. Во хиполимнион повремено може да се јави недостиг на кислород. Нивото на примарната продукција е значајно, и може да се забележат некои промени во структурата на заедницата, вклучувајќи ги и видовите на риби. Евидентно е оптоварување од штетни супстанци и микробиолошко загадување. Концентрацијата на штетните супстанци варира од природни нивоа до нивоа на хронична токсичност за водниот живот. |
| IV | Класа силно еутрофична, загадена вода, која во природна состојба може да се употребува за други намени, само по одредена обработка. Пуферниот капацитетот е пречекорен, што доведува до поголеми нивоа на киселост, а што се одразува на развојот на подмладокот. Во епилимнионот се јавува презаситеност со кислород, а во хиполимнионот се јавува кислороден недостиг. Присутно е "цветање" на алги. |

Природните и вештачките водотеци, делниците на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води, чии води според намената и степенот на чистотата се распоредуваат во класи, согласно Уредбата за категоризацијана водите, се делат на пет категории.

Во I категорија се распоредуваат водотеците чии води мораат да ги исполнуваат условите на I класа, во II категорија условите на II класа, во III категорија условите на III класа, во IV категорија условите на IV класа, а во V категорија се распоредуваат водотеците чии води мораат да ги исполнуваат условите на V класа.

Анска Река е лева притока на реката Вардар во јужнот дел на Македонија. Тече низ Валандовско Поле во правецот исток-запад, во должина од 22 km. Изворните краци се на јужните поли на Беласица, близу македонско-грчката граница утоката ѝ се наоѓа северозападно од селото Марвинци, близу до патот Скопје-Гевгелија. Во сливот на оваа река (166 km²) вегетираат смокви,калинки и црници (за одгледување свилена буба). Во изворишниот дел реката има планински, а во долниот дел рамничарски карактер.

Според Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води (Службен весник бр. 18/99), Анска Река од Валандово до вливот во Вардар е во III категорија.

### 3.5 Почви

Валандовската котлина располага со околу 4.000 ha обработливо земјиште во општествена сопственост, околу 3500 ha во приватна сопственост претежно од колувијален и алувијален тип, а по изохипсите на околните ритчиња се протегат почви од типот на сироземи (недефинирани почви).

Јужниот дел од котлината – централниот дел - се среќаваат заблатени почви, погребани од колувијални наноси. Средниот дел на котлината, помеѓу патот Валандово - Дојран се до месноста Страиште преовладуваат седиментни почви со висока подпочвена вода, за кој дел е потребно да се превземат соодветни мелиоративни зафати.

На патот Страиште – Оранжерии до автопатот Скопје – Гевгелија, доминираат алувијални почви исклучувајќи ги двете страни од коритото на Анска Река каде доминираат колувијални наноси. На патот Удово – Марвинци, помеѓу автопатот и реката Вардар доминираат алувијални наноси, а од потегот Марвинци – Грчиште и Грчиште – Ѓавато колувијални наноси.

Во целина Валандовската котлина ја сочинуваат моќни – длабоки и плодни почви, а останатиот дел од почвите по изохипсите, и тоа околу 2.500 ha околу Валандовската котлина, се застапени сироземи и наносни почви со покрупни механички елементи погодни за лозови и овошни насади.

Целокупниот Валандовски регион е поделен на ридско – планински во кој се застапени скалести и рамничарски почви, како и алувијалните, сломниците, гајњачите и карбонатните видови на почви. Помалиот дел односно 37% од обработливите површини припаѓаат на рамничарскиот релјефен дел кои се наоѓаат на надморска височина од 250 – 300 m и се од мошне големо значење за развојот на земјоделството во регионот. Овие површини се простираат покрај речното корито на Анска Река, по целото нејзино течение се до влевањето во реката Вардар.

Останатите 63% од површините припаѓаат на ридско – падинскиот дел. Ваквата бонитетна и почвена карактеристика на Валандовскиот регион го определува и начинот на користење на земјиштето од страна на земјоделските субјекти.

### 3.6 Квалитет на амбиентен воздух

За да се следи состојба на квалитетот на водухот се врши мониторинг на загадувачките супстанци и истите се идентификуваат квалитативно и квантитативно. Мониторингот има суштинска задача во управувањето со животната средина - тој претставува основа за преземање на мерки за заштита на воздухот од загадување и подобрување на квалитетот на воздухот. Во Република Македонија мониторингот на квалитетот на амбиентниот воздух го вршат Министерството за животна средина и просторно планирање кое управува со Државниот автоматски систем за квалитет на воздух, како и Институтот за јавно здравје (ИЈЗ) со Центрите за јавно здравје од Скопје и Велес.

Министерството за животна средина и просторно планирање управува со Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух, кој се состои од 15 мониторинг станици, од кои една е поставена во Кавадарци. Автоматските мониторинг станици за квалитет на воздух вршат мониторинг на следните загадувачки супстанци:

- сулфур диоксид
- азот диоксид
- јаглерод моноксид
- озон
- цврсти честички со големина до 10 микрометри ($PM_{10}$)
- бензен, толуен, етил-бензен, орто и пара ксилен (BTX)

Граничните вредности за нивоа и видови на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух се дадени во следните табели.

**Табела** Гранични вредности за заштита на човековото здравје

| Загадувачка супстанца | Просечен период | Гранична вредност која треба да се достигне во 2012 год. ($\mu g/m^3$) | Дозволен број на надминувања во текот на годината | Гранична вредност за 2012 год. ($\mu g/m^3$) | Праг на аларм. |
|---|---|---|---|---|---|
| **$SO_2$** | 1h | 350 | 24 | 350 | |
| | 24h | 125 | 3 | 125 | |
| | 3 последов. часа | | | | 500 |
| **$NO_2$** | 1h | 200 | 18 | 200 | |
| | 1 god. | 40 | 0 | 40 | |
| | 3 последов. часа | | | | 400 |
| **$PM_{10}$** | 24h | 50 | 35 | 50 | |
| | 1 god. | 40 | 0 | 40 | |
| **CO** | Макс.дневна 8h ср.вредност | 10 $mg/m^3$ | 0 | 10 $mg/m^3$ | |

**Табела** Гранични вредности за заштита на екосистеми и вегетација

| Загадувачка супстанца | Заштита | Просечен период | Гранична вредност која треба да се достиг во 2012 год. ($\mu g/m^3$) | Маргина на толеранција за 2010 ($\mu g/m^3$) | Гранична вредност за 2010 год. ($\mu g/m^3$) |
|---|---|---|---|---|---|
| **$SO_2$** | Екосистеми | Година Зимски период | 20 | | 20 |
| **$NO_x$ ($NO+NO_2$)** | Вегетација | Година | 30 | | 30 |

Општина Валандово нема ниту еден индустриски загадувач кој емитува штетни материи во воздухот. Според податоците на мерната станица во Општина Гевгелија, воздухот во Валандовско - Гевгелиската котлина е на задоволувачко ниво. Местоположбата на Општина Валандово овозможува прочистување на воздухот преку шумскиот појас. Единствени помали загадувачи се домаќинствата кои користат дрво за огрев и спалувањето на отпадот од страна на Јавното комунално претпријатие.

За време на жешките и сушни лета, евидентно се зголемува концентрацијата на прав во воздухот, особено во делови каде улиците не се асфалтирани. Загадувањето на воздухот од

сообраќајот е резултат на користењето на течни горива при чие согорување се емитираат: азотни оксиди, сулфур диоксид, јаглероден моноксид, јаглероден двооксид, прашина, алдехиди, олово и органски киселини.

Општина Валандово спаѓа во општини каде состојбата со квалитетот на амбиенталниот воздух ги задоволува утврдените стандарди. Самозапалувањето на дивите депонии, како и несоодветното постапување на граѓаните кои самоволно пристапуваат кон нивно палење предизвикува загадување на воздухот како резултат на емисија на метан, диоксини и фурани.

## 3.7 Управување со отпад

Отпадот во Општина Валандово претежно е од органско потекло и освен пластика и инертен отпад нема посериозен загадувач (опасен индустриски, хемиски или биолошки отпад). Најголем дел од создадениот отпад е комунален, односно создаден од домаќинствата, земјоделското производство (полјоделство, овоштарство, сточарство и градинарство) и од стопанството (од областа на преработка na земјоделски производи и од текстилната индустрија). Покрај комуналниот отпад на територијата на Општина Валандово се создава и одредена количина на медицински отпад, како резултат на активностите на Здравствениот дом „Здравје" Валандово. Медицинскиот отпад досега се носел во градската депонија и се спалувал, а од декември 2008 година медицинскиот отпад почна организирано да се собира и да се носи во Скопје.

Собирањето на отпадот во градот Валандово го врши Јавното комунално претпријатие „Комунален сервис". Според податоците добиени од Ј.П во Валандово годишно се создава 1600 тони од кои: 1300 тони/годишно комунален отпад, 200 тони/годишно индустриски неопасен отпад, 40 тони/год. хаварисани возила и 50 тони/годишно инертен отпад.

Отпадот собран од страна на ЈКП „Комунален сервис" Валандово, се носи на депонијата за индустриски и комунален отпад, која се наоѓа во месноста Сува Река, на левата страна од локалниот патот Валандово Чалакли, со површина од околу 2 ha. Оваа депонија која служи за депонирање на отпадот од г.Валандово, оградена е со високи насипи од земја, има влезна капија, повремено во неа работи булдожер кој го затрупува отпадот и прави простор за прием на нови количини на отпад. Одговорноста за оваа депонија е на Ј.П. „Комунален сервис" Валандово. Отпадот во градот Валандово е организиран и се врши секојдневно.

Во општината не се врши селектирање на отпадот, односно не е воспоставен систем за селектирање на специфични типови на отпад согласно законските одредби. Тоа се должи пред се на несоодветната стручна и техничка опременост, како на комуналното претпријатие, така и на општината, а од друга страна не се создадени соодветни економски услови за спроведување на оваа активност. Сепак останува фактот дека во престојниот период ќе мора сериозно да се пристапи кон решавање на овој проблем.

Населените места кои немаат организирано собирање на отпад, својот отпад го исфрлаат на места т.н диви депонии, а во општината ги има околу 12. Поголемите населби (Пирава, Јосифово и Удово), немаат специјализирани депонии, односно комуналниот отпад се расфрла на диви депонии. Уште поголем проблем се помалите селски средини бидејќи немаат организирано собирање на отпад што претставува огромен проблем и предизвикува неадекватно и неконтролирано исфрлање на отпадот. Овие населени места заедно со Валандово произведуваат 73,5 % од вкупно создадениот отпад на територијата на Општина Валандово (стандардот за пресметување е 0,5 кг/жител/ден за руралните средини).

## 3.8 Бучава и вибрации во животната средина во подрачјето

Бучавата во животната средина е во постојан пораст, особено тешко се контролира, во густо населените агломерации и резиденцијалните средини во близина на автопатишта, железнички пруги и аеродроми. Таа зазема значајно место во редот на негативните последици врз животната средина и претставува бучава предизвикана од несакан или штетен надворешен звук, создаден од човековите активности, којшто, предизвикува непријатност и вознемирување.

Најголеми извори на бучавата во животната средина се превозните средства од патен, железнички и воздушен сообраќај, индустриската активност, бучава од соседството и особено значајна и специфична за Македонија е бучавата од градежните активности. Влијанијата на бучавата врз луѓето се сумирани на следната слика.

Мерењето и следењето на бучавата се потребни за постигнување и одржување на нивоа на бучава во животната средина во рамки на граничните вредности, дефинирани во четири подрачја според степенот за заштита од бучава, со крајна цел да се заштити здравјето и добросостојбата на населението.

Согласно постојната законска регулатива, податоците од мерењето и следењето на нивото на бучава се доставуваат до Министерството за животна средина и просторно планирање, Македонски информативен центар за животна средина.

Законот ги определува основните носители на обврската за заштита од бучава во животната средина, а тоа се:

- Органите на државната управа;
- Општините, градот Скопје и општините во градот Скопје;
- Правните и физички лица.

Според Законот за заштита од бучава во животната средина, бучава во животната средина е бучава предизвикана од несакан или штетен надворешен звук создаден од човековите активности кој што е наметнат од блиската средина и предизвикува непријатност и вознемирување, вклучувајќи ја и бучавата емитувана од превозни средства, патен, железнички и воздушен сообраќај и од места на индустриска активност. Непријатност од бучава значи вознемиреност предизвикана од емисија на звук кој е чест и/или долготраен, создаден во определно време и место, а кој ги попречува или влијае на вообичаената активност и работа, концентрација, одморот и спиење на луѓето. Вознемиреност од бучава се дефинира преку степенот на вознемиреност на населението од бучава определена со помош на теренски премери или увиди.

Граничните вредности за основните индикатори за бучавата во животната средина се утврдени во Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава. Според степенот за заштита од бучава, граничните вредности за основните индикатори за бучавата во животната средина предизвикана од различни извори не треба да бидат повисоки од:

| **Подрачје диференцирано според степенот на заштита од бучава** | **Ниво на бучава изразено во dB** | | |
|---|---|---|---|
| | **Лд** | **Лв** | **Лн** |
| Подрачје од прв степен | 50 | 50 | 40 |
| Подрачје од втор степен | 55 | 55 | 45 |
| Подрачје од трет степен | 60 | 60 | 55 |
| Подрачје од четврт степен | 70 | 70 | 60 |

- Лд - ден (период од 07,00 до 19,00 часот)
- Лв - вечер (период од 19,00 до 23,00 часот) / Лн - ноќ (период од 23,00 до 07,00 часот)

Подрачјата според степенот на заштита од бучава се определени во Правилникот за локациите на мерните станици и мерните места (2008).

- Подрачје со I степен на заштита од бучава е подрачје наменето за туризам и рекреација, подрачје во непосредна близина на здравствени установи за болничко лекување и подрачје на национални паркови и природни резервати.
- Подрачје со II степен на заштита од бучава е подрачје кое е примарно наменето за престој, односно станбен реон, подрачје во околина на објекти наменети за воспитна и образовна дејност, објекти за социјална заштита наменети за сместување на деца и

стари лица и објекти за примарна здравствена заштита, подрачје на игралишта и јавни паркови, јавни зеленила и рекреациски површини и подрачја на локални паркови.

- Подрачје со III степен на заштита од бучава е подрачје каде е дозволен зафат во околината, во кое помалку ќе смета предизивикувањето на бучава, односно трговско - деловно - станбено подрачје, кое истовремено е наменето за престој, односно во кое има објекти во кои има заштитени простории, занаетчиски и слични дејности на производство (мешано подрачје), подрачје наменето за земјоделска дејност и јавни центри, каде се вршат управни, трговски, услужни и угостителски дејности.
- Подрачје со IV степен на заштита од бучава е подрачје каде се дозволени зафати во околината, кои можат да предизвикаат пречење со бучава, подрачје без станови, наменето за индустриски и занаетчиски или други слични производствени дејности, транспортни дејности, дејности за складирање и сервисни дејности и комунални дејности кои создаваат поголема бучава.

## 3.9 Пределска и биолошка разновидност

Валандовската котлина е опкружена од северната страна со Голаш и Градечка планина, од исток со огранците на Беласица, од југ со Казандолски рид, а од запад со реката Вардар. Валандово и котлината се протегаат врз седименти од геолошки и органски (растителни) талози. Котлината е еден моќен расед со длабочина меѓу 300 и 500 метри што го потврдува и палеонтолошкиот наод на кљови – заби од лофодон (мамути) во месноста на село Прстен.

Поширокото подрачје на опфатот припаѓа на субмедитеранското (модифицирано медитеранско) подрачје (Филиповски и др. 1996) или на биомот на субмедитерански балкански шуми (Матвејев 1995). На просторот на опфатот се развиваат типичните шумски заедници за субмедитеранското подрачје, во кои доминираат дабот прнар, дабот благун и источниот (белиот) габер (Coccifero-Carpinetum orientalis и Querco- Carpinetum orientalis). Овие шумски заедници се наоѓаат во различен степен на деградација и немаат висока биолошка вредност. Притоа, благун-габеровите шуми се нешто подобро сочувани и на места градат добри шумски заедници. Покрај нив, во суводолиците се развиваат платанови појаси (Juglando-Platanetum orientalis) кои се силно деградирани, слично на претходните доминантни шумски заедници. Деградацијата на шумските заедници во просторот овозможила развој на други тревести и грмушести заедници како што се Tunico-Trisetetum myrianthi и Diantho-Cistetum incani. Овие две заедници се специфични за јужните делови на Македонија, особено подрачјето јужно од Демир Капија.

Флористичкиот состав, според прелиминарните согледувања, е типичен за наведените растителни заедници. Покрај едификаторските видови, во шумските екосистеми се среќаваат и грипата (Phyllirea media), црниот јасен (Fraxinus ornus), црвената смрека (Juniperus oxycedrus) и редица други дрвенести и грмушести видови (Pyrus amygdaliformis, Pistacia terebinthus, Paliurus spina-christi, Colutea arborescens, Coronilla emeroides, Jasminum fruticans, Cistus incanus, Ephedra campylopoda, Clematis flammula, Lonicera etrusca). Тревестите растенија се исто така типични за субмедитеранското подрачје. Според досегашните сознанија, на просторот на проектот не се среќаваат меѓународно или национално значајни видови. Единствено, костриката (Ruscus aculeatus) е вид од Анекс V на ЕУ Директивата за живеалишта според кој се предвидуваат посебни мерки за управување при експлоатација на овој вид.

Фауната е веројатно претставена со видови кои се карактеристични за прнаровите и благуновите шуми, како и грмушестите и тревести хабитати. Од цицачите позначајни се дивиот зајак (Lepus europeus), лисицата (Vulpes vulpes), куната белка (Martes foina), но може да се очекува и присуство на чакалот (Canis aureus), волкот (Canis lupus) итн. Субмедитеранските шуми се екосистеми во кои гнездат околу 50-тина видови птици. Почести се Emberiza cirlus, Parus lugubris, Turdus merula, Garrulus glandarius, Parus major, Erithacus rubecula, Fringilla coelebs, Buteo buteo итн. Влекачите се претставени со неколку интересни видови како што се полската желка (Testudo graeca), блаворот (Ophisaurus apodus), балканскиот зелен гуштер (Lacerta trilineata), македонскиот гуштер (Podarcis erhardii riveti), поскокот (Vipera ammodytes), џитката (Coluber najadum), а возможно е појавување и на песочната боа (Eryx jaculus turcicus).

Диверзитетот на водоземците е низок, претставен со неколку видови од кои најтипични се зелената крастава жаба (Bufo viridis), поточната жаба (Rana graeca) и обичната жаба (Pelophylax ridibundus).

Деградираноста на шумските заедници и постоењето на тревести и грмушести заедници им погодува на дневните пеперутки кои на вакви подрачја се јавуваат со поголем број видови: Iphiclides podalirius, Hipparchia fagi, Maniola jurtina, Neohipparchia statilinus, Pontia edusa, Pieris mannii, Aporia crataegi, Colias crocea, Gonepteryx rhamni, Polyommatus icarus. За вакви типови живеалишта се карактеристични и скакулците кои се претставени со некои термофилни видови, но широко распространети видови. Слична е состојбата со останатите групи безʼрбетници. Така, тркачите (Coleoptera, Carabidae) се застапени со Cicindela campestris, Trechus quadristriatus, Cymindis lineata, C. axillaris, Pachycarus cyaneus, Carterus dama, Dixus eremita, D. clypeatus, Harpalus triseriatus, H. Ophonus azureus, Carabus graecus morio, Carabus coriaceus cerisyi, Syntomus pallipes. Присуството на речната краба (Potamon ibericum) во потоците и рекичките е многу веројатно. Од прелиминарната анализа на фауната може да се заклучи дека посебно внимание треба да се посвети на херпетофауната (влекачи), додека останатите групи се застапени со широко распространети и чести, но карактеристични термофилни видови.

**Предел и визуелни вредности**

Два пределски типа се карактеристични за подрачјето на опфатот:

- предел на субмедитернаски шибјаци и псеудомакија, и
- низински земјоделски предел.

Од структурен аспект пределот на субмедитерански шибјаци се карактеризира со деградирани грмушести состоини во голема мерка фрагментирани (види секција за користење на земјиштето погоре). Ваквата структура не обезбедува висока функционална вредност на пределот од аспект на биодиверзитетот. Сепак покриеноста на теренот со вегетација обезбедува значајна улога на пределот во превенција од ерозија и задржување на водата, особено од поројните дождови. Единствено населено место во непосредниот проектен регион е селото Казандол, кое се наоѓа на југоисточниот раб на локацијата на опфатот. Активностите на луѓето од ова село всушност биле пресудни за ваквите структурно-функционални карактеристики на пределот. Пределот во кој целосно доминираат деградирани состоини од прнар и дабово-габерови шибјаци не поседува значителни пејсажни (визуелни) вредности.

Земјоделскиот предел не е типичен за опфатот, бидејќи неговата локација само се допира до овој тип предел, кој е карактеристичен за Валандовското Поле. Полјоделството во непосредна близина на опфатот е интензивно што значи дека пределскиот матрикс е скоро целосно претставен со земјоделско земјиште. Мали петна од природна вегетација, меѓи и слични природни станишта скоро и да нема, така што овој предел нема значајна функционална вредност за биодиверзитетот, ниту пак за други екосистемски процеси. Интензивното земјоделство придонесува за ниски или скоро никакви визулени вредности на овој пределски тип.

Предложени подрачја за заштита според просторен план на РМ кои се предлагаат за прогласување како природни реткости:

Платан – Центар Валандово

Двете платанови стебла (Platanus orientalis) се наоѓаат во центарот на Валандово, општина Валандово на надморска височина од 143 и 137 метри. Припаѓа на Гевгелиско-валандовскиот микрорегион.

Платани - Валандово

Платановото стебло (Platanus orientalis) се наоѓа 2,5 km јужно од Валандово на надморска височина од 114 метри, во близина на напуштеното село Честово, општина Валандово. Припаѓа на Гевгелиско-валандовскиот микрорегион. Платановото стебло-капиталец се одликува со исклучителни хабитуелни карактеристики (возраст, височина, дебелина). Висината на стебло изнесува 23 m. Дебелина на неговото дебло на градна висина е 8,4 m и проекција на крошна - 31,8 m.Подрачјето припаѓа на континенталниот биогеографски регион и се карактеризира со медитеранско влијание.

Платани - Чесново

Двете платанови стебла (Platanus orientalis) се наоѓаат во центарот на Валандово, општина Валандово на надморска височина од 143 и 137 метри. Припаѓа на Гевгелиско-валандовскиот микрорегион. Подрачјето припаѓа на континенталниот биогеографски регион и се карактеризира со медитеранско влијание.Висината на првото стебло изнесува 16,5 m, неговата дебелина на дебло на градна висина – 3,42 m, а проекцијата на крошната – 20,0 m.Висината на второто стебло изнесува 22,0 m. Дебелина на деблото на градна висина изнесува 5,05 m, а проекцијата на крошната – 30,2 m.

Башибос

Локалитетот Башибос се наоѓа непосредно над населеното место Башибос, општина Валандово. Локалитетот Башибос претставува еден од најважните палеонтолошки локалитети во Македонија. Тој се карактеризира со богатство на фосилни остатоци од ’рбетници од пикермиска фауна и е значаен за проучување на пикермиската фауна. Во осумдесетите години на минатиот век на овој локалитет е откопана кљова од мастодон со должина од 3,2 метри.

## 3.10 Археолошки локалитети

- Исар" Марвинци – археолошки локалитет („Исар – Кале"), се наоѓа во близина на селото Марвинци, 7 км југозападно од Валандово, во непосредна близина на автопатот Скопје – Гевгелија, од левата страна на реката Вардар. На овој простор во старо време егзистирала населба врз чии остатоци, благодарение на поволните услови и местоположба во Вардарската долина, подоцна се развила античка населба од хеленистичко време, која постепено прераснала во значаен економски, сообраќаен и културен центар на областа, во античко време нарекувана Амфакситида, што се наоѓала на двете страни на реката Аксиос (Вардар).
- Археолошки комплекс „Валандово" – на просторот на денешниот град се утврдени остатоци од римската антика, која интензивно е присутна во сите три зони на археолошкиот комплекс „Валандово". Тоа се остатоци од Пеонската цивилизација, како иод Елинистичкиот, Римскиот и рано Византискиот период, кога античкото Валандово достигнало висок степен на цивилизација. Во 1 зона – откриена е мозаична површина од околу 200 м², во северозападниот дел на градот. Во 2 зона – покрај тоа, мозаиците се откриени и во месноста „Расадник" јужниот дел на Валандово, односно во месноста „Стакина чешма" Во 3 зона – во реонот на изворот „Св. Петар и Павле" и манастирот „Св. Ѓорѓи" како и просторот околу нив.
- „Идомена" – подземен споменик на културата, потекнува од пред римскиот период, некаде од крајот на IV – ти или почетокот на V – ти век п. е..
- „Добер" – некогашен епископски град, се претпоставува дека се наоѓа во Валандовската котлина, североисточно од Идомена. Градот Добер за првпат се споменува кон крајот на V – ти век од страна на хелинистичкиот историчар Тукидит.
- „Некрополата кај село Дедели" – нем сведок на древната култура, припаѓаат на т.н. рамни скелетни гробови од пеонското време, оградени со камени плочки во форма на ковчези (цисти). Некрополата кај Дедели е од голем обем и зафаќа површина од околу 1.000 m².

- „Фосилите кај Башибос" – интересна културна наслојка, во месноста „Јолбурм" во Прстенска река, фосили на животни од семејството на слонови, т.н „мастадонти" (видслон од пред потопот).

## 3.11 Инфраструктура

**Патна инфраструктура**

Општина Валандово сообраќајно е поврзана со магистралниот пат Е - 751) (Скопје – Гевгелија); регионалните патни правци Р – 110 (с. Удово – с. Раброво), Р- 604 (Оранжерии – с. Марвинци); како и локалните патишта со кои општината се поврзува со околните населени места. Регионалните патишта опфаќаат површина од 46,5 km, а локалните патишта 74,3 km.

**Комунална инфраструктура**

Градот Валандово и населените места Раброво, Дедели и Чалакли користат вода за пиење од ист водовод. Водата за пиење минува низ 6 километарски азбестно-цементен водовод и потребна е што побрза замена на постојниот водовод со еколошки цевки по ISO стандарди. Не постојат податоци за заштитни зони на изворите или друг начин на зонирање и управување со просторот околу изворите од аспект на нивна заштита.

Во однос на издашноста, во текот на летото се јавува недостиг од вода за пиење, пред се поради застареноста на мрежата но и поради големиот број на диви приклучоци преку кои водата се користи за наводнување на земјодлските површина. Како резултат на наведените проблеми доаѓа до рестрикции и прекини во водоводната мрежа, што се одразува на квалитетот на водата (поради рестрикциите цевките остануваaат празни и кога повторно се пушта вода настанува корозија на цевките), а со тоа и на здравјето на луѓето.

ЈП „Комунален сервис" Валандово управува со системите за водоснабдување во 4 (четири) населени места: Валандово, Чалакли, Дедели и Раброво. Сите населени места во општината имаат сопствени локални системи за водоснабдување.

Покриеноста на водоводната мрежа во Општина Валандово е 100%.Населението во општината се снабдува со вода за пиење од 11 системи за водоснабдување. Во следната табела се дадени системите за водоснабдување.

| Ред. Бр. | Систем за водоснабдување | ЗАБЕЛЕШКА | Приклучоци |
|---|---|---|---|
| 1. | Систем за водоснабдување на град Валандово – Раброво – Чалакли – Дедели | Бунар со потисен цевовод, резервоари. Потребна е реконструкција на уличната мрежа во градот и потисниот цевовод во должина од 1.300 м кој е изграден кој е од азбестни цементни цевки. | 1820 |
| 2. | Систем за водоснабдување на с. Пирава | Бунар потисен со цевовод, резервоар и извор со каптажа до резервоарот | 520 |
| 3. | Систем за водоснабдување за с. Јосифово и с. Удово | Потребно е надградба на истиот со зафаќање на дополнителни количини, односно изградба на каптажа, доводен цевовод, кој со со проект е предвиден да се приклучи на постојниот систем | 580 |
| 4. | Систем за водоснабдување на с. Калково | Бунар со цевовод и резервоар. Потребно е реконструкција на цевководот. | 40 |
| 5. | Систем за водоснабдување на с. Брајковци | Бунар со цевовод и резервоар. Количината на водата делумно се задоволува. | 94 |
| 6. | Систем за водоснабдување на с. Балинци | Бунар со цевовод и резервоар. Количината на водата задоволува. | 68 |
| 7. | Систем за водоснабдување на с. Марвинци | Бунар со цевовод и резервоар. Количината на водата задоволува. | 120 |
| 8. | Систем за водоснабдување на с. Грчиште | Бунар со цевовод и резервоар. Количината на водата делумно задоволува. | 60 |
| 9. | Систем за водоснабдување на с. Собри | Каптажа со цевовод и резервоар. Количината на водата не задоволува. | 56 |
| 10. | Систем за водоснабдување на с. Башибос и с. Кочули | Каптажа со цевовод и резервоар. Количината на водата на задоволува. | 50 |
| 11. | Систем за водоснабдување на с. Казандол | Населението со вода за пиење се снабдува со локален бунар, зафаќање на вода со мал капацитет кој не ги задоволува потребите на населението. Потребно е изградба на систем за водоснабдување. | 30 |

Поради делумна застареност на податоците во ЛЕАПот (2009-2013), извршени се консултации со надлежните од комуналното претпријатие при што утврдено е дека во изминатите две години направени се подобрувања на системите за водоснабдување во с.Казандол и Брајковци, со што се елиминирани проблемите со водоснабдување. Дополнително, во атарот на селото Брајковци достапен е системот за наводнување од гевгелиско поле, со што жителите може овој систем да го користат за наводнувањето на своите земјоделски површини наместо водата за пиење, како што претходно било пракса.

Во однос на наводнувањето на земјоделските површини, за Валандовско поле достапен е системот што црпи вода од Вардар, а го покрива цело поле почнувајќи од атарот на с.Брајковци. Со оглед на подобриот квалитет на водата од гевгелискиот системи (бунарска вода), постојат плановите за во иднина овој систем да го замени наводнувањето во валандовско поле.

**Комунални отпадни води**

Во Општина Валандово за комуналните дејности се грижи ЈКП „Комунален сервис" Валандово. Со фекална канализација е покриен градот Валандово и селата Јосифово и Удово. Во градот Валандово има 1100, во с.Јосифово 180, а во с.Удово 200 канализациони приклучоци. Најголем проблем на Општина Валандово е директното излевање на отпадната вода во непосредна близина на градот (на 100 метри од последните куќи) кои директно истекуваат во плодно земјоделско земјиште. Според наши процени, контаминацијата на земјиштето со фекални води зафаќа околу 100 хектари површина и ова претставува приоритетен проблем.

Во 3 (трите) населени места во општината Валандово, Јосифово и Удово постојат канализациони мрежи за отпадни води, со вкупна должина од 20 км и со вкупно 1.480 приклучени домаќинства (58% од вкупното население). Покрај ова во градот Валандово постои и мрежа за одведување на атмосферска вода од 1,5 км, во која се сливаат водите од главните улици во градот Валандово. Домаќинствата во општината кои не се поврзани на канализациона мрежа, околу 1.800 имаат септички јами, од кои најголем број се непрописно изведени. Остатокот од домаќинствата и другите субјекти, своите отпадни води ги исфрлаат слободно.

Отпадните води, слободно без претходен третман се испуштаат по тековите на реките Вардар, Анска река и нивните помали притоки. Со тоа, фекалните води кои се испуштаат по површината на земјата, без предходен третман, директно ги загадуваат површинските/подземните води и почвата. Селата Јосифово и Удово отпадната вода ја испуштаат во реката Вардар, но бидејќи Вардар е со голем проток и брзина влијанието на фекалните води врз квалитетот на реката е минимално. Меѓутоа од г.Валандово отпадната вода се испушта во Анска Река, која поголем дел од годината нема воопшто дотек на вода. Фекалната вода се разлива и се користи за наводнување на земјоделски површини, со што се загадува околу 50 ха земјоделско земјиште. Со канализациониот систем во Валандово управува ЈКП „Комунален сервис" додека со канализационите системи во населените места Јосифово и Удово управуваат месните заедници.
Во табелата даден е приказ на состојбата на канализационите системи во Општина Валандово.

| Р.бр. | Канализациони системи | Приклучоци |
|---|---|---|
| 1. | Канализационен систем на град Валандово | 1.100 |
| 2. | Канлизационенен систем на с. Јосифово | 180 |
| 3. | Канализационен систем на с. Удово | 200 |

**Енерегетика и телекомуникации**

Потрошувачите во Општината Валандово се снабдуваат со електрична енергија преку ТС „Валандово" 110/ 35/ 10 КВ. Во електро – енергетскиот систем на Република Македонија оваа трафостаница е приклучена преку 2 независни далноводи од 110 КВ, од Дуброво – Струмица и Струмица Валандово, кои работат од напонско ниво од 110 КВ, и трафостаница ТС 110/ 35 КВ/ 10 КВ. Електричните водови се со должина од 60 км и преку 4.000 приклучоци се овозможува 100% покриеност на населението. И во однос на телекомуникациската мрежа, Општината Валандово е целосно покриена.

## 3.12 Социо-економски карактеристики

**Стопанство**

Врз основа на податоците прикажани во табелите 18 и 19, во рамките на Општина Валандово се регистрирани вкупно 872 правни субјекти во кои доминираат трговија на големо и мало со 364 регистрирани субјекти и земјоделството со 238 регистрирани субјекти.

Благодарение на поволните климатски услови, дел од населението во општината се занимава со одгледување на земјоделски култури. Во просек, приносите на регионалните земјоделски производи не се многу високи, но гледано поединечно некои приноси се рангираат прилично високо како што е случајот со краставиците, лубениците, пиперките, доматите и сливите. При производство не се користат напредни технологии за производство, а употребата на ѓубрива, сертифицирани семиња и унапредени врсти е релативно ниска. Проблем претставува наводнувањето кое во голема мера влијае врз намалувањето на приносите и обесхрабрување за производство на високо квалитетни производи. Валандовскиот регионален систем за наводнување е вон функција поради застареноста на мрежата, според проценките од 2004 година вкупната површина која била наводнувана изнесувала само 18% од некогашната наводнувана површина.

Производство на зеленчук, особено на ран зеленчук, е еден од најзначајните потенцијали на земјоделство во Валандовскиот регион. Производството на зеленчук е лоцирано во Струмичкиот микро регион и Гевгелискиот регион, приближно 3990 ха ниви. Околу 3500 ха потпаѓаат на ниви, 400 лозови насади, 90 ха овошни насади, а 1500 ха се пасишта. Доминантни култури се: домати, пиперки, краставици, зелка, кромид, дињи и лубеници. Тие традиционално

се произведуваат во оваа област заедно со оние во помали количества како: грашок, лук, праз, зелена салата, модар патлиџан, морков, карфиол, а од неодамна почнаа да се засадуваат и нетрадиционални производи: брокули, брисселски прокељ, аспарагус, кинеска зелка итн. Зеленчуците имаат мошне забележителна шема на сезонски цени каде највисоките се во периодот јануари – април, а најниските во јули – септември. Карактеристично за раните зеленчуци во Македонија е што доаѓаат еден месец порано околку во соседните земји. Карактеристичен производ од овој регион е јапонското јаболко и калинката. Главен пазар за пласман на овие производи е Руската Федерација. Дистрибутивниот систем не е многу добро организиран и подобрувања во оваа област би можеле значително да го стимулираат производството.

Производството на добиток, главно се изведува во брдестите области во северниот и јужниот предел на регионот. Производството на добиток се изведува од страна на мали земјоделски домаќинства, главно за нивни сопствени потреби; неколку комерцијално ориентирани семејни фирми, чиј број расте; како и неколку големи компании за добиток, чиј број се намалува. Стадата во агрокомбинатите се намалуваат, а се зголемуваат оние на приватните земјоделски домаќинства, и тоа особено кравите и прасињата. Бројот на овци е драматично намален за 25% во рок од седум години. Главниот проблем беше заради болестите во периодот 1996 – 1998 година, а кое предизвика сериозен проблем во однос на извозот на јагнешко.

**Демографија**

Според демографските податоци, во периодот од 1994 – 2002 година, Општина Валандово заедно со селата бележи тренд на опаѓање на порастот на населението. Истовремено забележана е и појава на расселување на населените места (во 1994 година забележани се 11 раселени места, додека пак во 2002 година бројот е зголемен за едно расселено место). Според официјалните податоци од Заводот за статистика на Република Македонија и последниот попис на населението од 2002 година, Општина Валандово брои 11.890 жители (од кои 6.139 се мажи, а остатокот 5751 се жени), 3.545 домаќинства и 4.050 живеалишта. Вкупната изградена површина со индивидуални градби во Општината Валандово изнесува 297.847 $m^2$ од вкупната површина на општината која изнесува 331 $km^2$. На територијата на Општина Валандово 82.7% од вкупното население го сочинуваат Македонци, 11,2% Турци, а остатокот припадници од српската и ромската етничка група.

**Табела** Населени места во општина Валандово

| Р.Бр. | ОПШТИНА ВАЛАНДОВО | НАСЕЛЕНИЕ | |
|---|---|---|---|
| | | 1994 | 2002 |
| 1. | **Валандово** | **12.052** | **11.890** |
| 2. | Ајранли | Расел. | / |
| 3. | Аразли | Расел. | / |
| 4. | Бајрамбос | 8 | Расел. |
| 5. | Балинци | 331 | 328 |
| 6. | Баракли | Расел. | / |
| 7. | Башали | Расел. | / |
| 8. | Башибос | 202 | 170 |
| 9. | Брајковци | 422 | 437 |
| 10. | Булунтули | Расел. | / |
| 11. | Валандово | 4.345 | 4.402 |
| 12. | Вејсели | Расел. | / |
| 13. | Градец | Расел. | / |
| 14. | Грчиште | 285 | 255 |
| 15. | Дедели | 251 | 220 |
| 16. | Ѓопчели | Расел. | / |
| 17. | Јосифово | 1.716 | 1.730 |
| 18. | Казандол | 151 | 147 |
| 19. | Кочули | 91 | 50 |
| 20. | Марвинци | 517 | 504 |
| 21. | Пирава | 1.831 | 1.844 |
| 22. | Плавуш | Расел. | / |
| 23. | Прстен | 105 | 68 |
| 24. | Раброво | 269 | 274 |
| 25. | Собри | 252 | 225 |
| 26. | Татарли | 116 | / |
| 27. | Терзели | Расел. | / |
| 28. | Удово | 883 | 851 |
| 29. | Чалакли | 277 | 358 |
| 30. | Честово | Расел. | / |

Извор: ЛЕАП на општина Валандово

# 4. СОСТОЈБА БЕЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

Оваа глава од Извештајот се однесува на развојот во рамките на планскиот опфат без имплементација на предвидениот плански документ. Таканареченото *business as usual / do nothing* сценарио или состојба без имплементација на планскиот документ е прва опција што треба да се разгледа при секоја стратешка оценка чија цел е да обезбеди основа со која што понатаму треба да се споредат сите придобивки односно слабости од имплементацијата на планскиот документ.

Состојбата без имплементација на планскиот документ подразбира иднина на подрачјето на планскиот документ без имплементација на планираните активности од планскиот документ, односно продолжување на актуелната состојба онаква каква што е сега во моментот.

Нереализацијата на планскиот документ ќе биде во насока на идентификуваните проблеми и закани[2]:

- Бавен технолошки развој,
- Непостоење инвестиции,
- Недостаток на финансии,
- Стареење на населението,
- Мал број инвестиции и странски вложувања
- Одлив на млади кадри – brain drain,
- Ниско ниво на животен стандард,
- Намален наталитет и иселување од економски причини,

и може да резултира со:

- Ограничување на развој на општината,
- Успорување на економскиот развој на територијата на општината,
- Послаба атрактивност за инвестиции,
- Намалени општински буџетски приходи, а со тоа стагнација во однос на општинските инвестиции во инфраструктурата,
- Недостаток од нови работни места,
- Помали економски и финансиски придобивки од вработувања, набавка на опрема и слично за потребите при имплементацијата на планираната активност,
- Намалување на интересот на идни потенцијални инвеститори и отстуство на финансиски вложувања,
- Успорен одржлив развој;
- Неискористување на рудните богатства во општината,
- Стагнација на животниот стандард, гледано во микроуслови,
- Помали инфраструктурни потенцијали на општината во делот на образованието,
- Губење на придобивки од идни потенцијални инвестиции директно или индиректно поврзани со планираната активност.

[2] Идентификувани во релевантните локални и регионални плански документи, Поглавје 2.4

# 5. АНАЛИЗА НА АЛТЕРНАТИВИ

Подготовката на плански и програмски документи со кои се планира изведување на проекти, предвидува задолжително разгледување на алтернативи, од аспект на избор на најдобро решение за предметната локација и активности што би се предвиделе на планскиот опфат, потоа од аспект на економска оправданост, финансиски можности и заштита на животната средина.

Државната урбанистичка планска документација е изработена за локација дефинирана со линија и прекршни точки во рамки на земјиште кое е сопственост на државата, дадено под концесија на инвеститорот.

Со Државната урбанистичка планска документација, составена од една градежна парцела, се предвидуваат следните наменски употреби на земјиштето:

Група на класи на намена
- Г – производство, дистрибуција и сервиси

Основна класа на намена
- Г1 – тешка и загадувачка индустрија

Компатибилни класи на намена
- Д2-заштитно зеленило
- Е1-комунална инфраструктура
- Е2-Комунална супраструктура
- Е3-Некомпатибилна инфраструктура

Планскиот опфат што е предмет на изготвување на државна урбанистичка планска документација за градби за тешка и загадувачка индустрија за потребите на новиот рудник е во рамките на Просторниот план на Република Македонија, донесен во 2004 год. Условите за планирање на просторот се изработени од страна на Агенцијата за планирање на просторот и за истите е издадено Решение за услови за планирање од страна МЖСПП. Во Условите за планирање на просторот, произлезени од Просторниот План на Р.М. акцент се става на намената на земјиштето и бонитетот на земјиштето, заштитата на животната средина, на инфраструктурата, како и на економските основи, односно влијанието на рудникот врз развој на стопанството, односно во Република Македонија. Опфатот не подлежи на предходна урбанистичка планска документација.

Планскиот концепт е поставен врз основа анализата на просторот, анализата на можностите за просторен развој и Планската програма и потребите на концесионерот. Планскиот концепт е во директна зависност од природните фактори, посебно од конфигурацијата на теренот и од можностите за просторна композиција, односно естетско обликување на просторот согласно намената. Планскиот концепт е условен и од мерките за заштита и спасување.

Планскиот опфат се наоѓа во границите на концесискиот опфат на концесионерот, што во апсолутни рамки ја диктира намената предвидена со планскиот документ и локацијата на содржините предвидени во него.

Планскиот документ не анализира алтернативи на било кое ниво од аспект на просторна урбанизација на опфатот. Алтернативи се очекуваат да бидат анализирани на ниво на физибилити студија каде концесионерот, односно идниот инвеститор ги анализира можностите за експлоатација и производство во однос на можностите на просторот и останатите услови за работа. Секако, на ниво на проект исто така ќе следат анализи на алтернативи кои повеќе се очекува да се однесуваат технички и технолошки аспекти. Од аспект на просторна реализација на планскиот документ, алтернативите се условени и ограничени на ниво на концесиски простор каде што сите содржини предвидени со планскиот и идните технички документи.

# 6. ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Во подготовката на извештајот земени се предвид целите на заштита на животната средина одредени на национално, како и локално ниво, а кои се релевантни за планскиот документ. Постапката за стратегиска оцена бара идентификација само на оние цели кои се релевантни за планскиот документ па според тоа неопходна е селекција. Целите треба да бидат адаптирани на локалните услови во животната средина.

**Биодиверзитет, фауна и флора:**

- Зачувување на разновидноста на живеалиштата и заштитени видови

**Население**

- Подобрување на квалитетот на живот на луѓето врз основа на високо квалитетни стамбени, работни и рекреативни средини за одржлив туризам

**Здравје на човекот**

- Минимизирање на бучавата, вибрациите, емисиите од сообраќајот, индустриските процеси и експлоатацијата на суровини во некои индустриски гранки

**Почва**

- Одржување на квалитетот на почвата
- Повторна употреба на кафеавите почви, наместо развој на т.н. greenfield површини
- Минимизирање на потрошувачката на необновливи песок, чакал и каменит депозит
- Минимизирање на количините на отпад кои се депонираат

**Вода**

- Заштита и подобрување на статусот на водните екосистеми, и во однос на нивните потреби од вода копнените екосистеми и можурштата директно зависат од водните екосистеми
- Одржливо користење на водата врз основа на долгорочната заштита на расположливите водни ресурси
- Намалување на прогресивното испуштање на загадувачките материи во водата
- Ублажување на ефектите од суши и поплави
- Приоритизација на употреба на вода.

**Воздух/климатски фактори**

- Намалување на сите форми на загадување на воздухот
- Намалувањето на емисиите на стакленички гасови да продонесе за намалување и избегнување глобалните климатски промени предизвикани од страна на човекот
- Намалување на користењето на електрична енергија и зголемување на употребата на обновливи извори на енергија
- Адаптирање на влијанијата на климатските промени

**Материјални средства**

- Избегнување на ризик од поплави или крајбрежна ерозија при избор на локацијата за инвестирање

**Културно наследство**

- Промовирање на заштита и зачувување на културното, вклучувајќи архитектонско и археолошко наследство

**Предел**

- Зачувување и унапредување на природниот и историскиот предел

## 6.1 Цели на национално или меѓународно ниво релевантни за планскиот документ

Генералните цели за заштита на животната средина земени во предвид при подготовката на урбанистичкиот план, односно кои се очекува да се постигнат со мерките за избегнување, ублажување и/или компензација на потенцијалните влијанија предложени во овој извештај се:

- Зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина,
- Заштита на квалитетот на амбиентниот воздух, избегнување, спречување или намалување на штетни емисии во воздухот,
- Достапност до доволно количества квалитетна вода, заштита, зачувување и постојано подобрување на расположливите водни ресурси, спречување или намалување на штетни испуштања, одведувањето и третман на комуналните отпадни води, третман на отпадни индустриски води од страна на самите субјекти,
- Избегнување и намалување на создадениот отпад, негово повторно искористување, отстранување на прифатлив начин,
- Рамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот,
- Рационално користење и заштита на земјоделското земјиште,
- Рационално и одржливо користење на природните ресурси,
- Користење на обновливи извори на енергија,
- Зачувување и заштита на растителниот и животинскиот биодиверзитет,
- Избегнување, спречување или намалување на бучавата.

Во рамки на националната правна рамка, следните национални документи и стратешки документи релевантни за планскиот документ, односно целите пропишани со нив се земени предвид од аспект на вкупна заштита на животна средина:

- Втор национален еколошки акционен план на РМ (2006 год.),
- Национална стратегија за одржлив развој,
- Просторен план на РМ (2004 год.),
- Национална стратегија за управување со отпад (2008-2020)
- Национален план за управување со отпад (2009 - 2015)

- Закон за животна средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14)
- Закон за управување со отпад (Службен весник на РМ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 134/08, 09/11, 51/11, 123/12, 163/13)
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Службен весник на РМ бр. 79/2007, 124/10, 47/11, 163/13)
- Закон за водите (Службен весник на РМ бр.87/08, 6/09, 161/09, 51/11, 44/12, 163/13)
- Закон за спроведување на просторен план на РМ (Службен весник бр. 39/04)
- Закон за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник бр.51/2005)
- Закон за градење (Службен весник бр.130/09)

Во рамки на секундарното законодавство, земени се предвид сите постоечки подзаконски акти релевантни за тематиките опфатени со горенаведените законски акти. Во делот на имплементација на постапката за стратегиска оцена на животната средина дадена во Глава X од Законот за животна средина, следните подзаконски акти се консултирани при изготовката на овој Извештај и спроведувањето на самата процедура за стратегиска оценка на предметниот плански документ:

- Уредба за стратегии, планови и програми вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето (Службен весник бр.153/07)

- Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуки дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето (Службен весник бр.144/07)
- Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина (Службен весник бр.153/07)
- Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (Службен весник бр.147/08)

## 6.2 Цели релевантни за планскиот документ на локално ниво

- Програма за развој на југоисточен регигон (2009 – 2013)

| **Долгорочни цели** | **Краткорочни цели** |
|---|---|
| Југоисточниот регион да произведува квалитетни, брендирани градинарски, лозови и овошни производи и преработки барани на регионалните и глобални пазари. | - Да се воведат едукативни процеси за примарни земјоделци<br>- Да се воведе стандардизирано производство и воспоставување сертифицирано производство<br>- Да се формираат кластери во градинарството, лозарството и овоштарството во регионот<br>- Да се обнови и модернизира механизацијата во примарното земјоделство и да се воведат нови технологии во преработувачката индустрија<br>- Да се зголеми процентот на органското производство во регионот<br>- Да се зголеми бројот и да се поддржат постојните мали фарми што ќе бидат функционални, одржливи и конкурентни на домашниот и регионалниот пазар<br>- Да се поддржат постојните кланици и да се изградат производствени погони на сточарски производи за традиционална преработка и да се зголеми пристапот до домашните и регионалните пазари<br>- Да се започне квалитетно алтернативно сточарство - одгледување и преработка на ноеви, полжави и друго<br>- Да се развие пчеларството и рибарството во регионот |
| Да се зголеми вработеноста преку зголемување на бројот на МСП, развој на конкурентноста и активни мерки за развој на човечки ресурси. | - Да се формираат Фондови за финансирање и основање МСП и да се зголеми конкурентноста на МСП на домашните и странските пазари<br>- Да се формира Универзитет за менаџмент, маркетинг, продажба, дизајн, туризам и земјоделство, да се формира истражувачки и развоен институт и да се поддржат постојните центри за кариера на пазарно ориентирано стручно средно образование<br>- Формирање Револвинг фондови за развој на човечки ресурси (Тренинг центри) за обука на возрасни според барањата на пазарот<br>- Да се поддржат активните мерки според барањата на пазарот на трудот за вработување како што се преквалификација, доквалификација, самовработување, јавни работи, барање работа, обуки за невработени, и др.<br>- Да се воведат мерки за подобрување на условите за работа, регистрирање на земјоделците, намалување на работата на црно и намалување на сивата економија |
| Да развие нова и да ја подобри постоечката физичка инфраструктура, особено онаа поврзана за транспортот, енергијата, ИТ, со цел да го поддржи | - Да се реконструира и модернизира патната регионална мрежа М-6<br>- Да се реконструира и прошири руралната патна |

| **Долгорочни цели** | **Краткорочни цели** |
|---|---|
| економски раст и да ја подобри целокупната конкурентност на регионот. | инфраструктура до сите населени места и важни туристички и културно-историски места<br>- Да се развие енергетската инфраструктура – гасификација на регионот, развој на мали и средни хидроцентрали, искористување на термалната енергија<br>- Да се модернизира телекомуникациската и помошна ИТ инфраструктура |
| Да се развие бањскиот, културно – историскиот, селскиот и алтернативниот туризам преку соработка со соседните региони и држави. | - Да се развие бањскиот туризам<br>- Да се развие еко и селскиот туризам<br>- Да се развие казино туризмот и езерскиот туризам во Дојранското Езеро и вештачките езера во регионот<br>- Заштита и претставување на културното наследство<br>- Да се подобри туристичката инфраструктура со изградба на нови и реконструкција на постојните спортско - рекреативни центри |
| Да се заштити и подобри животната средина преку искористување на обновливи извори на енергија и одржлив развој. | - Да се подобрат условите за квалитетна вода за пиење во регионот<br>- Да се заштитат сите површински и подземни води во регионот<br>- Да се заштити и подобри квалитетот на воздухот во регионот<br>- Да се изврши едукација на населението и фирмите за примена и искористување на технологии за обновлива енергија<br>- Да се обезбедат средства за поддршка, воведување и развој на технологии за обновлива енергија<br>- Да се воведе регионално управување со цврстиот отпад<br>- Да се намалат количините на цврстиот отпад<br>- Подигање на јавната свест на населението<br>- Целосно истражување на биодиверзитетот во регионот и заштита на одредени видови и подрачја |
| Да се промовира регионот и привлечат директни инвестиции за одржлив развој. | - Да се создаде Регионална агенција за промоција<br>- Агресивна промоција на регионот и лобирање кај конкретни инвеститори<br>- Да се создадат услови за привлекување инвестиции на локално ниво |

❖ ЛЕАП на општина Валандово (2009 – 2013)

Локалниот еколошки акционен план на општина Валандово поставува цели и приоритети, утврдени врз основа на следните критериуми:

- Влијание по човековото здравје,
- Влијание по животната средина,
- Влијание по квалитетот на живот,
- Распространетост,
- Интензитет,
- Неповратност,
- Јавно мислење,
- Ниво на контрола кое општината го има на проблемите,
- Плански, законски или други регулаторни барања,
- Мислење на членовите на локалниот комитет.

Следните цели, односно соодветни мерки се утврдени со ЛЕАПот:

Почва:

| **Цел** | **Мерка** |
|---|---|
| Заштита на земјоделско земјиште поволно за производство на квалитетна храна и промовирање на органско земјоделство | - Воспоставување на база на податоци за состојбата со квалитетот на почвата,<br>- Поттикнување на органско производство. |
| Донесување на урбанистички планов | - Изработка на урбанистички планови за населени места,<br>- Вработување на урбанистички инспектор. |
| Заштита од штетно дејство на водите | - Изработка на програма за заштита од штетно дејство на водите во урбаните подрачја од територијата на општината,<br>- Уредување на порои согласно програмата. |

Природа:

| **Цел** | **Мерка** |
|---|---|
| Одржливо управување со шумскиот фонд во општината | Воспоставување на систем за заштита на шумите од пожари и бесправна сеча |
| Воспоставување на интегрален систем за заштита на природата и биодиверзитетот | - Изработка на база на податоци,<br>- воспоставување на мониторинг на состојбата со природата и биодиверзитетот,<br>- спроведување на активности за подигнување на јавната свест за зачувување на природните ресурси. |

Вода:

| **Цел** | **Мерка** |
|---|---|
| Подобрување на услугите за водоснабдување по квалитет и квантитет | - Реконструкција на постојниот систем за водоснабдување и изградба на соодветна филтер станица  или извори на алтернативни извори на водоснабдување согласно техничка или економска анализа на студијата,<br>- Зајакнување на свеста на населението за рационално користење водните ресурси,<br>- Одржливо работење на ЈКП Комунален сервис Валандово |
| Одржливо управување со водоснабдителните системи | - Управување/превземање на постојните водоснабдителни системи до 2014 год.,<br>- Зајакнување на капацитетите на операторот кој ќе управува со водоснабдителните системи. |
| Одведување и пречистување на отпадни води заради заштита на водните тела | - Изработка на предлог програма за одведување, собирање и пречистување на отпадни води,<br>- Изградба на системи за за одведување, собирање и пречистување на отпадни води,<br>- Зајакнување на капацитетите на општината за спроведување на инфраструктурни проекти,<br>- Зајакнување на капацитетите на операторот на системите,<br>- Спроведување на кампања за подигнување на јавната свест на населението |

Отпад:

| **Цел** | **Мерка** |
|---|---|
| Воспоставување на систем за организирано собирање на комунален отпад низ општината | - Донесување на план за управување со отпад на општината,<br>- Воспоставување на соработка со месните заедници за собирање на отпадот. |
| Подобрување на услугата на ЈКП за спроведување на законските обврски | - Воспоставување на систем за регионална санитарна депонија, |

| **Цел** | **Мерка** |
|---|---|
| | - Набавка на опрема за собирање на комунален отпад. |
| Отстранување на дивите депониии и спречување на нивно повторно настанување | - Затворање на дивите депонии. |
| Зајакнување на човечките капацитети на ЈКП | - Израработка на бизнис план со проценка на ангажираноста на персоналот. |
| Зајакнување на инспекцискиот надзор и зајакнување на техничката и кадровската опременост | - Вработување на инспектор за животна средина. |
| Воспоставување на систем за рециклирање, сепарирање реупотреба на отпад | - Реализација на јавна кампања за потреба од рециклирање,<br>- Промоција на пилот проект за сепарирање, рециклирање и реупотреба на одреден тип на отпаден материјал |

Воздух:

| **Цел** | **Мерка** |
|---|---|
| Заштита на воздухот од емисии на загадувачки материи од стационарни и мобилни извори | - Воведување на контрола на емиисии на загадувачки матеии во воздухот по пат на мониторинг и процедуре согласно законот,<br>- Изработка на план за користење на обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност,<br>- Спроведување на кампања за подигнување на јавната свест. |

- Програма за локален економски развој на општина Валандово (2009-2013)

| **Стратешка област** | **Стратегиска цел** | **Конкретни цели** |
|---|---|---|
| Развој на земјоделство и поддршка на развој на МСП и преработувачка индустрија | Развој на земјоделското производство и производството на храна преку мерки за негова поддршка | ▪ Развој на примарното земјоделското производство преку обезбедување негов одржлив развој,<br>▪ Зголемување на пласманот на земјоделските производите низ зголемување на нивниот квалитет и разновидност,<br>▪ Зголемување на квалитетот на родот преку зголемување на опфатот на наводнувањето,<br>▪ Обука на земјоделските производители за можностите фондови за развој на земјоделието, |
| | Модернизација на постоечки и развој на нови преработувачки и производствени капацитети | ▪ Развој на преработувачките капацитети преку нивна институционална поддршка,<br>▪ Поддршка на развојот на МСП,<br>▪ Зголемување на конкурентноста и атрактивноста производителите на храна низ мерки за нивна промоција. |
| Квалитет на живот | Подобрување на квалитетот на живот | ▪ Развој на НВО, |

| **Стратешка област** | **Стратегиска цел** | **Конкретни цели** |
|---|---|---|
| | преку развој на етничкиот соживот, НВО сектор и медиумите | ▪ Развој на етничкиот соживот преку програми за поддршка на етничкиот соживот,<br>▪ Развој на етничкиот соживот преку програми за подршка на Етничките заедници. |
| | Подобрување на квалитетот на живот преку развој на образованието, културата и спортот | ▪ Обезбедување на здрава и безбедна средина за престој и образование низ мерки за подобрување на условите во училиштата<br>▪ Подигнување на квалитетот на образованието преку подигање на воспитната компонента во училиштата<br>▪ Збогатување и негување на културно-историското наследство и негово промовирање во земјата и странство<br>▪ Развој на спортот преку морална и финансиска поддршка |
| Заштита на животна средина | Подобра грижа за животната средина преку систематски мерки за нејзина заштита | ▪ Намалување на негативното влијание на човековата околина со воведување на интегрално управување со отпад,<br>▪ Целосно прифаќање и обработка на отпадните води преку изградба на канализации и пречистителни<br>▪ Подигање на јавната еколошка свест со промоција и ЕКО брендирање на општина Валандово |
| | Зачувување на животната средина преку одржливо управување со природните ресурси | ▪ Намалување на локалната зависност од фосилните горива низ искористување на обновливите извори на енергија<br>▪ Избалансиран економски развој преку одржливо управување со природните ресурси |
| | Зголемување на достапноста на исправна вода до корисниците преку внимателно искористување на хидропотенцијалот | ▪ Зголемување на корисните количини на вода со нејзина акумулација и заштеда<br>▪ Обезбедување на здравствено исправна вода за пиење со обезбедување на нови извори односно надградба на постоечките<br>▪ Зголемување на наводнуваните површини преку ревитализација на |

| **Стратешка област** | **Стратегиска цел** | **Конкретни цели** |
|---|---|---|
| | | мелиорацијата |

❖ Потстратегија за рурален економски развој на општина Валандово (2009-2013)

| **Стратешка цел** | **Конкретни цели** |
|---|---|
| До 2010 година групата за рурален развој на Општина Валандово да прерасне во формална локална акциона група , со развиени технички и човечки капацитети | ▪ Во 2009 година, Групата за Рурален Развој да прерасне во формално тело на Општината кое ќе ја координира работата во сферата на руралниот развој со одлука донесена од страна на Советот на Општина Валандово,<br>▪ До 2010 да се изврши зајакнување техничките и човечките капацитети на ЛАГ- Валандово со подршка на Општината и други заинтересирани страни. |
| До 2013 година да се изврши унапредување на земјоделското производство, конкурентноста и одржливоста на производителите и преработувачките капацитети | ▪ До 2013 да се изврши јакнење на капацитетите на субјектите за зголемување на конкурентноста земјоделските производи заради зголемување на пласманот, |
| До 2013 година да се превземат мерки за зајакнување на претприемништвото и намалување на невработеноста во руралните средини. | ▪ До 2013 година да се спроведат активности за создавање услови за создавање на нови работни места. |
| До 2013 година да се спроведат мерки за зачувување на животната средина преку одржливо управување со природните ресурси и намалување на загадувањето со цел позитивно да се влијае на севкупниот квалитет на живеење. | ▪ До 2013 година да се започне со ефикасно искористување на обновливите извори на енергија.<br>▪ До 2013 година да се намали загадувањето на животната средина со отпадоци. |
| До 2013 година да се спроведат мерки за зачувување и збогатување на природното, културно - историското и археолошкото богатство и промовирање во земјата и странство | ▪ До 2013 година да се спроведат активности за негување и ефикасно управување со природното,културно-историското и археолошкото богатство,<br>▪ До 2013 година да се превземат активности за промовирање на културно - историското и археолошкото богатство во земјата и странство. |

❖ Управување со отпад

Општината не располага со План и Програма за управување со отпад.

# 7. ВЕРОЈАТНИ ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Извршена е анализа на влијанијата од имплементацијата на предвидениот плански документ. Анализата е направена согласно упатствата дадени во Уредбата за содржината на извештајот за стратегиска оцена[3]. При извршената анализа земени се предвид сите релевантни влијанија и нивните карактеристики, секундарни, кумулативни, синергистички, потоа краткорочни, среднорочни и долгорочни, трајни и привремени, позитивни и негативни влијанија. При анализата, земени се предвид целите и насоките од повисоките и поврзаните релевантни планови, како и целите на животна средина поставени во нив.

Имплементацијата на планскиот документ е во функција на просторно организирање на дадената локација, во смисла на искористување на сите просторни можности на локацијата и нивно ставање во насока на економски развој на регионот.

Со оглед на главната намена на планскиот документ и развој на тешка и загадувачка индустрија, имплементација на државната урбанистичка планска документација може да предизвика влијанија врз животната средина.

Подетално разгледување на влијанијата врз животната средина и планирање на соодветни мерки за спречување и контрола на загадувањето и компензација потребно е да се направи на ниво на имплементација на конкретната активност предвидена со намената на урбанистичкиот план, на ниво на студијата за оценка на влијанието врз животната средина. Сите тие анализи треба да бидат рефлектира во рамките на локалните стратешки документи за животна средина:

- Локален еколошки акционен план,
- Акционен план за бучава,
- Програма за обновливи извори на енергија,
- Акционен план и обврска за известување при алармантни состојби,
- Планови и Програми за управување со отпад,
- Посебни акти за постапување со комунален и друг вид неопасен отпад,
- Програма за заштита од штетно дејство на водите,
- Оперативни планови за заштита и одбрана од поплави,
- Програма за мониторинг на води, и др.

## 7.1 Влијание врз население и човеково здравје

Имплементацијата на планскиот документ се очекува да има долгорочно позитивно влијание врз населението во општина Валандово и пошироко. Влијанија би опфаќале:

- Унапредување на состојбата со вработување во поширокиот регион, преку отворање нови работни места во текот на фазата на градба и во текот на оперативната фаза на проектот
- Интензивирање на економската активност во регионот и подобрување на животниот стандард на лицата директно или индиректно инволвирани во активноста на локацијата
- Позитивни сигнали за други потенцијални инвеститори
- Општо подобрување на социо-економските услови.

Имплементацијата на планскиот документ не предвидува раселување на население, ниту зафаќа земјоделски површини кои би биле предмет на аквизиција и би претпреле трајна пренамена, со што долгорочно би се влијаело на било кој начин на населението.

Во однос на сообраќај, пристапот до локацијата ќе биде решен преку локалиотн пат со кој селото Казандол се поврзува Валандово. Имплементацијата на планскиот документ ќе значи зголемен сообраќај и движење на товарни возила што може да доведе до влијанија врз на коловозот и тековниот интензитет на сообраќај, а со тоа да се влијае на комфорот на жителите од околните места.

[3] Службен весник на РМ бр.153/07

Со оглед на природата на активноста, имплементацијата на планскиот документ може да доведе до влијание врз режимот и квалитетот на површинските и подземните води во концесионото поле

Имајќи предвид дека оваа Стратешка оцена на влијанијата се превзема во раната фаза на планскиот процес, со примена на соодветни мерки може да се влијае да се спречат загадувањата и да се заштити здравјето на луѓето.

## 7.2 Влијанија врз социо - економска состојба

Имплементацијата на планскиот документ ќе има долгорочно позитивно влијание врз социо-економскиот развој на општината и пошироко потенцијално резултирајќи со:

- Нови вработувања,
- Дополнителни буџетски приливи во општината,
- Позитивни импликации на домашниот пазар директно засегнат со природата на активноста што ќе се изведува на локацијата,
- Можност за нови инвестиции,
- Овозможување на работа за други локални фирми во текот на конструктивната и оперативната фаза,
- Подобрување на вкупната инфраструктура во околината,
- Поттикнување на развојот на општината,
- Позитивен сигнал за идни потенцијални инвеститори,
- Долгорочно подобрување на нивото на животен стандард и квалитет на живот.

Со имплементација на планот се создаваат предуслови за развој на локалната економија преку уредување на земјиштето опфатено со планската документација, обезбедување на услови за развој на значајни дејности и ефектуирање на даночната обврска на сопствениците на недвижности за плаќање на данок на имот што е значаен извор на приход на локалната самоуправа. Овој приход мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на Општината и развој на повеќе дејности од нивна надлежност со што ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои локалната самоуправа им ги овозможува на своите граѓани.

## 7.3 Влијанија врз квалитет на амбиентниот воздух

Со оглед на предвидената главна класа на намена Г1 - тешка и загадувачка индустрија, можно е имплементацијата на планскиот документ да има влијание врз квалитетот на амбиентниот воздух.

Воспоставувањето на рудничките активности, односно градежната фаза ќе има одреден товар врз квалитетот на воздухот изразен во форма на емисии на прашина и емисии од мотори со внатрешно согорување од возилата и механизацијата вклучени во оваа фаза. Овие влијанија според веројатноста сигурно ќе се појават, ќе бидат од локален карактер и временски ограничени на траењето на самата фаза.

Оперативната фаза е поврзана исто така со различни извори на емисија кои во отсуство на техничките детали не се квантитативно и квалитативно определени. Со оглед на природата на активноста, извори на емисии ќе бидат активностите на експлоатација на минералните суровини, потоа активностите на механичка обработка (дробење) на рудата, како и активностите на технолошка преработка на рудата и добивање на готов производ. Дополнително, во зависност од деталите на проектот, може да се очекуваат и емисии од согорување на фосилни горива за различни потреби во опфатот. Повторно, сите овие извори на ова ниво не може да бидат детално оценети во отсуство на технички детали. Веројаноста за случување е голема дека вакви емисии ќе се појават на дневна или неделна база (во зависност од изворот), локални во однос на карактер на просторна дистрибуција, главно реверзибилни, некои континуирани некои неконтинуирани по траење.

Влијанието на сите активности и процеси предвидени со имплементацијата на планскиот документ врз квалитетот на амбиентниот воздух ќе биде предмет на анализа на студијата на оцена на влијанието врз животната средина од предвидената активност. Во рамките на студијата точно треба да се пределат сите влијанија кои може да произлезат со имплементацијата на проектот, истите детално да се карактеризираат и да биде извршено оценка на влијанието врз квалитетот на амбиентниот воздух и здравјето на луѓето. Следствено, студијата ќе предложи соодветни мерки за намалување на влијанијата врз квалитетот на воздухот.

Од аспект на влијанијата, неопходно е да се напомене дека воздухот во околината е со ненарушен квалитет, односно поседува висок апсорптивен капацитет. Ова би значело дека не постои ризик од надминување на гранични вредности со имплементацијата на планот. Сепак, поради близината на населени места во околината на опфатот, неопходни се детални анализи на влијанијата и нивна проценка во однос на квалитетот на воздухот, како и целосна примена на сите мерки што ќе произлезат од тоа.

## 7.4 Влијание врз квалитет на површински и подземни води

Имплементацијата на планскиот документ и предвидената активност може да има влијание врз квалитетот на површинските и подземните води.

Во текот на фазата на изградба, влијанијата не се очекува да бидат значителни, освен во случаи на инциденти со суровини и помошни материјали кои имаат потенцијал на загрозување на квалитетот на површинските и подземните води.

Оперативната фаза на процесот и активностите што се планираат предвидуваат употреба на големи количини вода за различни технолошки потреби на локацијата, додека самите технолошки процеси ќе резултираат со создавање на технолошки отпадни води. Во отсуство на технички детали за проектот и точни количини потребна вода, како и детали за количините и квалитетот на отпадните води, не се можни подетални оценки на влијанијата. Дополнителен ризик за водите може да се очекува и од суровините и помошните материјали кои ќе се употребуваат во различните фази од технолошкиот процес, како и од активностите на нивно ракување и складирање.

Според краткото резиме за активноста, испуштање на отпадни води надвор од опфатот не е предвидено со што влијанието врз површинските води е исклучено при нормална работа. Поради тоа, останува само ризикот при управувањето со отпадните води во рамките на опфатот.

Според постоечката состојба, водоснабдувањето со вода за пиење и вода за наводнување е релативно задоволителна во пошироката околината на опфатот, поради што имплементацијата на планот не се очекува да има значително влијание по однос на ова прашање. Сепак, проблеми со вода особено вода за пиење се карактеристични за сушни години. Дополнително, според локалната стратешка документација, планирано е зголемување на квалитетот на родот преку зголемување на опфатот на наводнувањето и зголемување на достапноста на исправна вода до корисниците преку внимателно искористување на хидропотенцијалот[4]. Имајќи ги предвид овие факти, неопходно е внимателно анализирање на употребата на вода и оценка на евентуалните влијанија врз околината. Сите анализи неопходно е да бидат направени врз основа на спроведени детални хидролошки и хидрогеолошки анализи, а во согласност со локалните потреби за вода и целите на стратешките планови на општината и регионот.

Неправилното управување со суровини, помошни материјали и отпад може да доведе до влијание врз квалитетот на површински и подземни отпадни води.

[4] Програма за локален економски развој на општина Валандово (2009-2013)

Влијанието врз квалитетот на површинските и подземните води детално ќе биде разгледано и определено во рамките на студијата за оцена на влијанието врз животната средина од конкретниот проект предвиден со планскиот документ. Во рамките на оваа студија, треба да се направи детално определување на сите можни влијанија кои би можеле да произлезат со имплементацијата на технолошкиот процес, нивен опис и проценка. Следствено, студијата ќе предложи соодветни технолошки и оперативни мерки за намалување на влијанијата врз квалитетот на водите.

### 7.5 Влијание врз почва

Имплементацијата на планскиот документ може да има влијание врз почвата во текот на фазата на изградба, односно во оперативната фаза.

Имплементацијата на планскиот документ и планираната активност предвидува експлоатација на минерални суровини што подразбира влијанија врз почвата. Дополнително, со оглед на природата на активноста, оперативната фаза од имплементацијата подразбира управување со опасни материјали во различни фази од процесот, како и создавање на различни видови и количини на технолошки отпадни води и опасен отпад што може да резултира со влијанија врз почвата во условите на неправилно управување или инциденти.

Неправилното управување со отпадните води и отпад може да доведе до влијанија врз квалитетот на почвата. Невнимателно и неправилно управување со суровини и помошни материјали или нивно складирање исто така може да доведе со влијание врз квалитетот на почвата.

Деталното влијание врз квалитетот на почвата ќе биде определено и оценето во рамки на студијата за оцена на влијанието врз животната средина.

### 7.6 Влијание поврзани со управување со отпад

Имплементацијата на планскиот документ може да резултира со влијанија по однос на прашањето на отпад, имајќи ја предвид главната класа на намена и обемот на планскиот опфат.

Во рамки на фазата на инфраструктурно комплетирање на планскиот опфат, може да се очекуваат одредени фракции на инертен неопасен отпад. Влијанието во оваа фаза се очекува да биде локално и без значителни карактеристики.

Во текот на оперативната фаза на планскиот документ, работата на технолошкиот процес ќе резултира со создавање на различни фракции и количини индустриски (технолошки) неопасен и опасен отпад. Неправилното управување со создадениот отпад може да има влијание врз квалитетот на почвата и површинските и подземните води.

Влијанието врз животната средина по ова прашање треба да биде соодветно анализирано и оценето во рамки на студијата за оцена на влијанието од активноста што се планира во планскиот опфат. Во рамките на студијата треба да бидат детално анализирани процесите кои ќе резултираат со создавање на отпад, потребно е да се определат сите можни видови отпад кои ќе биде веројатно да се создаваат, да се опишат карактеристиките, да се предвидат количините, како и да се предвиди соодветен систем за правилно управување во текот на сите фази. Покрај тоа, потребно е во рамки на студијата да се аналиризаат можностите за повторно искористување на фракциите отпад или нивно рециклирање и враќање во процесот. За оној отпад чија единствена опција е финално одлагање потребно е да се проценат годишните количини, да се предвидат начините и можните локации за финално отстранување.

За сите создадени количини индустриски интертен и опасен отпад, согласно постоечките законски обврски деловниот субјект одговорен за управување со процесот ќе биде должен да

обезбеди соодветни услови на правилно собирање и привремено складирање во рамки на својата локација, како и негово финално отстранување.

## 7.7 Влијание од бучава

Имплементацијата на планскиот документ може да има влијание врз животната средина по однос на ова прашање.

Во рамки на фазата на изградба, појавата на бучава е поврзана со работата на соодветната механизација и истата во голем дел не може да се избегне. Еден дел од бучавата ќе потекнува од зголемената фрекфенција на возила во текот на оваа фаза. Влијанието ќе биде неконтинуирано, локално и временски ограничено на фазата на изградба.

Во текот на оперативна фаза, од особен интерес се очекува да бидат активностите на експлоатација на минерални суровини кои би се изведувале на отворен простор, поврзани со минирање, дробење и др. Во зависност од плановите на експлоатација, минирањето би можело да биде на неколку дена или на поголем период, додека пак активностите на дробење би биле секојдневно. Активностите на преработка предвидено е да се одвиваат во затворен простор, во рамки на објект, со што влијанијата би биле помали.

Со оглед на близината на население места во околината на планскиот опфат, влијанијата би можеле да бидат значајни поради што неоподно е  да се предвидат соодветни мерки за контрола.

Во рамките на планскиот опфат и неговата близина не се регистрирани живеалишта на диви видови на фауна кои би можеле да бидат дополнително рецептори на влијанијата.

Обемот и интензитетот на влијанијата од бучавата како во фазата на изградба така и во оперативната фаза детално ќе бидат соодветно определени и оценети во рамки на студијата за оцена на влијанието од активноста што се планира во планскиот опфат.

## 7.8 Влијание врз флора и фауна и врз предел

Имплементацијата на планскиот документ не се очекува да има влијание врз биодиверзитетот и еколошките ресурси во регионот. Во однос на пределот, со оглед на видот на активноста предвидена со планот, се очекува дека неговата имплементација ќе има долгорочни влијанија.

Во рамките на планскиот опфат определен со урбанистичката планска документација нема евидентирано природно наследство. Планскиот опфат се наоѓа во рамки на концесиски простор на новопредвидениот руднички комплекс, простор наменет за рудраски активности.

Планскиот опфат се протега на терен кој е релативно брдовит, на делови и стрмен, со стрмни падови без поголеми особености на категорија на предел со ниски природни, пејсажни карактеристики. Имајќи ги во предвид ниските сценски вредности на пределот во планскиот опфат, се очекува дека влијанија врз него ќе бидат од мала значајност, но трајни и нереверзибилни.

Деталното влијание врз биолошката и пределската разновидност ќе биде определено и оценето во рамки на студијата за оцена на влијанието врз животната средина.

## 7.9 Влијание врз културно и историско наследство

Според условите за планирањето на просторот добиени за потребите на подготовката на планскиот документ од страна на Агенцијата за планирање на просторот, а видено од планскиот документ, во рамките на планскиот опфат не постојат  градби или споменички целини од културно-историско значење, ниту културни предели значајни од заштитно-конзерваторски аспект.

При реализација на градба од урбанистичката планска документација за предметната градежна парцела, доколку се појави археолошко наоѓалиште, инвеститорот има обврска да постапи во согласност со одредбите од законската регулатива во доменот на заштита на културното наследство.

## 7.10 Влијание од несреќи и хаварии

Имплементацијата на планскиот документ и предвидениот технолошки процес предвидува употреба на опасни материи во различни фази од технолошкиот процес што носи со себе одредени ризик од појав ана несреќи и хаварии.

Можните несреќи и хаварии, кои би можеле да настанат од имплементација на планскиот документ во текот на фазата на градба или оперативната фаза се неправилно управување со материи, појава на пожар, метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди, поплави, како и инциденти и хаварии предизвикани од најразлични дефекти. Покрај тоа, несреќи и хаварии може да бидат предизвикани од воени разурнувања и природни катастрофи.

Меѓутоа, доколку се применат мерките дефинирани во нормативно-правната регулатива за заштита од природни хазарди и технолошки ризици, влијанијата од овој вид значително би се намалиле.

## 7.11 Прекугранично влијание

Со имплементација на Планот за опфатениот зафат не постои опасност од појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на изградба, ниту во оперативната фаза.

# 8. ПРЕДВИДЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА, НАМАЛУВАЊЕ И НЕУТРАЛИЗИРАЊЕ НА НЕГАТИВНИТЕ ВЛИЈАНИЈА

Идентификуваните влијанија врз специфичните медиуми и области на животната средина ќе бидат неутрализирани или намалени доколку бидат доследно почитувани и имплементирани одредбите на Законот за животна средина и другите вертикални закони за секој медиум или област соодветно, како и другите законски одредби применливи за идентификуваните влијанија.

Примената на соодветни мерки уште во најраната фаза од планирањето ќе придонесе кон спречување на загадувањата и заштита на здравјето на луѓето.

Дополнителна заштита на животната средина се постигнува со мерките за контрола. Подобра контрола и висок степен на заштита на животната средина ќе се постигне со успешна имплементација на системот на заштита предвиден со идните активности на управување со животната средина, и тоа Студијата за оценка на влијанието врз животната средина и Интегрирана еколошка дозвола задолжителна за видот на активноста што се предвидува со планскиот документ.

Покрај тоа, кон постигнување на целите на животната средина ќе се придонесе и со имплементација на целите на планските документи на општината, а кои се однесуваат на заштита на животната средина - изработка на Регистар на загадувачи, Планови за управување со отпад, Програми за намалување на загадување на амбиентен воздух, Акциони планови за за бучава итн.

Постојаната комуникација со надлежниот орган и навременото известување за сите позначајни ризици или хаварии ќе доведат до правилно и навремено реагирање, односно спречување и контрола на влијанијата врз животната средина.

Анализите на влијанијата и мерките утврдени во овој документ неопходно е да бидат земени во предвид при спроведувањето на оценката на влијанието врз животната средина од проектите предвидени со планскиот документ и истите да претставуваат насоки при постигнувањето на целите на животната средина.

## 8.1 Мерки за намалување на влијанието врз население и човеково здравје

Примената на сите предложени мерки пооделно по различни влијанија, почнувајќи од фазата на планирање, преку фазата на градење, па се до оперативната фаза, ќе овозможи спречување и контрола на идентификуваните влијанија, кои пак може да се рефлектираат на директен или индиректен начин врз населението и човековото здравје.

Предвидувањето и имплементацијата на мерки за редовна контрола, мониторинг и известување за работата и имплементацијата на мерките за заштита и контрола, исто така ќе придонесе кон намалување на сите влијанија и можните ризици.

## 8.2 Мерки за намалување на влијанието врз социо-економска состојба

Имплементацијата на планскиот документ позитивно ќе влијае на социо-економската состојба. Не е потребно да се предвидуваат мерки за намалување на влијанијата.

## 8.3 Мерки за намалување на влијанието врз квалитет на амбиентен воздух

Влијанијата од фазата на градба во планската документација ќе бидат краткотрајни и ограничени на времетраењето на самата фаза. Покрај спроведување на добра градежна пракса, потребно е инвеститорот да ги почитува рокови за градба дадени од надлежниот орган, како и условите за безбедна работа и градба поставени во соодветните документи и регулатива кои се однесуваат на фазата на изградба.

Во однос на емисијата на загадувачки супстанции во воздухот од евентуални стационарни извори со согорувачки процеси (помали котли за греење), употреба на современи горилници како и гориво со мала содржина на сулфур претставува превентивана мерка. Секако, користењето на алтернативни извори на енергија претставува исто превентивна мерка која води кон повисок степен на заштита.

Во однос на влијанијата од различните фази на технолошкиот процес, со оглед на тоа што се работи за активности во доменот на интегрирано спречување и контрола на загадувањето (ИСКЗ), предвидени со планскиот документ, неопходна е примена на мерки на најдобри достапни техники (НДТ) во сите фази од процесот, употреба на помалку штетни супстанции, примена на ефикасни системи за контрола на емисиите, правилното управување со опасни и штетни супстанции и нивно складирање, внимателно определување на ризиците од несреќи и примена на соодветни мерки, ќе придонесе кон значително намалување на можното влијание по ова прашање.

Во рамки на урбанистички мерки, а со цел ублажување на можните влијанија, се препорачува планскиот документ да предвиди заштитни зелени зони на границите на планскиот опфат, секаде каде тоа е возможно. Деталите на овој појас треба да бидат усвоени од страна на стручни лица од областа, а во зависност од влијанијата, близината на чуствителни рецептори и сл.

Согласно деталните анализи кои претстојат во студијата за влијание врз животната средина, таа треба да предвиди соодветни мерки за спречување и контрола на влијанијата, а истите да бидат вклучени во финалната верзија на технолошкиот проект.

Потенцијални специфичните влијанија може да се спречат и контролираат преку почитување и имплементација на мерките поставени во соодветните документи за заштита на животната средина, односно мерките во согласност и поставени од страна на надлежниот орган, општина Валандово.

## 8.4 Мерки за намалување на влијанието врз квалитет на површински и подземни води

Секое црпење и користење на подземни и површински води во планскиот опфат за потребите на активноста предвидена со планскиот документ треба да биде во согласност со :

- приоритетите за користење на водите утврдени во член 15 од Законот за води,
- фактичката состојба со водите утврдена на теренот,
- стратешките планови за користење на водите утврдени на локално ниво,
- постоечките или законски предвидените режими за заштита на постоечките бунари.

За намалување на влијанијата врз квантитетот и квалитетот на водите што може да произлезат од оперативноста на активностите поврзани со имплементацијата на планскиот документ, се предлагаат следните мерки:

- доследна имплементација на мерките за управување со отпадните води предвидени во планската документација, утврдени врз основа на направени хидролошки и хидрогеолошки анализи на теренот,
- спроведување на мерки за управување со атмосферски / поројни води согласно претходно спроведена соодветна анализа на теренот,
- рационално користење на водата за сите примени во рамки на опфатот;
- примена на мерки за повторна употреба на водата, секогаш кога тоа е можно;
- одвоено прифаќање на атмосферските води од локацијата и нивен третман во однос на цврсти честички и масти и масла;
- соодветен третман на сите технолошки отпадни води поврзани за секој објект посебно во рамки на планскиот опфат;
- анализа на можноста од кумулативно или синергистичко влијание;
- оцена на апсорпцискиот капацитет на животната средина;

- редовна контрола на квалитетот на подземните води и пречистената вода;
- испуштање на пречистената вода во најблискиот реципиент со квалитет кој нема да ја наруши категоријата на вода на реципиентот;
- соодветно управување со милта од системите за третман на отпадните води;
- соодветно управување со отпадот;
- правилно чување и складирање на суровини, масла, масти и др.

Дополнителна заштита на водите и правилно управување со истите ќе се постигне со доследна имплементација на мерките пропишани со интегрираната еколошка дозвола задолжителна за активностите, потоа оние предвидени со планскиот документи и обврските поврзани со законската документацијат поврзана со користење и испуштање на води, како и спроведување на соодветна проценка на еколошка одговорност и ризиците кои би можеле да се појават од спроведувањето на активностите и имплементација на мерките од истата.

Правилното управување со сите суровини, помошни материјали и отпад и воспоставување на систем од мерки за таа цел, како и почитувањето на обврските поставени од надлежниот орган во соодветните документи за заштита на животната средина, ќе допринесе кон спречување и контрола на влијанијата кои носат ризици за квалитетот на површинските и подземните води.

Подготовката на техничката документација за имплементација на проектите предвидени со планскиот документ неопходно е да ги земе предвид сите мерки што ќе произлезат од анализите направени врз основа спроведени детални хидролошки и хидрогеолошки анализи, а во согласност со локалните потреби за вода и целите на стратешките планови на општината и регионот.

Редовната контрола на квалитетот и квантитетот на третираните отпадни води, подземните и површинските води, оскултација на сите хидротехнички градби и управувањето со отпадните води и создадениот отпад, како и редовна комуникација со надлежните органи ќе доведе кон елиминирање или намалување на можните ризици за влијание врз квалитетот на површинските и подземните води. Со цел редовно следење на имплементацијата на планскиот документ, неопходно е спроведување на соодветна мониторинг програма на водите утврдена во согласност со потребите и фактичката состојба на теренот.

### 8.5 Мерки за намалување на влијанието врз почва

Имплементацијата на предвидените мерки во однос на комуналната инфраструктура, имплементација на мерките за управување со отпадните води и отпадот предвидени со технолошките проекти како и доследното почитување на законските обврски, ќе придонесе кон спречување или намалување на ризикот од загадување на почвата.

Дополнително, правилното управување со суровините, помошните материјали и отпадот исто така се предуслови за спречување или намалување на ризикот од загадување на почвата.

Контрола на влијанијата врз квалитетот на почвите и нивна заштита ќе се постигне и со спроведување на соодветни мерки за спречување на појави на ерозија како и спроведување на мерки за постепена ремедијација на теренот по комплетирање активности на експлоатација, онака како што е утврдена во релевантната техничка документација што се однесува на овие активности.

Намалувањето на влијанијата врз почвата зависи и од имплементацијата на директните мерки кои се однесуваат на правилно управување со води и отпадни води, отпад, ракување со суровини, помошни материјали, масла, масти, горива, со кои ќе се спречат или избегнат негативните влијанија врз почвата, а индиректно и на подземните води.

Согласно анализите на влијанието врз квалитетот на почвата како дел од студијата за оценка на влијаниетот, сите дополнително идентификувани мерки за намалување и контрола на

влијанието е неопходно да бидат почитувани и имплементирани од страна на операторот на активноста од планскиот документ.

## 8.6 Мерки за намалување на влијанието поврзани со управување со отпад

За избегнување на влијанијата врз животната средина што може да бидаат предизвикани од несоодветното управување со отпадот, неопходно е проектната односно техничко - технолошката документација да биде заснована на принципот на хиерархија на отпадот, односно превенцијата, повторното користење, рециклирање, преработката, третманот и депонирањето на преостанатите количества на отпад што не може да се реупотреби.

За избегнување на влијанијата врз животната средина поврзани со управувањето со отпадот се препорачува примена на следните мерки:

- рационално искористување на суровините;
- намалување на создавање на отпад,
- селектирање,
- собирање,
- рециклирање
- и превземање.

Сите овие мерки неопходно е да бидат вклучени во начинот на работа на операторот на технолошкиот процес предвиден со планскиот документ.

Со оглед на фактот дека прашањето со финално одлагање на опасен отпад на национално ниво сеуште не е решено, потребно е операторот на технолошкиот процес да предвиди и обезбеди услови за правилно привремено складирање на опасниот отпад во рамки на локацијата.

Управувањето со отпадните води предвидува нивен соодветен третман. Неопходно е и правилно управување со милта создаден од процесот на третман на водите и обезбедување на услови за правилно привремено складирање.

Соодветно на природата на активностите, видовите и количините на отпадот, начинот на управување и постапување со сите видови отпад треба да биде поставен на ниво на стратешки документ за инвеститорот/операторот – програма за управување со сите видови отпад. Контрола на влијанијата и заштита на сите медиуми на животната средина ќе се постигне со нејзино целосно имплементирање и редовно следење.

Дополнителни мерки за правилно управување со отпад создаден од идните активности во опфатот и детали за системот за управување со отпадот, можностите за искористување на делови од отпадот и сл, ќе бидат дополнително анализарани во рамки на студијата за оцена на влијанието.

## 8.7 Мерки за намалување на влијанието од бучава

Со оглед на видот на планскиот документ и планирани активности со него, во најголем дел мерките за намалување на влијанија би се состоеле од технички и проектантски, а помалку просторни мерки. Од просторен аспект, при лоцирањето на содржините од планот кои воедно предвидуваат поголеми извори на бучава, неоподно е покрај техничките можности, колку што е тоа можно да бидат земени предвид и соодветни безбедни растојанија и бафер зони кои би довеле до намалување на влијанијата.

Поголемиот дел од мерките за намалување би произлегле од оценката на влијанието на на животната средина од проектите предвидени со планскиот документ. Овие мерки претставуваат проектантски и технички мерки за намалување на бучава на ниво на извор. Со

оглед на видовите на активностите од планот, мерките треба да претставуваат НДТ мерки произлезени од соодветната НДТ референтна база.

Дополнително, со цел запазување на стандардите за животна средина во однос на бучавата се препорачува:

- примена на технологии и мерки во процесот кои се во рамките на дозволените нивоа на работна бучава,
- внимателно планирање на работните активности со цел избегнување на создавање на бучава,
- планирање на фрекфенцијата и движењата на возилата со цел избегнување на евентуални нарушување на комфортот на населението,
- примена на сите мерки идентификувани во студијата на оценка на влијаниетото,
- предвидување на зона на заштитно зеленило,
- примена на добра работна пракса,
- повремен мониторинг на амбиенталната бучава.

Доколку во времето на имплементација на планот се увиди потреба од воведување на дополнителни мерки на заштита од бучава, истите ќе се спроведат.

## 8.8 Мерки за намалување на влијанието врз флора и фауна и предел

Примената на сите предвидени мерки за спречување и контрола на влијанијата врз квалитетот на почвата, површинските и подземните води и правилното управување со отпадот ќе придонесе кон елиминирање или намалување на ризикот за индиректно влијание на активноста врз биолошката разновидност.

Доколку со студијата за оценка на влијанието се дојде до нови сознанија или се утврдат дополнителни нови влијанија врз разновидноста, неопходна е примена на соодветните мерки.

## 8.9 Мерки за намалување на влијанието врз културно и историско наследство

Доколку при реализација на државната урбанистичка планска документација и изведувањето на земјаните работи се наиде на нови археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно - историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Службен весник на РМ, бр. 20/04 и 115/07), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство согласно член 129 од Законот.

## 8.10 Мерки за намалување на влијанија од несреќи и хаварии

Доколку во фазата на имплементација на планскиот документ се применат мерките дефинирани во нормативно-правната регулатива за заштита од земјотреси, поплави воени разурнувања, заштита од пожар и др. влијанија од природен карактер значително би се намалиле.

Мерките за заштита од несреќи и хаварии во најголем дел преставуваат урбанистички мерки пропишани со планскиот документ.

**Мерки за заштита и спасување**

Согласно Законот за одбрана (Службен весник.на РМ бр.42/01), Законот за заштита и спасување (Службен весник на РМ бр. 36/04, 49/04 и 86/08), Законот за пожарникарство (Службен весник на РМ бр. 67/04) и Законот за управување со кризи (Службен весник на РМ бр.29/05), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани.
Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на објекти и инфраструктура, согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите (Службен весник на РМ бр. 105/05), како и учество во техничкиот преглед.
Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија.

**Мерки за заштита од природни непогоди и други несреќи**
**Мерки за заштита од земјотреси**
Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирање на просторот. Во Државната урбанистичка планска документација е утврден претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на собраќајниците.
Според очекуваните сеизмички интензитети оваа локација се наоѓа во зона на потреси од 80 по МЦС скалата.
При планирањето (посебно при разработка на идејниот проект на градбата и идејните проекти на комуналната инфраструктурата и комуналната супраструктура да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и улиците, зони на тотални урнатини.
Се предвидува асеизмична градба, како можна превенција, со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.
Во случај на можни разурнувања, планираните решенија на примарната сообраќајна и уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла на сообраќајниците)
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила,
- непречена интервенција во кругот на катастрофата,
- штетите да се сведат на минимум,
- брза санација на последиците.

За комуналната инфраструктура не се предвидуваат посебни плански мерки за заштита од природни катастрофи.
Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмична градба во делот на статиката и динамичка анализа на објектите, како составен дел на Основниот проект на градбата за тешка и загадувачка индустрија.

**Мерки за заштита од поплави**
Заштитата од поплави и одведувањето на атмосферските отпадни води ќе биде дадено со изработката на идеен проект.

**Мерки за заштита од атмосферски непогоди**
Со цел за поефикасна заштита обавезно е предвидување на современа громобранска инсталација на градбата за тешка и загадувачка индустрија и нејзино континуирано одржување.
Како посебна мерка за заштита од силните ветрови, покрај комуникациите, претставува изборот на вегетацијата.

**Мерки за заштита од пожар**
При изработката на државната урбанистичка планска документација се предвидени пропишани мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување и Законот за пожарникарство (Службен весник на РМ бр: 67/04) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика.
Уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.
Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита се предвидува од аспект на:

- брз и непречен пристап до градбите заради ПП заштита
- градбите да се предвидуваат од тврда градба, со примена на огноотпорни материјали,
- при планирањето да се води сметка за обезбедување на доволни растојанија меѓу градбите
- со сообраќајното решение и начинот на кој се предвидува изградбата на градбите да се овозможи пристап на противпожарно возило од повеќе страни.
- во планскиот опфат обврзно е предвидување на простор за противпожарна единица, која ќе е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар
- обезбедена е доволна количина на вода за гасење на пожар
- при разработката на Државната урбанистичка планска документација, преку идејните проекти да се предвиди и хидранска мрежа на надворешни пожарни хидранти за гасење на пожар
- при изработката на идејните проекти, при поставката на идните градби обврзно да се предвиди заштитен појас меѓу некомпатибилните наменски употреби на земјиштето, со широчина предвидена со нормативите, што овозможува заштита од пожар

Другите елементи за противпожарна заштита ќе се утврдат со посебен елаборат за противпожарна заштита како составен дел на Основниот проект за градбата за тешка и загадувачка индустрија.
Надлежата ПП единица е лоцирана во градот Валандово.

**Мерки за заштита од воени разурнувања**

Просторот кој е предмет на анализа се наоѓа во зона со висок степен на загрозеност, што наметнува потреба од примена на соодветни мерки за заштита, односно задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на градбата за тешка и загадувачка индустрија.
Во случај на воени разурнувања планскиот концепт овозможува:

- брза и непречена евакуација на луѓето
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила,
- непречена интервенција,
- штетите да се сведат на минимум,
- брза санација на последиците.

Другите елементи за заштита од воени разурнувања, ќе се утврдат со Основниот проект за градбата за тешка и загадувачка индустрија.

**Мерки за заштита од технолошки катастрофи**

Постои можност за технолошки катастрофи, со оглед на намената на просторот и градбата за тешка и загадувачка индустрија. Потребно е стручно ракување со сите уреди и постројки. Инфраструктурните водови во редовни услови не предизвикуваат штетни влијанија бидејќи претставуваат подземни инсталации.
Случајните инциденти може да се идентификуваат како инциденти со оштетувања на инфраструктурните водови во случај на интервенција или механички оштетувања. Овие инциденти немаат битно влијание врз околината, бидејќи можна е брза реакција и запирање на течењето на вода преку вентилски уреди. Можна е брза санација и на вод во кој се водат отпадните води. Инфраструктурните водови се водат на пропишани сигурносни растојанија во јасно дефиниран инфраструктурен коридор, така да можните оштетувања се сведени на минимум.
Инфраструктурните водови мора да се поставаат во сé према техничките нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлотацијата, ракувањето и одржувањето.
Во однос на заштитата од техничко-технолошки несреќи, неопходна е посебна евиденција, контрола и мониторинг на активностите поврзани со производство, транспорт и складирање на опасни супстанции во количества поголеми или еднакви со пропишаните со Законот за животна средина. Согласно овој закон, операторите на овие инсталации се должни да изработат Извештаи за мерките за безбедност со кои ќе покажат дека:

- се предвидени мерки за спречување на хаварии и систем за управување со безбедноста,
- опасностите од можните хаварии се определени и дека се преземени неопходните мерки за спречување на такви несреќи и за ограничување на нивните последици по животот и здравјето на луѓето и животната средина;
- се вклучени пропишаните мерки на безбедност и сигурност во проектирањето, изградбата, работата и во одржувањето на системот, и
- се изготвени внатрешни планови за вонредни состојби и дека се обезбедени информации со кои е овозможено изготвување на надворешен план.

Операторот на ваков тип инсталации е должен за предвидените активности и мерките за безбедност, како и за начинот на постапување во случај на хаварија, да ги информира лицата на кои би влијаела хаваријата предизвикана од системот, преку подготовка на Информациите за мерките за безбедност, кои пак информации треба да бидат постојано достапни на јавноста. Дополнително, операторите на вакви инсталации се должни да изготват внатрешен план за вонредни состојби што ќе ги содржи мерките што треба да се преземат внатре во системот во случај на хаварија и планот да им го достават на општината на чија територија се наоѓаат од Министерството за животна средина. Врз основа на овие внатрешни планови, општините за должни да изработат надворешни планови вонредни состојби.

## 8.11 Мерки за намалување на прекугранични влијанија

Имплементацијата на планскио документ нема да предизвика прекугранични влијанија, па според тоа мерки за намалување не се предвидуваат

# 9. ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Целта на Планот за мониторинг на животната средина е следење на ефектите од спроведувањето на планскиот документ. Планот за мониторинг ги следи ефектите врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Планот треба да овозможи согледување на непредвидените негативни ефекти и превземање на соодветни дејствија за поправање на состојбата. Во случај на согледани негативни ефекти од спроведувањето на планскиот документ, органот кој го подготвува планскиот документ како и друго правно или физичко лице и здруженија на граѓани од областа на животната средина се должни за тоа да го известат органот на државна управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Основните цели и бенефитот од мониторингот на ефектите врз животната средина се:

- следење на имплементацијата на активностите предвидени со планскиот документ;
- следење на имплементацијата на мерките за контрола на влијанијата;
- да се обезбедат податоци за понатамошно следење на состојбите во животната средина;
- следење на состојбата во животната средина со цел навремено согледување на непредвидените влијанија од имплементацијата на Планот и управување со истите;
- да се потврди дека со примена на мерките за ублажување се зголемуваат придобивките во однос на заштитата на животната средина;
- утврдување кои активности треба да бидат превземени за редуцирање на влијанијата врз животната средина.

Со цел да се изврши мониторинг на ефективноста на Планот, потребно е следење на поставените индикатори и нивниот развој со што ќе се потврдат целите на Планот. За следење на индикаторите потребно е да се земат во предвид и податоците за тековната состојба на животната средина.

Следењето на состојбата на животната средина ја потврдува оправданоста и примената на предложените мерки за ублажување и нивната функционалност, што претставува голема придобивка во однос на заштитата на животната средина.

**Табела** План за мониторинг на животната средина

| Предмет | Цели | Индикатори | Мониторинг | Извори на верификација / надлежен орган |
|---|---|---|---|---|
| Население | Подобрување на квалитетот на живеењето и зголемување на животниот стандард | - Зголемен број на вработени;<br>- Подобрена инфраструктура<br>- Зголемен прилив во општинскиот буџет<br>- зголемени општински инвестии во инфраструктурата на територија на општината<br>- Зголемени инвестиции во општината | - Редовен попис на населението;<br>- Статистички и финансиски извештаи;<br>- Финансиски извештаи | – Завод за статистика;<br>– Општина Валандово |
| Воздух | Заштина на квалитетот на воздухот | - Имплементација на мерките од студијата за оценка на влијание и еколошката дозвола,<br>- Примена на помалку загадувачки материи;<br>- Примена на горива со пониска содржина на сулфур,<br>- Мониторинг на емисии во воздух, | - Мониторинг над спроведување на мерките дефинирани во, студијата и, еколошки дозвол,<br>- Мониторинг на спроведување на мерки, активности и планови од ЛЕАП и други стратешки документи на општината | - МЖСПП<br>- Општина Валандово |
| Површински и подземни води, и почва | Заштита на почва и квалитетот на површинските и подземните води | - Имплементација на мерките од студијата за оценка на влијание и еколошката дозвола,<br>- Квалитет на подземни и површински води,<br>- Квалитет на третирани отпадни води, | - Мониторинг над спроведување на мерките дефинирани во студија и еколошка дозвола,<br>- Мониторинг на спроведување на мерки, активности и планови од ЛЕАП и други стратешки документи на општината<br>- Мониторинг на квалитет на површински и подземни води<br>- Мониторинг на квалитет на третирана отпадни води. | - МЖСПП<br>- Општина Валандово |
| Отпад | Минимизирање на отпадот, рециклирање, третман и | - Изработка и имплементација на програма за управување | - Степен на имплементација на мерки од студија и еколошка дозвола, | - МЖСПП<br>- Општина Валандово |

| Предмет | Цели | Индикатори | Мониторинг | Извори на верификација / надлежен орган |
|---|---|---|---|---|
| | соодветно депонирање | соотпад<br>- Количества на собран и транспортиран отпад<br>- Квалитет на подземни и површински води и почва | - Степен на имплементација на Плановите за управување со отпад,<br>- Мониторинг на селектирање, собирање и транспорт на комунален отпад во општината,<br>- Доставување на извештаи за управување со отпад. | |
| Бучава | Намалување на бучава | - Имплементација на мерки за намалување на бучава<br>- Вознемиреност на околното население | - Мониторинг на спроведување на мерки<br>- Мониторинг на амбиентална бучава<br>- Мониторинг на работна бучава | - Општина Валандово |

## 10. УЧЕСТВО НА ЈАВНОСТА ВО ПОСТАПКАТА

Вклучувањето на јавноста во постапката за стратегиска оцена на животна средина е задолжителни и начинот на нејзиното учество е точно пропишан со законодавството за животна средина (член 65 од Законот за животна средина и Уредбата за учество на јавноста[5]). Практичното учество на јавноста се остварува преку: а) објавување на информациите пред јавноста; б) учество на јавноста, при што јавноста активно може да биде вклучена во јавните дискусии и писмено да ги поднесува своите мислења; в) преку механизмот за пристап до правдата, кога јавноста може да влијае врз донесувањето одлуки преку поднесување жалби.

Главните цели на учеството на јавноста се:

- да се добие локално и традиционално знаење што би можело да биде корисно при донесувањето на одлуките;
- да помогне во размислувањата за алтернативите и мерките за ублажување;
- да осигури дека главните влијанија не се занемарени, а придобивките се максимални;
- да го намали конфликтот преку рано идентификување на „проблематичните" прашања;
- да ја подобри транспарентноста на целокупниот процес за СОЖС и да ја зголеми довербата на јавноста во целокупниот процес.

Учеството на јавноста во СОЖС може да помогне во утврдување на мислењето на јавноста во однос на дадената активност. Јавноста може да придонесе во воспоставувањето на целите на СОЖС може и да не резултира со решенија/договори кои се однесуваат на животната средина/одржливиот развој, имајќи предвид дека јавноста се вклучува само тогаш кога се чувствува загрозена, каде што доаѓа до израз пристапот "подалеку од мојот двор".

Јавноста може да учествува во СОЖС преку основни консултации - обезбедување на основни информации и можности за коментирање, па се до поголеми ангажмани, како што е член на тимот за подготовка на СОЖС и процесот на планирање, во зависност од големината и обемот на планскиот документ.

Методите за вклучување на јавноста кои имаат поголема веројатност за добри резултати се оние кои што се насочени во вистинскиот правец и интензивни, кои по потреба вклучуваат организирање на работни групи и консултации помеѓу членовите на групите.

Пред започнувањето на постапката за донесување на планскиот документ, доносителот е должен да ја информира јавноста за изработката на планскиот документ, со цел да овозможи учество во неговата изработка. Во таа насока, одлуката за спроведување, односно спроведување на стратегиска оцена доносителот ја објавува на својата интернет страница и истите ги доставува до МЖСПП.

За да овозможи учество на јавноста, доносителот определи простор каде предлог планскиот документ и Извештајот за животна средина може да бидат разгледани – објава на интернет страна на доносителот со што истите се достапни за јавноста и може да се доставуваат забелешки, мислења и предлози. Јавниот увид на нацрт планскиот документ и на Извештајот за животна средина треба да трае најмалку 30 работни дена.

Согласно одредбите, доносителот на планскиот документ е должен да организира најмалку една јавна расправа, која се одржува најмалку 15 дена од денот на обезбедување на јавна достапност на предлог планскиот документ и на извештајот за животна средина, а најдоцна пет дена од денот на истекот на рокот за јавниот увид.

доносителот на планскиот документ исто така нацртот на планскиот документ и извештајот за стратегиска оцена ги доставува на мислење до МЖСПП.

МЖСПП, органите на централната и локалната власт, јавноста и други правни и физички лица имаат право да достават свое мислење до субјектот во рок од 30 дена од денот на објавување на нацрт/предлог плански документ и извештајот за стратегиска оцена.

Во следната табела е даден приказ на начинот на вклучувањето на јавноста во постапката за стратегиска оцена на животна средина.

[5] Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (Службен весник на РМ бр. 147/08)

**Табела** Вклучувањето на јавноста во СОЖС постапката

| **Учество на јавноста** | **СОЖС процес** |
|---|---|
| **Можност за жалба** → | **Одлука за спроведување на СОЖС** ↓ |
| **Можност за жалба** → | **Решение за определување на обем на СОЖС** ↓ |
| | **Изготвување на извештај за животна средина** ↓ |
| **Можност за коментари** → | **Објава на извештајот за животна средина** ↓ |
| **Можност за учество и коментари** → | **Јавна расправа** ↓ |
| **Можност за коментари** → | **Објава на извештај од консултации со јавноста** ↓ |
| **Можност за коментари** → | **Оценка на соодветноста на извештајот за животна средина** ↓ |
| | **Усвојување на извештајот за животна средина** ↓ |
| **Можност за коментари** → | **Објава на одлука за усвојување на извештај за животна средина** ↓ |
| | **Усвојување на плански документ** |

Согласно обврските дадени во законот за животна средина, министерство за транспорт и врски како доносител на планскиот документ донесената одлука за спроведување на стратегиска оцена ја достави до министерство за животна средина и просторно планирање и истата ја објави на својата интернет страна.

Понатаму, министерство за транспорт и врски спроведе јавна расправа и вклучување на јавноста во донесувањето на овој документ. Нацрт извештајот за стратегиска оцена беше ставен на јавен увид во период од 30 денови (16.03 – 16.04). Со цел информирање на јавноста, министерство за транспорт и врски издаде јавно известување во еден национален дневен весник (Дневник) и соопштение на својата интернет страница. Копија од јавното известувања е дадено во Прилог 9.

Јавната расправа се одржа во домот на култура на општината Валандово, на ден 30.03.2015 год. во 11.30 часот. Во прилог 12 е даден записник од јавна расправа. На јавната расправа беа присутни претставници на доносителот на планскиот документ, на инвеститорот, претставници на изработувачот на извештајот за стратегиска оцена, претставниви на локалната самоуправа, претставниви на министерството за животна средина, невладини организација, заинтересирани граѓани и други гости. Во прилог 13 е дадена листата на учесници.

На јавната расправа се разговараше за намената предвидена на планскиот опфат, можните влијанија идентификувани во нацрт СОЖС извештајот, идните обврски на инвеститорот од аспект на животна средина и др. При тоа, не беа изложени забелешки, сугестии и предлози.

Во текот на периодот за јавен увид евидентирани се коментари невладината организација Калинка од Валандово. Коментарите се дадени во Прилог 10. На коментарите формално е одговорено со допис и истите се дадени во прилог 11.

Со одговорот на коментарите, во целост е дадено објаснување на сите прашања и забелешки дадени од НВО Калинка, иако одговорите се наоѓаа во нацрт извештајот за стратегиска оцена.

## 11. НЕ-ТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ

На барање на инвеститорот САРДИЧ МЦ ДООЕЛ експорт импорт - Скопје, ДПГИ Вектор 90 Томе ДООЕЛ, Струмица изработи државна урбанистичка планска документација за Рударски комплекс за производство на катоден бакар - "Казандол" - општина Валандово. Основа за изработка на државна урбанистичка планска документација е стратегијата за развој и наменската употреба на земјиштето утврдена со усвоениот Просторен план на РМ 2004 -2020 година.

Државна урбанистичка планска документација за Рударски комплекс за производство на катоден бакар - "Казандол" - општина Валандово се изработува за локација дефинирана со линија и прекршни точки, во рамки на земјиште кое е сопственост на државата, но е дадено под концесија на самиот инвеститор, САРДИЧ МЦ ДООЕЛ експорт импорт - Скопје.

ДУПД за Рударски комплекс за производство на катоден бакар - "Казандол " - општина Валандово, е изработена врз основа на просторните можности на локацијата, постојната состојба, Ажурираната геодетска подлога, Планската програма и одредбите кои произлегуваат од Просторниот план на Р. Македонија.

Целта на планската документација е дефинирање на градежна парцела за изградба на објектите во рамките на комплексот на планираниот Рудник, како и утврдување на општите и посебните Услови за градење во границите на новоформираната парцела.

Планскиот опфат за Рударски комплекс за производство на катоден бакар - "Казандол", општина Валандово, се наоѓа јужно од градот Валандово, на оддалеченост од околу 3,5 km и на растојание од околу 1,0 km од с. Казандол, надвор од планскиот опфат на селото, како и на други урбанистички плански документации.

Планскиот опфат за Рударски комплекс за производство на катоден бакар - "Казандол", општина Валандово досега не бил предмет на урбанизација. На предметната локација нема постојни градби.

Планскиот опфат се наоѓа на надвор од градежниот опфат на с. Казандол како и надвор од простори урбанизирани со други плански документации. Катастарските парцели во рамките на планскиот опфат во целост се во државна сопственост.

Со планската документација се утврдува намената на земјиштето како основна класа на намена Г – Производство, дистрибуција и сервиси, односно посебна класна на намена Г1 – Тешка и загадувачка индустрија. Се урбанизира земјиштето, со дефинирање на градежна парцела на земјиште на кое Инвеститорот склучува Договор за Концесија за експлоатација на руда.

Во рамките на планскиот опфат се планира изградба на  Рударски комплекс за производство на катоден бакар.

Државната урбанистичка планска документација, која е основен развоен документ, има крајна цел да ја дефинира градежната парцела за изградба на објектите во рамките на комплексот на планираниот рудник, како и да ги утврди општите и посебните Услови за градење во границите на новоформираната парцела преку достигнување на следните цели:

- рационално користење на земјиштето;
- естетско-композициско уредување на просторот;
- максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот;
- почитување и надградување на пејсажните вредности;
- почитување и валоризација на културното и градителско наследство;
- вградување заштитни мерки;
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето;

Во насока на анализа на врската на имплементацијата на планскиот документ со други повисоки и поврзани стратешки документи, анализирани се повеќе релевантни планови и програми на локално, регионално и национално ниво.

Состојбата без имплементација на планскиот документ подразбира иднина на подрачјето на планскиот документ без имплементација на планираните активности од планскиот документ, односно продолжување на актуелната состојба онаква каква што е сега во моментот. Нереализацијата на планскиот документ може да резултира со: Ограничување на развој на општината; успорување на економскиот развој на територијата на општината; послаба атрактивност за инвестиции; намалени општински буџетски приходи, а со тоа стагнација во однос на општинските инвестиции во инфраструктурата; недостаток од нови работни места, помали економски и финансиски придобивки од вработувања, набавка на опрема и слично за потребите при имплементацијата на планираната активност, намалување на интересот на идни потенцијални инвеститори и отстуство на финансиски вложувања, успорен одржлив развој, неискористување на рудните богатства во општината, стагнација на животниот стандард, гледано во микроуслови, помали инфраструктурни потенцијали на општината во делот на образованието, губење на придобивки од идни потенцијални инвестиции директно или индиректно поврзани со планираната активност.

Планскиот концепт е поставен врз основа анализата на просторот, анализата на можностите за просторен развој и Планската програма и потребите на концесионерот. Планскиот концепт е во директна зависност од природните фактори, посебно од конфигурацијата на теренот и од можностите за просторна композиција, односно естетско обликување на просторот согласно намената. Планскиот концепт е условен и од мерките за заштита и спасување.

Планскиот опфат се наоѓа во границите на концесискиот опфат на концесионерот, што во апсолутни рамки ја диктира намената предвидена со планскиот документ.

Планскииот документ не анализира алтернативи на било кое ниво од аспект на просторна урбанизација на опфатот. Алтернативи се очекуваат да бидат анализирани на ниво на физибилити студија каде концесионерот, односно идниот инвеститор ги анализира можностите за експлоатација и производство во однос на можностите на просторот и останатите услови за работа. Секако, на ниво на проект исто така ќе следат анализи на алтернативи кои повеќе се очекува да се однесуваат технички и технолошки аспекти. Од аспект на просторна реализација на планскиот документ, алтернативите се условени и ограничени на ниво на концесиски простор каде што сите содржини предвидени со планскиот и идните технички документи.

Во подготовката на извештајот земени се предвид целите на заштита на животната средина одредени на национално, како и локално ниво, а кои се релевантни за планскиот документ. Постапката за стратегиска оцена бара идентификација само на оние цели кои се релевантни за планскиот документ па според тоа неопходна е селекција. Целите треба да бидат адаптирани на локалните услови во животната средина.

Извршена е анализа на влијанијата од имплементацијата на предвидениот плански документ. Анализата е направена согласно упатствата дадени во Уредбата за содржината на извештајот за стратегиска оцена[6]. При извршената анализа земени се предвид сите релевантни влијанија и нивните карактеристики, секундарни, кумулативни, синергистички, потоа краткорочни, среднорочни и долгорочни, трајни и привремени, позитивни и негативни влијанија. При анализата, земени се предвид целите и насоките од повисоките и поврзаните релевантни планови, како и целите на животна средина поставени во нив.

Имплементацијата на планскиот документ е во функција на просторно организирање на дадената локација, во смисла на искористување на сите просторни можности на локацијата и нивно ставање во насока на економски развој на регионот.

[6] Службен весник на РМ бр. 153/07

Со оглед на главната намена на планскиот документ и развој на тешка и загадувачка индустрија, имплементација на државната урбанистичка планска документација може да предизвика влијанија врз животната средина.

Подетално разгледување на влијанијата врз животната средина и планирање на соодветни мерки за спречување и контрола на загадувањето и компензација потребно е да се направи на ниво на имплементација на конкретната активност предвидена со намената на урбанистичкиот план, на ниво на студијата за оценка на влијанието врз животната средина. Сите тие анализи треба да бидат рефлектира во рамките на локалните стратешки документи за животна средина.

Идентификуваните влијанија врз специфичните медиуми и области на животната средина ќе бидат неутрализирани или намалени доколку бидат доследно почитувани и имплементирани одредбите на Законот за животна средина и другите вертикални закони за секој медиум или област соодветно, како и другите законски одредби применливи за идентификуваните влијанија.

Примената на соодветни мерки уште во најраната фаза од планирањето ќе придонесе кон спречување на загадувањата и заштита на здравјето на луѓето.

Дополнителна заштита на животната средина се постигнува со мерките за контрола. Подобра контрола и висок степен на заштита на животната средина ќе се постигне со успешна имплементација на системот на заштита предвиден со идните активности на управување со животната средина, и тоа Студијата за оценка на влијанието врз животната средина и Интегрирана еколошка дозвола задолжителна за видот на активноста која се предвидува со планскиот документ.

Покрај тоа, кон постигнување на целите на животната средина ќе се придонесе и со имплементација на планските документи на општината, а кои се однесуваат на заштита на животната средина - изработка на Регистар на загадувачи, Планови за управување со отпад, Програми за намалување на загадување на амбиентен воздух, Акциони планови за за бучава итн.

Постојаната комуникација со надлежниот орган и навременото известување за сите позначајни ризици или хаварии ќе доведат до правилно и навремено реагирање, односно спречување и контрола на влијанијата врз животната средина.

Анализите на влијанијата и мерките утврдени во овој документ неопходно е да бидат земени во предвид при спроведувањето на оценката на влијанието врз животната средина од проектите предвидени со планскиот документ и истите да претставуваат насоки при постигнувањето на целите на животната средина.

Постапката за СОЖС овозможи учество на јавноста, согласно процедурата, во неколку истанци. Направени се објави на одлуката за спроведување на СОЖС, објава во дневен весник и на интернет страната на доносителот на планскиот документ за спроведување на СОЖС и организација на јавна расправа. Понатаму, беше спроведен јавен увид од 30 дена за нацрт СОЖС извештајот и беше спроведена јавна расправа во општина Валандово. Во текот на периодот за јавен увид евидентирани се забелешки од НВО Калинка, на кои формално беше одговорено.

Целта на Планот за мониторинг на животната средина е следење на ефектите од спроведувањето на планскиот документ. Планот за мониторинг ги следи ефектите врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Планот треба да овозможи согледување на непредвидените негативни ефекти и превземање на соодветни дејствија за поправање на состојбата. Во случај на согледани негативни ефекти од спроведувањето на планскиот документ, органот кој го подготвува планскиот документ како и друго правно или физичко лице и здруженија на граѓани од областа на животната средина се должни за тоа да го известат органот на државна управа надлежен за работите од областа на

животната средина. Со цел да се изврши мониторинг на ефективноста на Планот, потребно е следење на поставените индикатори и нивниот развој со што ќе се потврдат целите на Планот. За следење на индикаторите потребно е да се земат во предвид и податоците за тековната состојба на животната средина. Следењето на состојбата на животната средина ја потврдува оправданоста и примената на предложените мерки за ублажување и нивната функционалност, што претставува голема придобивка во однос на заштитата на животната средина.

# 12. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Имплементацијата на државната урбанистичка планска документација за изградба на тешка и загадувачка индустрија за изградба на рудник за бакар во КО Валандово вон град и КО Казандол, општина Валандово е погодна од следните аспекти:

- не е во конфликт со други планови од повисоко ниво.
- не е во конфликт со други урбанистички планови, бидејќи се наоѓа вон населено место и место претходно не третирано со друга урбанистичка документација.
- не се наоѓа во заштитено подрачје и предел со високи сценски вредности.
- поволна географска положба, добри микроклиматски услови и одлична диспозиција во однос на сообраќајната поврзаност со општината.
- близина на сообраќајна - патна мрежа.
- тековно неатрактивна и пасивна локација ќе прерасне во активен простор, кој ќе даде голем придонес кон развојот на локалната економија и кон зголемување на стандардот и благосостојбата на населението во регионот.
- дава широки можности за интензивирање на економскиот развој на локално и национално ниво, директно - преку процесот на производство на предложениот рударски комплекс, и индиректно - преку мобилизирање и интезивирање на секундарни дејности и услуги за потребите на истиот.
- овозоможува реални услови за создавање на нови работни места и намалување на степенот на невработеност во регионот.
- изградбата и ставањето во функција на предвидените содржини ќе овозможи остварување на стопански и друг вид општествени функции со директни или индиректни економски ефекти.

Анализите на влијанијата и мерките утврдени во овој документ неопходно е да бидат земени во предвид при спроведувањето на оценката на влијанието врз животната средина од проектот предвидени со планскиот документ и истите да претставуваат насоки при постигнувањето на целите на животната средина и постигнување на целите на одржливиот развој.

# 13. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Државна планска урбанистичка документација за изградба на рудник за бакар во КО Валандово вон град и КО Казандол, општина Валандово, ДПГИ Вектор 90 - Томе ДООЕЛ - Струмица

2. Просторен план на Република Македонија (2002 – 2020)

3. Стратегија за регионален развој на РМ (2009 - 2019)

4. Програма за развој на Југоисточен плански регион 2009-2013

5. Втор национален акционен план за животната средина на РМ (2006)

6. Национална стратегија за управување со отпад (2008-2020)

7. Национален план за управување со отпад (2009-2015) на Република Македонија

8. Програма за локален економски развој на општина Валандово (2009 – 2013)

9. Локален акционен план за животната средина на општина Валандово (2009 – 2013)

10. Потстратегија за рурален развој на општина Валандово

## 14. ПРИЛОЗИ

**Прилог 1** **Документ за регистрирана дејност за изготвувачот**

**Прилог 2** **Потврда за положен стручен испит за СОЖС**

**Прилог 3** **Топографска карта на локацијата со граници на планскиот опфат**

**Прилог 4** **Комуникација со органи вклучени во постапката за урбанизација**

**Прилог 5** **План за површини за градење**

**Прилог 6** **Синтезен план**

**Прилог 7** **Ажурирана подлога**

**Прилог 8** **Одлука за спроведување на стратегиска оцена на животната средина**

**Прилог 9** **Објава во весник**

**Прилог 10** **Пристигнати забелешки**

**Прилог 11** **Одговор на пристигнати забелешки**

**Прилог 12** **Записник од јавна расправа**

**Прилог 13** **Листа на учесници**

## Прилог 1 Документ за регистрирана дејност за изготвувачот

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ДОКУМЕНТ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ**

Образец ДРД

Друштво за консалтинг **ЕМПИРИА ЕМС** ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС **6451250** седиште Ул. РАЗЛОВЕЧКО ВОСТАНИЕ Бр.26/1А-27 СКОПЈЕ како предмет на работа има регистрирано општа клаузула за бизнис согласно чл.7 и 7а од Законот за Едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица (Сл.весник на РМ бр. 84/05, 13/07, 150/07 и 140/08)

***Приоритетна дејност/Определена главна приходна шифра:***

| | |
|---|---|
| **74.90** | **Останати стручни, научни и технички дејности, неспомнати на друго место** |

**Бр.0807-9/1300**
**10.03.2010 година,**
**Скопје**

**Изготвил,**
**Виолета Кузеска**

**Овластено лице,**
**Ленче Петрова Киранџиска**

МП

Централен Регистар на Република Македонија,ул.Кузман Јосифовски Питу 1, 1000 Скопје.Тел.02/3290-248.Факс.02/3123-169 www.centralenregistar.org.mk

## Прилог 2 Потврда за положен стручен испит за СОЖС

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Скопје

Број 07-1835/2
20.04.2010, година

**П О Т В Р Д А**
за положен стручен испит за стекнување на
статус експерт за стратегиска оцена на животната средина

**МИХАЈЛОВ Иван МАРЈАН**, дипломиран инженер по заштита на животната средина од Скопје, роден на 29.03.1978 година, во Скопје, Република Македонија, на ден 12.03.2010 година, го положи **стручниот испит за стекнување на професионално знаење за стратегиска оцена на животната средина**, пред Комисијата за полагање на стручен испит за стратегиска оцена на животна средина, при Министерството за животна средина и просторно планирање, и се стекна со **статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина** и ги исполнува условите утврдени во член 68 од Законот за животна средина, со тоа се стекнува со право да биде **вклучен** во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Оваа потврда се издава врз основа на член 68 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр.53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09 и 48/10).

Министерство за животна средина и просторно планирање

Министер,
Др. Нецати Јакупи

Комисија за полагање на стручен испит за стратегиска оцена на животната средина

Претседател,
М-р Јадранка Иванова

М.П.

## Прилог 3 Топографска карта на локацијата со граници на планскиот опфат



## Прилог 4 Комуникација со органи вклучени во постапката за урбанизација

### Потврда за подземни и надземни инсталации на дистрибутивната мрежа и објекти на ЕВН

2

Составен дел на оваа Потврда е Прилог – графички приказ – подлога со вцртани инсталации според податоците од службената евиденција.

**Забелешки:**

Покрај прилогот и потврдата ви доставуваме и фактура за наплатената услуга.
На ситуациите во прилог со црвена испрекината линија се означени постоечките 10 kV подземни водови, надземните 10 kV со полна црвена линија. Постоечките 10/0,4 kV Трафостаници се означени во квадратна форма со црвена исполнителна боја.
Високонапонските водови се означени со полна сини и зелени линии, претставени се на ситуациите и нивните столбни места
orto - foto и raster ситуациите се дадени во реален размер, додека bingmap ситуациите ќе ви послужат само за подобра прегледност

За ЕВН Македонија АД, Скопје
КЕЦ Гевгелија - раководител
Даниела Китанова, дипл.ел.инж.

ЕВН Македонија АД, Скопје
КЕЦ Гевгелија
Бр. 24-1548/3
19.12 20 17 год.

EVN

Број 24-1548/3

Датум 17.12.2014

ЕВН Македонија АД, Скопје КЕЦ Гевгелија

Одговорно лице од КЕЦ Гевгелија: Александар Илиевски, дипл.ел.инж. тел. 072 932 216

ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија, Скопје, со скратен назив ЕВН Македонија АД, Скопје, врз основа на член 174 ст.2 од Законот за општа управна постапка по барање на ДПГИ „ВЕКТОР 90" Томе дооел ул. „Ленинова" 12, 2400 Струмица

издава
Потврда за подземни и надземни инсталации на дистрибутивната мрежа и објекти

Се потврдува дека
на одредениот опфат во прилогот од Ваша страна има постоечка електро енергетска инфраструктура како во ситуациите во прилогот на потврдата
(фактите во согласност со податоците од службената евиденција)

Оваа потврда се издава врз основа на податоците со кои располага EVN Macedonia-КЕЦ Гевгелија за постоечката и новопредвидената електроенергетска мрежа, а служи за изработка на: 1. Државна урбанистичка планска документација за рударски комплекс за производство на катоден бакар „Казандол", општина Валандово и 2. Проект за инфраструктура за реконструкција и проширување на општински пат за с. Казандол за поврзување на рударскиот комплекс со регионалниот пат
и истата е со важност од 6 (шест) месеци од денот на издавање.

MKDE-002 1211

Податоци за објектот:

Објект: Општина: Валандово
Населено место: КО Казандол, Улица: , бр.:

Опфатени се следниве инсталации на дистрибутивна мрежа и објекти:

- ☐ Нисконапонски кабелски вод
- ☐ Среднонапонски кабелски вод
- ☒ Трансформаторска станица
- ☐ Оптички кабел
- ☐ Нисконапонски надземен вод
- ☒ Среднонапонски надземен вод
- ☐ Мерен/разводен ормар
- ☒ Друго високонапонски водови

EVN

ЕВН Македонија АД, Скопје
КЕЦ Гевгелија
Бр. 21-238/2
27.02.2015 год.

До
друштво за проектирање,
градежништво и инженеринг
дпги „ВЕКТОР 90" Томе дооел
ул. „Ленинова" 12
2400 Струмица

| | |
|---|---|
| Одговорно лице | Димче Крстовски. |
| Тел. | 072 933 145 |
| Дата | 27.2.2015 |

**Предмет: Одговор на Барање на Мислење број 21-238/1 од 24.02.2015**

Почитувани,

Во врска со вашиот допис архивиран во ЕВН Македонија - КЕЦ Гевгелија со **бр. 21-238/1 од 24.02.2015 год**, ваш број 0302-14/1 од 23.02.2015, односно **Барање на МИСЛЕЊЕ за ДУПД со основна класа на намена Г1-тешка индустрија за изградба на Рударски комплекс "Казандол" за производство на катоден бакар, КО Казандол и КО Валандово во општина Валандово,** Ве известуваме дека ЕВН Македонија - КЕЦ Гевгелија дава **позитивно Мислење за планот.**

Со почит,

ЕВН Македонија АД, Скопје

КЕЦ Гевгелија - раководител
Даниела Китанова, дипл.ел.инж.

ЕВН Македонија АД КЕЦ Гевгелија СКОПЈЕ

ЕВН Македонија АД, Скопје
КЕЦ Гевгелија
**7-ми Ноември бр. 53**
**1480 Гевгелија, Р Македонија**
**Т:** +389 (0)2 3 205 000 - 2543
**Ф:** +389 (0)2 3 205 000 - 45874

EVN Macedonia AD, Skopje
KEC Gevgelija
**7 Noemvri Nr. 53**
**1480 Gevgelija, R.Macedonia**
**T:** +389 (0)2 3 205 000 - 2543
**F:** +389 (0)2 3 205 000 - 45874

## Одговор на Министерството за внатрешни работи

Република Македонија
Министерство за внатрешни работи

[redacted]

До: ДПГИ ВЕКТОР 90 Томе дооел
ул.Ленинова бр.12
2400 Струмица

Рег. бр. 39 - 87827/1
Скопје 3. 12.2014 год.

Предмет: Одговор на барање, доставува .-
Врска: Ваш акт број 03-73/3 од 04.12.2014 година

Почитувани,

Во врска со Вашиот акт под горенаведениот број во кој од Министерството за внатрешни работи барате насоки и мислење со цел изработка на:

- Државна урбанистичка планска документација за Рударски комплекс за производство на катоден бакар "Казандол" Општина Валандово и
- Проект за инфраструктура за реконструкција и проширување на општински пат за с.Казандол, од приклучок со патот Р-1401 – Струмица (врска со А4) – Раброво – Валандово – Балинци – Мрвинци – (врска со Р1102) до планираниот влез во рударскиот комплекс.

Ве известуваме дека Секторот за сообраќајни работи при Бирото за јавна безбедност во Министерството за внатрешни работи не располага со податоци и информации кои треба да бидат земени во предвид при изработката на горенаведената планска документација.

Истовремено Ве известуваме дека при изработка на горенаведената ДУПД потребно е да се изведе сообраќајно приклучување на објектите во согласност со постојната законска регулатива..

Со почит,

Директор
на Биро за јавна безбедност
м-р Митко Чавков

Министерство за внатрешни работи

Биро за јавна безбедност

ул.Димче Мирчев бр9
Скопје

Тел. (02) 3143170
Факс: (02) 3142230

www.mvr.gov.mk

## Известување за постојни подземни ТК инсталации

Македонски Телеком АД - Скопје
Кеј 13 Ноември бр 6 1000 Скопје
арх. бр: 195 – 296656/2
дата: 16 -12- 2014

ДПГИ ВЕКТОР 90 Томе ДООЕЛ
Ул. "Ленинова 12
Струмица

Ваше упатување: Барање податоци
Наше контакт лице: Владо Донев
Телефон: +389 34 334 133
Датум: 12.12.2014
Во врска со: Известување за постојни подземни тк инсталации за изработка на ДУП

Почитувани,

Во врска со Вашето барање број 03-73/10 од 04.12.2014 година, заведено во архивата на „Македонски Телеком" АД Скопје со архивски број 19 - 296656/1 од 09.12.2014 година, со кое барате податоци за постојните и планираните тк инсталации во границите на планскиот опфат за изработка на Државна Урбанистичка Планска Документација за Рударски комлекс за производство на катоден бакар „Казандол" како и реконструкција на и проширување на Општинскиот пат за с.Казандол од приклучок со патот Р-1401 Струмица –Раброво -Балинци –Марвинци до планираниот влез во рударски комлекс, а врз основа доставените ситуации, Ве известуваме дека во планскиот опфат има постојни тк инсталации.

Ова известување важи 6 (шест) месеци од денот на издавањето.

**Напомена: Информациите содржани во овај документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да преземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.**

Прилог: Ситуација со вцртани постојни тк инсталации

Со почит,

Служба за управување со документација и
Телекомуникациска инфраструктура
Раководител
Николче Тасевски

Сектор за развој на мрежи и
сервисни платформи
Директор
Лазар Динов

Македонски Телеком
за електронски комуникации - Скопје

Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса: Кеј 13 Ноември бр 6, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт: Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС: 5168660
ISO 9001 и ISO 27001 сертифицирана компанија

## Дирекција за заштита и спасување

Република Македонија
Влада на Република Македонија
**Дирекција за заштита и спасување**

Република Македонија
Влада на Република Македонија
Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение за заштита и спасување Валандово

Бр: 10-76/2
18.12.2014 год.
ул."Маршал Тито" бр.66
2460 Валандово,

Тел. (034) 382 038
Факс. (034) 382 038
e-mail: valandovo@dzs.gov.mk

**ДО**
**ДПГИ ВЕКТОР 90 ТОМЕ Дооел**
**Ул.Ленинова 2400 Струмицав 12**

ВРСКА: Ваш акт бр. 03-73/1 од 04.12.2014 г.

Барање на претходни услови за планските програми за изработка на Државна урбанистичка планска документација за Рударски комплекс за производство на катоден бакар- Казандол, О.Валандово.Проект за инфраструктура за реконструкција и проширување на општински пат за с.Казандол, од приклучок со патот Р-1401 Струмица врска со А4, с.Раброво, Валандово, Балинци - Марвинци врска 1102 до планиран влез во рударски комплекс.

ПРЕДМЕТ: Мислење доставува;-

Врз основа на Член 53 и 54 од Законот за заштита и спасување пречистен текст (Сл.весник на РМ 93/12) за задолжително применување на мерките за заштита и спасување кои се во функција на уредување на просторот и задолжително применување во планската документација

Согласно Вашето барање за мислење во постапката за донесување на Урбанистичка планска документација за Рударски комплекс за производство на катоден бакар Казандол, О.Валандово, вон град, за која ке се изработи локална урбанистичка планска документација, доставуваме податоци и информации врз основа на Законот за заштита и спасување како и пред услови за изработка на урбанистичкиот план за село Калково.

1. При изработката на планската документација и ЛУПД, потребно е да се предвидат Мерките за заштита и спасување, согласно Законот за заштита и спасување пречистен текст(Сл.весник на РМ бр, 93/12), Правилникот за мерките за ЗПЕОМ (Сл.весник на РМ бр, 32/11)
   Уредба за начинот на применување на мерките за ЗС при планирање и уредување на просторот(Сл.весник на РМ бр.105/05)
   Подзаконски акти Одлуки и други прописи кои ја регулираат оваа област.

Предното се доставува на знаење и понатамошна постапка.

ПРИЛОГ: Мерки за заштита и спасување..........................................1
Скица: На не експлодирани убојни средства и поројни суводолици..........................................................................1

Изработил: Ѓорге Илиев
Одобрил:

Р А К О В О Д И Т Е Л
Петковски Владимир

## ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. **Вид на планот;**
2. **Географска и геодетска местоположба,(обележано на мапа);**
3. **Текстуални одредби од извод на план од повисоко ниво.**
4. **Планска програма за изработка на урбанистичка планска документација за Рударски комлекс за производство на катоден бакар Казандол, О. Валандово.**
5. **Мерки за заштита и спасување**

### -МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Согласно Законот за заштита и спасување пречистен текст(Сл.в.на РМ бр. 93/12), се утврдува систем за заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреки во мир, вонрдена состојба и од воена состојба во Република Македонија. Во понатамошната примена на планот, при изработка на Основен проект, потребно е да бидат вградени основните мерки за заштита и спасување.

б) Мерките за заштита и спасување се:

1. урбанистичко - технички и

2. хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи.

**1. Урбанистичко - технички мерки се**:

- засолнување;
- заштита и спасување од поплави;
- заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи,
- заштита од неексплодирани убојни и експлозивни средства;
- заштита и спасување од урнатини;
- заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и
- спасување од сообраќајни несреќи

**- Засолнувањето** опфаќа изградба, одржување и користење на јавните засолништа, заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката.

**- Заштитата и спасувањето од поплави,** опфаќа регулирање на водотоците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотоците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со

Страна 2

основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

- **Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи,** опфаќа мерки и активности од нормативен , оперативен, оргaнизационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер.

Инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција-пренамена е должен да изготви посебен **Елаборат за (ЗПЕОМ),заштита од пожари, експлозии и опасни материи** и да прибави согласност за застапеноста на мерките за ЗПЕОМ.

**- Заштита од неексплодирани убојни и експлозивни средства,** опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, одбележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани експлозивни средства на местото на пронаоѓањето, транспорт до предвиденото и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот.

-Тој вид на заштита ќе биде од организирани сили за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи

**- Заштита и спасување од урнатини опфаќа превентивни и оперативни мерки.**

Превентивните мерки за заштита од уривање се активности кои се планираат и спроведуваат со просторните и урбанистичките планови и со примена на техничките нормативи при проектирање и изведба на објектите.

**-Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи**, опфаќа превземање на превентивни и оперативни мерки во индустриските објекти, кои во производниот процес употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјаните добра.

-Инвеститорите се должни да обезбедат елаборат за стратешка оцена на влијанието врз животната средина за дејноста што ја обавуваат.

**2. Хуманитарни мерки се:**

-евакуација
-Згрижување на загрозеното и настраданото население
-радиолошка, хемиска и биолошка заштита,
-прва медицинска помош,
-заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло,
-заштита и спасувањ на растенија и пороизводи од растително ппотекло и
-асанација на теренот

**-Со евакуацијата** се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните и културните добра на Републиката, од загрозените во релативно побезбедните простори.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи

Страна 3

-**Згрижувањето на загрозеното и настраданото население** опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население.

**- Радиолошката, хемиската и биолошката заштита** опфаќаат мерки и активности за заштитан а луѓето, добитокот И расренијата, со навремено откривање, следење И контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошко, хемиско и биолошки агенси, преземање на мерки за заштита и отстранување на последиците од нив.

Инвеститорот, е должен да обезбедат заштитни средства и да ги спроведува стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

**- Прва медицинска помош** опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето-заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

**- Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло** опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, радиолошка, хемиска, биолошка контаминација и други несреќи.

**- Заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло** опфаќа превентивни и оперативни мерки са заштита од растителни болести, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

**- Асанација на теренот** опфаќа пронаоѓање, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, и објектите.



**18.12.2014 год.** **ДЗС ПОЗС-Валандово**

Страна 5

**МЖСПП, Управа за животна средина**

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

Архивски бр. 11-12226/2
Дата: 26.12.2014

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

До: ДПГИ "ВЕКТОР 90" Томе дооел
Ул. Ленинова бр.12
2400 Струмица

Предмет: Известување
Врска: *Ваш бр. 03-73/6 од 04.12.2014*

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис со акт број 11-12226/1 од 05.12.2014 година, кој се однесува на барање информации по однос на плански опфат за кој е отпочната постапка за изработка на Државна урбанистичка планска документација (ДУПД) за Рударски комплекс за производство на катоден бакар - Казандол, општина Валандово и изработка на Проект за инфраструктура за реконструкција и проширување на општински пат за с. Казандол, Управата за животна средина како надлежен орган за вршење на стручни работи од областа на заштита на природата во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање, ве известува за следното:

По извршениот увид на приложениот плански опфат и согласно евиденцијата на природно наследство на територијата на РМ, како и врз основа на Просторниот план на РМ - Секторската студија за заштита на природното наследство ("Сл. Весник на РМ" бр.39/04), констатирано е дека опфатот кој е предмет на изработка на планската документација, не влегува во граници на заштитено подрачје.

Со почит,

МИНИСТЕР
Nurhan Izairi

Изготвил: Роска Н. Вукојевиќ
Контролирал: м-р Сашко Јорданов
Согласен: м-р Влатко Трпески

Одобрил: Игор Трајковски
Директор на Управа за животна средина

## МЖСПП, Управа за животна средина – Води

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

Архивски бр. 11- 11-1523/1

Дата: 13.02.2015

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

До: „Вектор 90" Томе ДООЕЛ
Ул. „Ленинова" бр. 12, Струмица

Предмет: Известување

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање бр. 03-73/5 од 04.12.2014 година за добивање на податоци и информации во однос на изработка на Државна урбанистичка планска документација за Рударски комплекс за производство на катоден бакар – „Казандол", општина Валандово и Проект за инфраструктура за реконструкција и проширување на општински пат за село Казандол, од приклучок со патот Р-1401-Струмица (врска со А4)-Раброво-Валандово-Балинци-Марвинци-(врска со Р1102) до планиран влез во рудarскиот комплекс, Ве известуваме дека при изработка на урбанистчкиот план согласно Законот за води (Службен весник на Република Македонија бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13 и 163/13) треба да бидат исполнети следните критериуми:

1. Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките.

2. Местоположбата на постројките и објектите треба да биде надвор од крајбрежниот појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци.

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

3. Изведувањето на индустриските објекти и постројки да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно –техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците.

4. Доколку на потегот каде што е предвиден предметниот проектен опфат се наиде на водостопаснки објекти, потребно е да се имаат во предвид одредбите од Законот за водите чл. 167, кои се однесуваат на заштита и спречување на оштетувањето на водостопаснките објекти и постројки.

5. Потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од населени и индустриски места, според уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води (Сл.весник на РМ број 18/99)

6. Во случај на емисија што би можела да влезе директно или индиректно во површински води, подземни или канализациониот систем, правното лице одговорно за работењето на постројката мора веднаш да го информира Министерството за животна средина и просторно планирање,како и да ги преземе сите пропишани мерки за спречување и намалување на негативните последици по животната средина.

7. Да се спроведат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции.

8. Согласно Законот за води Министерството за животна средина и просторно планирање издава водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти коишто поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите. Министерството за животна средина и просторно планирање согласно Законот за води издава дозвола за користење на вода и Дозвола за испуштање на отпадните води.

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
E-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Воедно Ве информираме дека Министерството за животна средина и просторно планирање не располага со податоци за подземните водоводни мрежи и не може да се произнесе по предлог на местоположбата. Според одредбите од Законот за регистрација на подземни и надземните инфраструктурни објекти и придружни инсталации (Сл.Весник на Република Македонија бр.6/12) за чије спроведување е одговорно Министерството за транспорт и врски, единиците на локална самоуправа како и одговорниот субјект кој управува со постојната инфраструктура се одговорни да водат евиденција и да воспостават регистар на инфраструкура на нивното подрачје.

Со почит,

МИНИСТЕР
Nurhan Izairi

Изготвил: Арјан Ганији
Контролирал: Снежана Мартулкова
Одобрил: Илбер Мирта
Согласен: Игор трајковски

**Водостопанство "Јужен Вардар" Гевгелија**

ВОДОСТОПАНСТВО ЈУЖЕН ВАРДАР
Бр. 03-49/1
22.01.2015 год.
Гевгелија

Водостопанство "Јужен Вардар" - Гевгелија
ул.7-ми Ноември бр. 14, Гевгелија
тел./факс 034/217-671

До
ДПГИ ВЕКТОР 90 Томе ДООЕЛ
Струмица

**ПРЕДМЕТ: Одговор на Барање на податоци**

Почитувани,

На ваше барање бр. 03-03 од 20.01.2015 година ве известуваме дека согласно планските програми за изработка на:

1. Државна урбанистичка планска документација за Рударски комплекс за производство на катоден бакар - Казандол општина Валандово и,
2. Проект за инфраструктура за реконструкција и проширување на општински пат за с. Казандол, од приклучок со патот П-1401-Струмица (врска со А4) - Раброво - Валандово - Балинци - Марвинци (врска со П1102) до планиран влез во рударскиот комплекс.

на 21.01.2015 година со наши претставници и претставник од ваша страна е излезено на лице место и сета наша постоечка и планирана инфраструктура во границите на планскиот опфат е прикажана и отцртана на топографската карта и ажурираната геодетска подлога која што беше доставена од вашиот претставник.

Со почит,

Водостопанство
Јужен Вардар
Гевгелија
директор

Тихомир Тенекеџиев

## Министерство за одбрана

НЕКЛАСИФИЦИРАНО

Република Македонија
Министерство за одбрана

Број 19/1-11/33
Датум 16.01. 2015 год.

Министерство за одбрана
на Република Македонија

Сектор за недвижности и услуги
- Одделение за градежно обезбедување

бул. „Св. Климент Охридски", бр.15
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 328 2555
Факс. (02) 328 2572
Сајт: www.morm.gov.mk

ДГПИ Вектор 90
Ул. Ленинова бр.12
2400 Струмица

Предмет: Одговор на барање, доставува;-
Врска: Ваш акт бр.03-73/2 од 04.12.2014 година

Почитувани,

Во врска со горе наведеното Ваше барање, со прилог ситуација, Министерството за одбрана на Република Македонија - Сектор за недвижности и услуги - Одделение за градежно обезбедување од Скопје, ја дава следната

П О Т В Р Д А

На локацијата, вцртана во ситуација, каде е предвидена изработка на Државна урбанистичка планска документација за Рударски комплекс за производство на катоден бакар „Казандол" и Општина Валандово како и Проект за инфраструктура за реконструкција и проширување на пат за с.Казандол до влез во рударскиот комплекс, Ве известуваме дека не располагаме со податоци за постоење на кабелски инсталации кои се во надлежност на Министерството за одбрана на Република Македонија и Армијата на Република Македонија.

Со почит,

Изработил: Александар Ајтовски
Одобрил: Михајло Дранговски

СЕКТОР ЗА НЕДВИЖНОСТИ И УСЛУГИ
Раководител
Љубиша Чадиковски

Доставено до:
1. Наслов;
2. Изработувач;
3. Архива.

15.01.2015

НЕКЛАСИФИЦИРАНО

## МЕПСО

МЕПСО
МАКЕДОНСКИ ЕЛЕКТРОПРЕНОСЕН СИСТЕМ ОПЕРАТОР

Максим Горки бр.4, 1000 Скопје
Кабинет на Генерален директор
+ 389 (0)2 3 149 093
подружница ОЕЕС
+ 389 (0)2 3 149 005
подружница ОПМ
+ 389 (0)2 3 149 040
подружница ОПЕЕ
+ 389 (0)2 3 149 627
Ф: + 389 (0)2 3 111 160
www.mepso.com.mk

Оператор на електропреносниот систем на Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија
и управување со електроенергетскиот систем,
во државна сопственост, Скопје
Бр. 10-1047
23.02 2015 год.
СКОПЈЕ

До
дпги" ВЕКТОР 90" Томе ДООЕЛ
Ул.,,Ленинова " бр.12,
2400 Струмица

Ваш дел.бр.- 03-73/7 од 04.12.2014 год.
Наш дел.бр.- 07-6938 од 05.12.2014 год.

**Предмет:** Одговор на Барање

Во врска со Вашето барање за достава на податоци во кое барате да Ви доставиме податоци и информации за постоечки и планирани електроенергетски мрежи и објекти и евентуални конфликтни точки од планскиот опфат во ажурираната геодетска подлога која ни ја испаративте во прилог, а се однесува за изработка на:

1. **Државна урбанистичка планска документација за Рударски комплекс за производство на катоден бакар -,,Казандол" Општина Валандово,**
2. **Проект за инфраструктура за реконструкција и проширување на општински пат за с.Казандол, со приклучок со патот Р-1401-Струмица(врска со А4)-Раброво-Валандово-Балинци-Марвинци-(врска соП1102) до планиран влез во рударски комплекс,**

Ве известуваме дека на гореспоменатиот плански опфат нема постоечки и планирани електроенергетски мрежи и објекти кој се во сопственост на АД МЕПСО.

Со почит,

Припремил: Јане Ѓерасимоски

Контролирал: Христо Аиновски

Одобрил: Робе Робески

Директор на Подружница ОПМ
Ацо Ристески, дипл.ел.инж

СКОПЈЕ

Ко:
- Оддел ДВ
- Подружница ОПМ
- Архива

ISO 9001
ISO 14001
OHSAS 18001
BUREAU VERITAS
Certification

## Прилог 5 План за површини за градење



## Прилог 6 Синтезен план



## Прилог 7 Ажурирана подлога



## Прилог 8 Одлука за спроведување на стратегиска оцена на животната средина

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13 и 42/14), Министерот за транспорт и врски на ден 13.03. 2015 година, донесе

### Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ *ДУПД за Рударски комплекс за производство на катоден бакар - "Казандол" - општина Валандово*, што го донесува Министерот за транспорт и врски, потребно е да се спроведе Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ *ДУПД за Рударски комплекс за производство на катоден бакар - "Казандол" - општина Валандово* се определуваат следните: Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за економија, општина Валандово, локални јавни комунални претпријатија, невладини организации.
3. За планскиот документ *ДУПД за Рударски комплекс за производство на катоден бакар - "Казандол" - општина Валандово*, за чија изработка е одговорен ДПГИ Вектор 90 - Томе ДООЕЛ Струмица, а го донесува Министерство за транспорт и врски, донесувањето на планскиот документ *ДУПД за Рударски комплекс за производство на катоден бакар - "Казандол" - општина Валандово* ќе има влијание врз животната средина.
4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: социо-економски развој на општина Валандово, управување со квалитет на амбиентен воздух, управување со површински и подземни води, заштита на почви, заштита од бучава, употреба на земјиштето, управување со отпад, биолошка и пределска разновидност, население и човековото здравје, културно и историско наследство, заштита од несреќи и хаварии.
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт и врски на следната веб адреса/и: http://www.mtc.gov.mk/.
6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр 24-4280/2

Место: Скопје

Министерство за транспорт и врски

Министер

Миле Јанакиески

## Прилог 9 Јавно известување



**СООПШТЕНИЕ**

Врз основа на член 69 од Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/2009, 124/2010 и 51/2011) како и член 3 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и програми од областа на животната средина ("Сл.весник на РМ" бр.147/08 и 147/11), Министерот на Министерството за транспорт и врски организира

**ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА**

**по**

**Извештај за стратегиска оцена на животната средина за Државна урбанистичка планска документација со основна класа на намена Г1-тешка индустрија за изградба на Рударски комплекс КАЗАНДОЛ за производство на катоден бакар КО Казандол и КО Валандово во општина Валандово**

Јавната презентација на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина ќе се одржи во просториите на просториите на "Дом на култура - 25 Мај" во Валандово, на ден 30.03.2015година во 11.30 часот.

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина е изложен на јавен увид на web страната на Министерството за транспорт и врски (www.mtc.gov.mk).
Заинтересираните граѓани и правни лица можат да учествуваат во Јавната презентација, а во времетраење од 30 дена по објавување на Извештајот за стратегиска оцена на web страната на Министерството за транспорт и врски ќе можат да ги дадат своите забелешки, предлози и мислења.

Сите забелешки засегнатата јавност може да ги доставува по електронски пат или по пошта до Министерството за транспорт и врски.

**Министер за транспорт и врски**
**Миле Јанакиески**

## Прилог 10 Пристигнати коментари

ЕКОЛОШКО ДРУШТВО
„КАЛИНКА"
бр ___
02-04 2015 год.
ВАЛАНДОВО

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

| Примено: 02. 04. 2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Ор. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 12 | 658/1 | | |

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**
**СКОПЈЕ**

**ПРЕДЛОГ И ЗАБЕЛЕШКИ**

За Државно урбанистичката планска документација со основна класа на намена Г1-тешка индустрија за зградба на Рударски комплекс "КАЗАНДОЛ" за производство на катоден бакар во КО Казандол и КО Валандово

Еколошкото друштво "Калинка" Валандово активно вклучувајќи се во отпочнатата постапка на Министерството за транспорт и врски за одобрување на Државно урбанистичката планска документација со основна класа на намена Г1-тешка индустрија за зградба на Рударски комплекс "КАЗАНДОЛ" за производство на катоден бакар во КО Казандол и КО Валандово по одржаната Јавна презентација и Јавна анкета одржана на ден 30.03.2015 година во Валандово укажува на следното.

**Најпрво мора да укажеме на една недоследност и повреда на законските одредби (согласно чл.24 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ) што организаторот не сподели ни еден анкетен лист на присутните граѓани , членови на еколошкото и другите невладини организации за да можат да се дадат предлози и забелешки , но тоа во иднина во зависност од тоа како ќе се одвиваат настаните може да биде предмет на друга постапка пред надлежните судови или уставниот суд.**

Но и покрај тоа ние еве и во оваа форма се произнесуваме и укажуваме на следното :

Пред се како еколози во принцип сме секогаш против кога се нарушува животната средина па макар се работело за сечење на едно дрво или изградба на било каков објект кој ќе се одрази на неа а не пак за проект и плански документ кој третира и е со намена Г1 –тешка и загадувачка индустријакако што е Рударскиот комплекс КАЗАНДОЛ за производство на катоден бакар.

Уште на почетокот пред сите нас се наметнато прашањето со овој проект каква е иднината на една од најеколошките средини во државата , здравјето на граѓаните, земјоделието особено познатиот наш бренд на еколошко органско земјоделско производство како на домашниот така и странскиот пазар.

Според нашите согледувања , сознанија и консултации за имплементацијата на државната урбанистичка планска документација за изградба на тешка и загадувачка индустрија за изградба на рударскиот комплекс КАЗАНДОЛ апсолутна нема никаква гаранција дека овој проект нема да допринесе до загадување на животната средина и воопшто не веруваме дека Министерството за животна средина и просторно планирање ќе даде дозвола за овој рудник бидејќи преголема е одговорнаста на лицата кои ќе го дозволат тоа бидејќи одговорноста за несаканите

последици од овој времен инвеститор од неколку години по здравјето на луѓето , животната средина , посебно воздухот , подземните и надземнте води и почвата( блиските бунари од кои населението се снабдува со вода за пиење итн.) нема да изостане.

На расправата укажавме дека планскиот документ е во конфликт со ЛЕАП и Програмата за ЛЕР. како основни стратешки документи на општина Валандово.

Во ЛЕАП и во ЛЕР сосема јасно е забележено дека земјоделието е основна стопанска гранка и децидно се наведени приоритетите а од индустрии предвидена е само лесната или производствени капацитети кои не загадуваат значи ни средна иако не е категоризирана а камоли тешка индустрија.

И за некои конретни забелешки.

Наведено е дека рударскиот комплекс , поточно објектот за преработка е јужно од градот Валандово на 3,5 километри а од Казандол 1 км.За волја на вистината да кажеме дека воздушна линија од с.Казандол е 300 м. од с.Брајковци 800 м и од Валандово поконкретно од гимназијата- СОУ Гоце Делчев има 2 км а од најблиската куќа на Д-р . Борис Таневски и Фармата 1 км.

Па не знаеме некаде во светот да има рударски комплекс на 2км или 300 м , поготово во Европа , кон која се стремиме а за илустрација на расправата спомнавме дека Бучим е 12 км. од Радовиш а Саса 11 км. од М.Каменица и ние треба да се произнесуваме за овој плански документ кои нуди очигледно загадување.

И во самиот Нацрт извештај на страна 60 и 61 под поглавје 7 се наведува:

7.3:"Со оглед на предвидената главна класа Г1-тешка и загадувачка индустрија , можно е имплементацијата односно реализацијата на планскиот документ да има влијание врз квалитетот на амбиетниот воздух (емисија на прашина дробење , согорување итн.)

7.4-Имплементацијата на планскиот документ и предвидената активност може да има влијание врз квалитетот на површинските и подземните води (самите технолошки процеси ќе резултираат со создавање на на технолошки отпадни води – отсуствувуваат технички детали и квантитативни и квалитативни детали)

7.5-Имплементацијата на планскиот документ може да има влијание врз почвата (различните видови и количини на технолошки отпадни води и опасен отпад што може да резултира со влијание на почвата)

7.6-Имплементацијата на планскиот документ може да резултира со влијание по однос на прашањето на отпад.

7.7Влијание на бучавата (Минирање , дробење)

Исто така во планскоит проект нема односно отсуствуваат јасни конкретни индикатори и точни показатели за загадувањето(како квантитавни така и квалитативни) .

Понатаму ако се земе во предвид дека Валандово е трустно подрачје и можни се тектонски поместувања(земјотреси како што беше пред некој ден)а од друга страна конфигурацијата на теренот и сливното подрачје е такво не да ги однесе наводните езера и брани туку и објектот за преработување.

Па во тој контекст дека во непосредна близина се Анска река и Мичкова река кои се вливаат во реката Вардар неможе да се елиминира меѓународниот фактор односно Р.Грција.

Нам не ни потребно вработување ако го изгубиме онаа со што располагаме сега како еколошки земјоделски крај.Ако се стави на кантар иднината на претходно споменатото , здравјето на луѓето и животната средина со профитот на инфеститорот и буџетот не би требало да се прави споредба затоа што ние сме засекогаш губитници.

Со оглед на погоре наведеното за нас несфатливо е како надлежното министерство ова планско решение ќе се обиде да го одобри на штета на своите граѓани и загадување на еден од нај еколошките земјоделски региони во државата.

Како еколошко друштво ние сме против одобрување на Државно урбанистичката планска документација со основна класа на намена Г1-тешка индустрија за зградба на Рударски комплекс “КАЗАНДОЛ” за производство на катоден бакар во КО Казандол и КО Валандово и со тоа не ќе можеме да се помириме.

Ве информираме дека за овој допис а и за сите наши понатамошни активности ќе бидат известени медиумите , ДЕМ и други ,

Со еко поздрав и почит,

02.04.2015 год.

ЕД КАЛИНКА Валандово
Ванчо Гошевски

## Прилог 11 Одговор на коментарите

ЕМПИРИА - ЕМС

**До САРДИЧ МЦ, Скопје**

ул. „Тодор Александров" бр. 11А
1000 Скопје, Македонија
тел.: + 389 (2) 2066 002

Предмет:

Доставување на одговор на допис од ЕД Калинка Валандово во врска со ДУПД за уредување и користење на просторот и намената на земјиштето во рамки на планскиот опфат за изградба на рударски комплекс "Казандол" за производство на катоден бакар

Датум: 6 април 2015 година

Почитувани

Во прилог на овој допис, за понатамошно проследување до Министерството за транспорт и врски, Ви доставуваме одговори на предлог и забелешки во однос на државна урбанистичка планска документација (ДУПД) за изградба на рударски комплекс "Казандол", доставени од страна на еколошкото друштво "Калинка" (допис од 02.04.2015 година).

Одговорот во прилог се однесува на аспектите на заштита на животната средина, обработени во соодветниот нацрт Извештај за стратегиска оцена на животната средина за предметниот ДУПД.

Со почит
Константин Сидеровски

Друштво за консалтинг
ЕМПИРИА ЕМС ДООЕЛ
Скопје

ЕМПИРИА ЕМС
Разловечко востание 26/1А-27
1000 Скопје, Македонија
+ 389 2 3061 631 / + 389 75 240 885

*Одговор на забелешки на ДУПД и нацрт Извештај за стратегиска оцена на животната средина*

**Одговор на забелешки во однос на ДУПД, поврзани со наодите во нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина**

Вовед

Во текстот подолу е даден одговор / објаснување на забелешките доставени од страна на ЕД Калинка (допис од 02.04.2015 година) кои се однесуваат на аспектите на заштита на животната средина обработени во нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина (СОЖС) за предметниот ДУПД.

Одговор на забелешки

- Забелешки во однос на неусогласеност со локалниот акционен план за животната средина (ЛЕАП) од 2009 година и потенцијалното влијание врз земјоделството во проектното подрачје

Тековниот ЛЕАП на општина Валандово (2009-2013) јасно ги идентификува потенцијалите на општината во однос на потенцијална експлоатација на минерални суровини. Меѓудругото, ЛЕАП-от утврдува дека: "Во месноста Казандол во тек се подготовки за експлоатација на минерали со богата содржина на бакар, а во регионот на Беласица над селото Бајрамбос се истражуваат наоѓалишта на минерали богати со племенити елементи."[1)] Следствено, во SWOT[2)] анализата на општината, изложена во ЛЕАП-от, за секторите инфраструктура и локална економија како "сили" и "можности", меѓудругото се наведени "наоѓалишта на рудни богатства", вклучително и "бакар кај Казандол". Ова јасно укажува дека во ЛЕАП-от идната експлоатација на минерална суровина (бакарна руда) во наоѓалиштето Казандол е идентификувана како "можност" и "сила" за иден економски развој на општината, а не како "закана", што укажува дека планскиот документ (ДУПД) и Извештајот за стратегиска оцена на животната средина се усогласени со ЛЕАП-от на општината.

Дополнително, наоѓалиштето на бакарна руда Казандол, како дел од Српско-македонската металогена провинција и перспективен концесиски простор, е идентификувано во планскиот документ за развој на Република Македонија од највисок ред - Просторниот план на РМ (2002-2020), во експертскиот елаборат "Состојба и можности за користење на минералните суровини"[3)]. Просторниот план на РМ претставува стратегија за просторен развој на Републиката, кој дава насоки за намената, користењето, заштитата, организацијата, уредувањето и управувањето со просторот на земјата. Сите просторно-урбанистички и економски развојни и плански документи од понизок ред треба да бидат усогласени со Просторниот план на РМ.

Формата на намената на земјиштето, како и самите планирани активности во планскиот опфат на градежната парцела на рударскиот комплекс не зафаќаат, ниту предвидуваат пренамена на, постојно земјоделско земјиште, со што се исклучува директна загуба на таков вид на земјиште во проектното подрачје.

Севкупната техничка проектна документација на активностите и градбите во опфатот на планскиот документ и придружната Студија за оцена на влијанието врз животната средина се изработени врз основа на принципите и начелата на висок степен на заштита, одржлив развој, претпазливост и превенција, почисто производство и најдобри достапни техники утврдени во македонското и меѓународното законодавството во областа на животната средина. Тоа гарантира дека во услови на превземање на утврдените проектантски решенија и прифатените мерки за избегнување и намалување на влијанијата врз животната средина, истите нема да предизвикаат негативни ефекти врз медиумите на животната средина (воздух, вода и почва) над утврдените стандарди за квалитет. Следствено, севкупната предложена стратегија на инвеститорот САРДИЧ МЦ за контрола и спречување на потенцијалните влијанија и

[1)] Извор: Локален акционен план за животната средина на општина Валандово (2009 – 2013)
[2)] SWOT - Strenghts (сили), Weaknessess (слабости), Opportunities (можности) и Threats (закани)
[3)] Извор: Просторен план на Република Македонија (2002-2020)

2

придружниот масивен мониторинг на емисиите и квалитетот на медиумите на животната средина исклучува и индиректни негативни ефекти врз земјоделството како доминантна стопанска гранка во општината Валандово и пошироката околина.

Имајќи го во предвид горенаведното, може да се заклучи дека планскиот документ и активностите предвидени со проектот не поседуваат потенцијал да придонесат кон зголемување на заканите во однос на земјоделството, поврзани со проблемите кои произлегуваат од несоодветниот систем на заштита на животната средина, веќе утврдени во ЛЕАП-от, а кои доминанто се однесуваат на[4)]: евидентираното загадување на воздухот (користење на фосилни горива за затоплување), водите и почвата (испуштање на непрочистени отпадни води во природен реципиент и земјоделско земјиште, и несоодветно постапување со цврст и течен земјоделски и сточарски отпад), субстандардното управување со отпадот и евидентирани диви депонии.

Ефектите од спроведување на планскиот документ и самиот проект во однос на идното вршење на земјоделска дејност во регионот се неутрални и овозможуваат непречено одвивање на земјодлеските активности на начин на кој тие тековно се вршат. Според тоа, планираните активности во рударскиот комплекс и тековните форми на користење на земјоделското земјиште во подрачјето се компатибилни, без меѓусебна колизија и значителен потенцијал за директна негативна интеракција.

- Забелешки во однос на поглавје 7 – Веројатни значајни влијанија врз животната средина, на нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина

Овие забелешки се однесуваат на квалитетот на амбиентниот воздух (секција 7.3), квалитетот на површинските и подземните води (секција 7.4), почвата (секција 7.5), управувањето со отпад (секција 7.6), и влијанија од бучава (секција 7.7).

Поглавјето 7 на нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина јасно ги идентификува главните видови на веројатни влијанија врз животната средина кои можат да се појават во текот на идното спроведување на активностите кои се предмет на уредување во државната урбанистичка планска документација – експлоатација на минерална суровина и производство на катоден бакар. Врз основа на тоа, нацрт Извештајот за СОЖС посочува на низа предлог мерки за заштита и дополнително јасно повикува на детална и стручна анализа на значајноста на овие влијанија преку процесот на оцена на влијанието врз животната средина на ниво на техничка документација на проектот, т.е. при изработката на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина (ОВЖС). Целта на оваа студија е да се утврди пакет на превентивни и оперативни мерки за избегнување и ублажување на влијанијата, и да се овозможи одржливо спроведување на проектот на начин прифатлив за животната средина и луѓето.

Во тој контекст, двата главни документи за заштита на животната средина на предложениот проект – Извештајот за стратегиска оцена на животната средина и Студијата за оцена на влијанието врз животната средина, презентирани на јавната расправа одржана во општина Валандово на 30 март 2015 година - се комплементарни и меѓусебно поврзани инструменти за планирање и дизајнирање на проектот, но обработуваат различни аспекти на проектот.

Документите кои се предмет на забелешките (ДУПД и Извештај за СОЖС) се наменети да ги утврдат формите на уредување и користење на просторот и намената на земјиштето во рамки на планскиот опфат определен со градежна парцела, и немаат за цел да извршат оцена на очекуваните специфични влијанија од предложениот проект во контекст на нивната значајност во однос на рецепторите на истите – луѓето, природата и компонентите на животната средина. Од таа причина, овие документи не содржат техничко-технолошки информации за проектот или квалитативни и квантитавни индикатори за сегашната состојба на животната средина во проектното подрачје, нивото на специфичните влијанија и емисии од технолошките постапки, ниту конкретни мерки за избегнување и намалување на влијанијата. Овој вид на информации се презентирани во Студијата за оцена на влијанието врз животната средина, каде сите

[4)] Извор: Локален акционен план за животната средина на општина Валандово (2009 – 2013)

специфични влијанија врз животната средина од проектот се точно идентификувани, квалитативно – квантитативно утврдени со опис на соодветни индикатори ((i) географско-просторен опсег, (ii) веројатност на појава, (iii) времетраење, (iv) интензитет и (v) повратност), со цел да се утврди нивната значајност за животната средина и социјалното опкружување и да се дефинираат потребните превентивни мерки (проектантско-технолошки решенија) и оперативни мерки (добра градежна и работна пракса), со кои влијанијата во текот на изградбата и работата на рударскиот комплекс ќе се сведат на ниво прифатливо за компенентите на животна средина и здравјето на луѓето. Во тој смисол, спроведените постапки за стратегиска оцена во однос на планскиот документ (ДУПД) и оцена на влијанието врз животната средина од предложениот проект (Студија за ОВЖС) јасно укажуваат дека со усвоениот пристап на просторно-урбанистичко планирање базиран на одржливо користење на просторот, земјиштето и ресурсите, а во услови на спроведување на пакетот на проектантски решенија (градежни и технолошки постапки за избегнување на влијанијата) и спроведување на утврдените мерки за намалување на влијанијата, утврдени во Студијата за ОВЖС, проектот не претставува закана за животната средина и луѓето во проектното подрачје, ниту за тековните дејности на населението и формите на користење на земјиштето во истото.

Врз основа на наодите во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина и Студијата за оцена на влијанието врз животната средина јасен е заклучокот дека проектот:

- нема да врши далекусежно загадување на воздухот, бидејќи истиот не предвидува согорување, ниту топење на минерална суровина и испуштање на загадувачки материи преку точкаст извор (оџак, испуст, итн.). Емисијата на фугитивна прашина од рударските активности ќе биде локална и контролирана со утврдени мерки за намалување и супресија, кои стандардно се користат за ваков вид на активност со голема ефикасност.
- нема да врши испуштање на индустриски отпадни води во природен реципиент (водотек или почва), ниту во канализационен систем, туку ќе врши рециркулирање на истите во затворен циклус на технолошкиот процес на производство.
- нема да врши испуштање на комунални отпадни води во природен реципиент (водотек или почва), ниту во канализационен систем, туку ќе врши нивно прочистување и рециркулирање во затворен циклус на технолошкиот процес на производство.
- нема да врши испуштање на загадувачки материи во околното земјиште и подземните води, бидејќи се предвидени специфични градежни и технолошки мерки за спречување и контрола на евентуалното загадување од секоја активност, градба и технолошка постапка во рударскиот комплекс, базирани на концептот на најдобри достапни техники (НДТ), утврдени со македонското законодавство и законодавството на ЕУ за индустриско загадување[5)].
- нема да врши трајно отстранување и депонирање на индустриски отпади во опфатот на рударскиот комплекс или во поширокото подрачје. Овие отпади ќе бидат отстранети од подрачејто од страна на овластени постапувачи за понатамошна преработка во лиценцирани инсталации / postројки во земјата или во странство.
- нема да врши трајно отстранување и депонирање на комунален отпад во опфатот на рударскиот комплекс или во поширокото подрачје. Овој отпад ќе биде отстранет од комплексот од страна на овластен постапувач – јавно комунално претпријатие.
- нема да врши вознемирување на блиските населени места од емисија на бучава. Емисијата на бучава од рударските активности ќе биде локална и контролирана со утврдени превентивни мерки за минирање (примена на современа НОНЕКС (NONEX) технологија) и оперативни мерки (минирање во строго определен дел од денот, известување на локалното население, итн.).

- Забелешки во однос сезимичноста на проектното подрачје и сеимичките хазарди во однос на рударскиот комплекс

Поширокото подрачје на рударскиот комплекс е сеизмички активен регион кој припаѓа на Валандовското епицентрално подрачје, во источниот дел на Вардарската сеизмогена зона, во близина на нејзините граници со Струмската сеизмогена зона. Според достапните историски

[5)] Директива 96/61/ЕЗ за интегрирано спречување и контрола на загадувањето (ИСКЗ)

податоци, најсилниот земјотрес во епицентралното подрачје на Валандово е регистриран во 1931 година, со проценета магнитуда од 6.7 степени според Рихтеровата[6)] скала, т.е. со интензитет од 9 до 10 степени според MCS[7)] скалата. Се смета дека овој земјотрес има повратен период на појава од околу 500 години, така што во блиска иднина – во периодот на експлоатација на рударскиот комплекс од 15 години, постои исклучително мала веројатност од појава на толку силен земјотрес. Земјотреси со интензитет од 6 до 7 степени, и од 7 до 8 степени според MCS скалата, би имале повратен период од 100 години, т.е. од 200 години, респективно.

Согласно позитивното законодавство за градење во Република Македонија, основните барања за проектирање на градбите се однесуваат меѓудругото на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита. Според тоа, сите градби во опфатот на рударскиот комплекс, вклучувајќи ги хидротехничките објекти (брани и езера) и придружната хидротехничка инфраструктура (цевоводни системи) се проектирани според принципите на асеизмичка изградба, а согласно спроведени инженерско-геолошки и геомеханички истражувања, видот на категорија на објекти на која припаѓаат и сеизмичките карактеристики на проектното подрачје. При проектирањето на одлагалиштето и неговата заштитна подлога, хидротехничките објекти – браните и градбите во состав на преработувачкиот комплекс, земени се во предвид евентуални сеизмички товари кои одговараат на зона на сеизмичка активност од 9 до 10 степени според MCS скалата, што имплицира дека истите ќе бидат сеизмички отпорни, без појава на конструктивни оштетувања и рушење и при најсилни очекувани земјотреси.

Овој пристап обезбедува сигурност дека во текот на градежните работи и во текот на употребата на градбите и опремата нема да дојде до нарушување на механичката отпорност, стабилност и сеизмичката заштита на секоја од градбите, а особено дека нема да дојде до:

- рушење на целата или дел од градбата,
- оштетување на носивите делови од градбата, темелната основа или технолошката опрема како резултат на големи деформации на носивата конструкција на градбата, и
- несразмерно големи деформации и оштетувања на градбите поради веројатните земјотресни настани.

Дополнителна гаранција за соодветната сеизмичка заштита на градбите во рамките на рударскиот комплекс претставува обврската на инвеститорот САРДИЧ МЦ да обезбеди супер ревизија на техничката проектна документација и надзор и контрола при градењето и по изградбата, од страна на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (ИЗИИС) при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", Скопје, во својство на стручна институција од областа на заштита на објекти од сеизмички хазарди.

М-р Константин Сидеровски
Одговорен ОВЖС експерт

М-р Марјан Михајлов
Одговорен СОЖС и ОВЖС експерт

Билјана Сидеровска
ОВЖС експерт

---

[6)] Рихтеровата магнитудна скала (Чарлс Ф. Рихтер, САД, 1935 година) базира на декадниот логаритам на параметрите на земјотресните бранови. Оваа скала со распон до 9 степени се применува за локалните и блиските земјотреси.
[7)] MCS скала е сеизмичка скала која се користи за мерење на интензитетот на земјотресот. Таа ги мери ефектите од земјотресот. Скалата ги квантифицира ефектите на земјотресот на земјината површина, луѓето, објекти на природата, и структури направени од човекот на скала од 1 (неосетно) до 12 (целосно уништување).

# Прилог 12 Записник од јавната расправа

Влада на Република Македонија
Министерство за транспорт и врски

Министерство за транспорт и врски
МАКЕДОНИЈА ВО ДВИЖЕЊЕ

**ЗАПИСНИК**

од одржана јавна расправа за

Нацрт извештај за Стратегиска оцена на животната средина за

државна урбанистичка планска документација за Рудник за бакар во КО Валандово вон град и КО Казандол, општина Валандово

Записникот се изготвува согласно Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина(Сл.весник на РМ бр. 147/2008) и чл. 69 од Законот за заштита на животната средина (Сл.весник на РМ бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/07; 83/09; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15).

Согласно обврските дадени во Законот за животна средина и донесената Одлука за спроведување на стратегиска оцена (арх.бр.24-4280/2 од 13.03.2015 год.), Министерство за транспорт и врски како доносител на планскиот документ, спроведе стратегиска оцена на животната средина за ДУПД за Рудник за бакар во КО Валандово вон град и КО Казандол, општина Валандово.

Нацрт извештајот за стратегиска оцена беше ставен на јавен увид при што истиот беше објавен на интернет страната на министерството (www.mtc.gov.mk) на 16.03.2015 година. Дополнително, во дневниот весник Дневник беше дадена јавна објава со информација за нацрт извештајот и детали за времето на одржување на јавна расправа, како и повик за доставување на забелешки од целата заинтересирана јавност.

Јавната расправа се одржа во просториите на Домот на културата во општина Валандов, на ден 30.03.2015 год. во 11.30 часот. На јавната расправа беа присутни претставници на доносителот на планскиот документ, претставници на инвеститорот, изработувачот на извештајот, претставници на локалната самоуправа, претставници на локални невладини организации, заинтересирани граѓани и други гости. Во прилог на овој извештај е листа на присутни на јавната расправа.

По презентацијата на планскиот документ од страна на изработувачот, консултантот за стратегиска оцена (М.Михајлов) го презентираше нацрт извештајот пред присутните. Тој ги запозна присутните со целите на стратегиската оцена, направи краток преглед на процедурата, она што досега е направено и она што претстои. Понатаму, тој се фокусираше на влијанијата и начинот на нивна оценка и притоа даде резиме на резултатите од анализата. Тој истакна дека не се идентификувани конфликти на планскиот документ со стратешките политики за развој и за заштита на животна средина, односно дека истиот е во насока со целите за развој поставени на национално, регионално и локално ниво. Во однос на просторното уредување, тој посочи на Просторниот план на РМ како документ од највисок ранг каде локацијата на рудникот е идентификувана како дел од зона за експлоатација на минерални суровини со што се дадени почетните насоки за уредување на просторот. Потоа, тој даде преглед на главните аспекти на животна средина кои нацрт извештајот ги анализира, истакнувајќи ја потребата од дополнителни детални анализи и истражувања

Влада на Република Македонија
Министерство за транспорт и врски

по одделни аспекти кои треба да бидат основа за следните анализи на подетално ниво во рамките на студијата за животна средина. На крај, тој даде резиме на мерките за заштита на животна средина идентификувани во нацрт извештајот кои треба да бидат земени во предвид при идните анализи на техничко ниво.

Министерство за транспорт и врски македонија во движење

По завршувањето на презентацијата на нацрт извештајот, збор се даде на присутните да дадат свои забелешки, прашања.

Првото прашање беше од претставник на Здружението на лозари кој го потенцираше доцното информирање за активностите поврзани со рудникот Казандол и посочи дека во Валандово веќе има еден рудник кој е затворен. При тоа, тој побара информација кој го има земено и дали се полни јаловина во тие окна што ги има под земјата.

Одговор на прашањето даде претставник фирмата изработувач на нацрт извештајот (К.Сидеровски). Во контекст на ова прашање тој посочи дека конкретен одговор не би можело да се добие бидејќи тема на оваа јавна расправа е една нова инвестиција која веќе беше претходно најавена како таква, а се однесува на конкретна локација за која беше презентиран урбанистички план и за која ќе се дадат анализите за животната средина. Притоа, тој го упати претставникот на здружението на лозари да се обрати пред се до Министерството за економија кое управува со минералните суровини и ги има познавањата околу ситуацијата околу која вие споменавте, рударската инспекција итн.

Второто прашање дојде од претставник на еколошко друштво Калинка кој праша каква е иднината на една од најеколошките средини во РМ со овој проект, каква е иднината за здравјето на граѓаните, каква е иднината на постоечкото земјоделие, како познат бренд еколошки-чисто земјоделско производство. Понатаму, тој кажа дека овој плански документ пред се е во конфликт со локалниот еколошки акционен план како и програмата за локален економски развој, истакнувајќи дека во нивната изработка учествувале сите од членовите на еколошкото друштво од разни здруженија од деловниот сектор, потоа институции, јавни претпријатија, општината преку јавни анкети за јавноста итн. Во таа насока, тој истакна дека во сите овие документи децидно и јасно е забележано дека земјоделието е основна стопанска дејност и наброени се приоритетите во нив, а од индустрии е предвидена само лесната индустрија, не е ни средна ниту тешка индустрија. Потоа тој посочи на растојанието - рударскиот комплекс е јужно од градот Валандово на 3,5 км, што било не повеќе од 1500-1800 м воздушна линија од средношколскиот центар-гимназијата, истакнувајќи дека Саса е на 12 км од Каменица, Бучим е на 11 км од Радовиш,а овој рудник е на 1,5 км воздушно од Валандово. На крај тој се осврна и на ризикот од загадување на подземните води и надземните од евентуално истекувања, поради што не можело да се исклучи и меѓуграничното загадување. Тој исто така истакна дека за Студијата за оценка на влијание на животната средина нема никакви податоци.

Прв одговор на ова прашање даде изработувачот на планската документација. " - Во однос на тоа дали Валандово може да има тешка или лесна индустрија планската документација е усогласена со просторниот план на РМ и со одредбите за просорно планирање на РМ. Од аспект на влијание на животната средина особено е поволна местоположбата во однос на ружата на ветрови во општина Валандово како и конфигурацијата на теренот. Доминантниот ветар во Валандово е северо-западен што значи главните ветрови ќе дуваат кон локацијата кон комплексот а не од него кон околината. Особено важна е конфигурацијата на теренот затоа што највисокиот дел ако разговараме ако е некој најзагрозен од влијанието е

Влада на Република Македонија
Министерство за транспорт и врски

Министерство за транспорт и врски
Македонија во движење

секако село Казандол кое е на 300 метри од границата на градежниот комплекс. Фактички највисоката точка на ритчестиот терен се наоѓа пред самото село Казандол. Самата местоположба е природна погодност на влијанија. Сите останати влијанија и сите мерки на заштита на подземните води, заштита на воздухот, заштита од бучава, сите мерки на заштита се предмет на разработка на студијата за оценка на влијание на животна средина. Ние во оваа фаза на ДУПД ќе ги детектираме и ги насочуваме мерките кои треба да се преземат и кои треба да се имаат во предвид при изработка како на студијата така и на основните проекти."

Кон овој одговор се надоврза со свое мислење и изработувачот на нацрт извештајот (М. Михајлов) истакнувајќи дека е разбирлива загриженоста, но истата во најголем дел се должи на недостиг на податоци. Нацрт Извештајот за стратегиска оценка е објавен исто како што е објавена и студијата. Двата документи 30 дена стојат за јавноста. Сите оние што се заинтересирани или засегнати може да го погледнат Извештајот и Студијата.

Второ дополнување кон одговорот даде г-инот Сидеровски потенцирајќи дека во општина Валандово е доставена копија од документите особено за студијата. Тие документи се јавни и достапни согласно управната постапка, истите ги има и на веб сајтот на Министерството така што таму може сите да се информираат.

Во насока на разјаснување на поставеното прашање, г-инот Михајлов истакна дека планската документација од аспект на користење на земјиште не е во конфликт со стратешките документи на општината бидејќи не зафаќа површини зафатени со земјоделство и лозарство поради што просторот на проектот нема да доведе до губење на површини со лозарство. Од аспект на водоснабдување тој посочи дека исто така не постојат конфликти што пак ќе биде елаборирано со презентацијата за студијата што следи.

Третото и последно прашање дојде од претставник на радио Валандово која праша кој закон дава право да се суспендираат стратешките документи на општина Валандово. Потоа таа коментираше на воведното излагање на претставникот на инвеститорот истакнувајќи дека граѓаните на општина Валандово не бараат посебно трудење од страна на инвеститорот, туку бараат гаранција за заштита на животната средина. Потоа таа праша дали има документ и кој го издал дека во овој локалитет нема историски наслаги од нашето богато минато. На крај таа коментираше на информација дека било извршено проширување на локалниот пат во општина Валандово.

Прв одговор на прашањето даде изработувачот на планската документација. "– Кога се изработувани урбанистичките документи во фазата на припрема на документацијата ние како планери се обраќаме до надлежните министерства и комуналните фирми од кои бараме податоци како за постоење на културно историски споменици, природни реткости, комунална инфраструктура. Имаме мислење од Министерството за култура во кое се кажува дека во предметниот плански опфат не постојат историски споменици од културно историско значење. Планската документација се изработува според прописите на РМ и условите за планирање на просторот кои ги издава Министерството за заштита на животната средина а ги изработува Агенцијата за просторно планирање и се основа за изработка на планската документација."

Дополнување даде и г-инот Сидеровски." - Не станува збор за суспендирање бидејќи институциите кои ги даваат мислењата се надлежни за спроведување на сите документи на национално ниво а општинските органи во секој случај имаат право да учествуваат во постапката за

Влада на Република Македонија
Министерство за транспорт и врски

донесување на планот и можат да си го кажат својот збор од аспект на локалниот интерес. Сето тоа е постапка која тече. Не станува збор за суспендирање на локалната самоуправа во никој случај".

Министерство за транспорт и врски
МАКЕДОНИЈА ВО ДВИЖЕЊЕ

Во однос на забелешката за проширувањето на локалниот пат, претставникот на инвеститорот, г-инот Сибиновски напомена дека проширувањето на патот не е започнато, туку истото ќе биде направено по одобрување на соодветната документација што се однесува на истото.

Записникот го водеше Вања Андонова-Министерство за транспорт и врски

Датум:30.03.2015год.

## Прилог 13 Листа на учесници на јавната расправа

СПИСОК НА ПРИСУТНИ НА ОДРЖАНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА ЗА ДРЖАВНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА Г1-ТЕШКА ИНДУСТРИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА РУДАРСКИ КОМПЛЕКС "КАЗАНДОЛ" ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА КАТОДЕН БАКАР, КО КАЗАНДОЛ И КО ВАЛАНДОВО ВО ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

**30-03-2015година**

| Ред. бр. | Име и Презиме | институција | потпис | тел.за контакт | е-маил адреса |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Вања Андонова | Министерство за транспорт и врски | [illegible] | | vanja.andonova@mtc.gov.mk |
| 2 | Бошко Сибиновски | Сардич МЦ ДООЕЛ | [illegible] | | bosko.sibinovski@sardichmc... |
| 3 | Тоне Тимов | Вектор 90 | [illegible] | | info@vektor9... |
| 4 | Славчо Монков | [illegible] | [illegible] | 00359 888 350 328 | [illegible] |
| 5 | Един Факиќ | ДТИРЗ | [illegible] | | edin.fakic@fez.g... |
| 6 | Марин Александров | резервоар Минерне | [illegible] | 070 712 400 | |
| 7 | Јасмина Петковска | МЖСПП | [illegible] | | j.petkovska@... |
| 8 | [illegible] | [illegible] | [illegible] | | |
| 9 | [illegible] Спасеновски | Консто | [illegible] | 070 219 735 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 10 | Геннадий Сагов | Сордис МЦ | | +385722721З1 | syehov.gm@gm |
| 11 | Игорь Богданов | Сардиз МЦ | | +99703308 17 | bisukz@gma |
| 12 | Георги Савов | Йонтех 2000 | | +359 ... 66604 | savov@iontec |
| 13 | Константин Сидеровски | Емпириа ЕМС Ск | | 075 240 885 | ksiderovski@gm |
| 14 | Милош Спасиќ | Сардиз МЦ | | 072 272 127 | milosh.spasich@ |
| 15 | Виолета Панзова | Динс | | 076-446-272 | vikipanzova@yahoo |
| 16 | Вера Најдева | Динс | | 076 446-762 | verajancevska@yahoo. |
| 17 | НАЗИМ АЛИТИ | МЖСПП | | 076-445-942 | nalitiз@gmail. |
| 18 | Занчев Горан | Општина Валандово | | 070 613 030 | |
| 19 | Илија Попов | ОПШТИНА ВАЛАНДОВО | | 077-749-252 | ile.sopov@yahoo.co |
| 20 | Илија МАТЕЕВ | ОПШТИНА ВАЛАНДОВО | | 071-615-424 | ilijamateev@valandovo.gov. |
| 21 | Ѓорге Стојчев | Комунален-Валандово | | 077-80-66-55 | |
| 22 | Илчо Танчев | Општина Валандово | | 071/909032 | ilco_tancev@hotmail.com. |
| 23 | Васил Узунов | Fiznes club UNLIMITet | | 078 322 112 | Vase_val@bit.mk |
| 24 | Боев Љупче | ЕД. Ком. | | 070/618-321 | |
| 25 | Стојанче Тасевски | ОПШТ. ВАЛАНДОВО | | 078/542-711 | stole.tasevski@outlook.com |
| 26 | Линдерков Воислав | МАК. ВРАНЕЦ Пијалок Валандово | | 070-554-113 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 27 | Дејан Маџиров | ПОЛИМАТ 13 - Богданци | [illegible] | 075 216 103 | dmadzirov@gmail.com |
| 28 | Сона Маџирова | општ. Богданци | [illegible] | 078 321 542 | urbanizam@bogdanci |
| 29 | Зоран [illegible] | [illegible] | [illegible] | 070 545 714 | [illegible]66@yahoo |
| 30 | Борис Танески | ЗИН Скопје | [illegible] | 070 253 024 | [illegible] |
| 31 | Станислав Миловановиќ | ЈОРД - Скопје | [illegible] | 070 231 913 | |
| 32 | Хаџи Јорданова Маја | Јорд Скопје | [illegible] | 070 246 836 | [illegible]@jord.com |
| 33 | | | | | |
| 34 | | | | | |
| 35 | | | | | |
| 36 | | | | | |
| 37 | | | | | |
| 38 | | | | | |
| 39 | | | | | |
| 40 | | | | | |
| 41 | | | | | |
| 42 | | | | | |
| 43 | | | | | |